- Почитувајте ги сите национални, државни и локални закони, прописи или уредби со кои се регулира начинот на постапување или одложување со отпадните течности (на пример: маслото, горивото, разладните средства, течноста кај сопирачките); филтерите; акумулаторите; и другите материи или делови. Палењето на запаливи течности или компоненти во други печки освен во специјално дизајнираните печки за таа намена, може да биде забрането со закон и може да доведе до изложеност на штетни гасови или пепел.
- Вршете соодветно сервисирање и одложување на системите за климатизација. Државните прописи може да побаруваат овластен сервисен центар за обновување и рециклирање на флуидот во ладилниците од клима уредите кои би можеле да и наштетат на атмосферата доколку им се дозволи да бидат ослободени.
- Проценете ја можноста за рециклирање на гуми, метал, пластика, стакло, гума и електронски компоненти кои може да бидат рециклирани во делови или целосно.
- Контактирајте го вашиот локален центар за рециклирање и животна средина, или вашиот John Deere трговец за информации во врска со правилниот начин на рециклирање или одложување на отпадот.

DX,DRAIN-A8-01JUN15

Безбедно сервисирање на системот за разладување



TS281—UN—15APR13

Наглото испуштање на течности под притисок од системот за ладење може да предизвика сериозни изгореници.

ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

НИКОГАШ не ставајте разладно средство кога моторот е прегреан. Почекајте моторот да се олади.

НИКОГАШ не вадете го капачето од експанзиониот резервоар кога разладното средство или моторот се жешки. Почекајте да се олади разладното средство на моторот пред да го вадите капачето.

ПОЛЕКА олабавувајте го капачето за да го намалите притисокот пред целосно да го извадите.

Додавајте разладно средство само кога моторот е исклучен.

OUO6075,0004E98-A8-26JUN20

Отстранување на акумулираните растителни остатоци




TS227—UN—15APR13

Наталожувањето на плевел и на растителни остатоци во моторниот простор, на моторот и во близината на подвижните делови претставува опасност од пожар. Често проверувајте ги и чистете ги овие делови. Пред извршувањето на било каква проверка или сервисирање, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

HX,9010SA,B-A8-23AUG97

Безбедно потпирање на машината



TS229—UN—23AUG88

Секогаш прво спуштете ја приклучената или дополнителната опрема на земја пред да работите на машината. Ако работата бара машината или приклучениот уред да бидат подигнати, тогаш обезбедете сигурно потпирање за нив. Ако бидат оставени во подигната положба, деловите што хидраулички се потпираат може да се спуштат или да попуштат.

Не ја потпирајте машината со блокови од згура, шупливи тули или со други материјали што можат да се здробат под константниот товар. Не работете под машината која е придржувана само со дигалка. Придржувајте се кон постапките препорачани во овој прирачник.

Кога се користат приклучни уреди или приклучна опрема заедно со машината, секогаш внимавајте на мерките за безбедност што се наведени во прирачниците за приклучните уреди или приклучната опрема.

DX,LOWER-A8-24FEB00

Безбедно зачувување на прикачувањата



TS219—UN—23AUG88


Зачуваните додатоци, како што се двојните тркала,

кафезните тркала и натоварувачите, може да паднат и да предизвикаат сериозни повреди или смрт.

Чувајте ги безбедно прикачувањата и приклучните уреди за да спречите паѓање. Децата и неовластени лица не смеат да бидат во близина на складишниот простор.

DX,STORE-A8-03MAR93

Безбедно сервисирајте ги погонските ремени



TS285—UN—23AUG88

Кога ги сервисирате погонските ремени, секогаш придржувајте се кон овие мерки за претпазливост:

- Избегнете сериозна повреда поради заплеткување на дланката или раката. Никогаш не обидувајте се да ги чистите, проверувате или нагодувате ремените додека машината работи. Секогаш исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
- Не обидувајте се да ги чистите ремените со запаливи растворувачи за чистење.

OUO6075,00026A4-A8-06FEB03

Безбедно ракувајте со електронските компоненти и држачи



TS249—UN—23AUG88

Неуспешноста во поставувањето или отстранувањето на електронски компоненти поставени на опремата може да предизвика сериозни повреди. Користете скала или платформа за полесно достигнување на секоја положба за монтирање. Користете цврсти и безбедни држачи за нозете и за рацете. Не поставувајте или отстранувајте компоненти во услови на влага или голомразица.

Ако поставувате или сервисирате РТК основна платформа качени на тврдина или друга висока структура, употребувајте сертификуван подигнувач.

Ако поставувате или сервисирате столб за приемник за глобално позиционирање на некој приклучен уред, употребувајте соодветни техники за подигнување и носете соодветна заштитна опрема. Столбот е тежок и може да биде незгоден за работа. Потребни се двајца луѓе во случај ако не се достапни положби за монтирање од земјата или од платформата за сервисирање.

DX,WW,RECEIVER-A8-24AUG10

Избегнување на несреќи при возење наназад




PC10857XW—UN—15APR13

Пред да ја движете машината, осигурете се дека на патеката за машината нема лица. Завртете се назад и гледајте директно за подобра видливост. Користете лице за сигнализација кога возете наназад доколку погледот Ви е попречен или кога возете во тесни места.

Не сметајте на камера за да одредите дали има некое лице или пречка зад машината. Системот може да биде ограничен од повеќе фактори вклучувајќи пракси на одржување, еколошки услови и работен опсег.

DX,AVOID,BACKOVER,ACCIDENTS-A8-30AUG10

Рикверц аларм




H97997—UN—15SEP10

A—Рикверц аларм

Ако повеќефункционалната рачка се подвижи наназад додека моторот работи, рикверц алармот (A) испраќа акустичен сигнал за да ги предупреди другите околу машината дека операторот вози во рикверц.

OUO6075,0004FAE-A8-15JAN21

Излез за итни случаи



H121321—UN—21APR17


Сигурносниот појас може да се исече и прозорското стакло скршено со чекан за излез од кабината во случај на опасност.

OUO6075,0004722-A8-21APR17

Безбедно ракување со акумулатори



TS204—UN—15APR13



TS203—UN—23AUG88

Гасот од акумулаторот може да експлодира. Држете искри и оган подалеку од акумулаторот. Користете џебна батерија за да го проверете нивото на електролити во акумулаторот.

Никогаш не проверувајте дали е полн акумулаторот со поставување на метален предмет на приклучоците. Користете волт-метар или хидрометар.

Секогаш отстранувајте го најпрво заземјениот (-) приклучок од акумулаторот и заменувајте го заземјениот приклучок последен.

Сулфурната киселина во електролитот на акумулаторот е отровна и доволно јака за да ја изгори кожата, да направи дупки во облеката и да предизвика слепило ако дојде во контакт со очите.

Избегнете опасности преку:

- Полнење на акумулаторите во добро проветрена просторија
- Носење на заштита за очи и гумени ракавици
- Избегнувајте употреба на воздушен притисок за да го чистете акумулаторот
- Избегнувајте вдишување на пареата што се ослободува кога се додава електролит
- Избегнувајте пролевање или капење на електролитите
- Користење на соодветна постапка за помошен акумулатор или полнач.

Ако киселината дојде во контакт со кожата или очите:

1. Обилно измијте ја кожата со вода.
2. За да помогнете да се неутрализира киселината, нанесете сода бикарбона или вар на оштетените места на кожата.
3. Мијте ги очите со вода 15—30 минути. Веднаш побарајте медицинска помош.

Ако случајно се проголта киселина:

1. Во никој случај не предизвикувајте повраќање.
2. Пијте големи количини на вода или млеко; но не повеќе од 2 L (2 qt).
3. Веднаш побарајте медицинска помош.


ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Кутиите на акумулаторите, приклучоците и поврзаните додатни опреми содржат олово и соединенија на олово, хемикалии познати на државата Калифорнија дека предизвикуваат рак и го оштетуваат репродуктивниот систем. **Измијте ги рацете по работата.**

DX,WW,BATTERIES-A8-02DEC10


Безбедно чистење на филтерот за издувни гасови



TS227—UN—15APR13



TS271—UN—23AUG88



TS1693—UN—09DEC09

За време на чистењето на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи темеператури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.

Држете ја машината подалеку од луѓе, животни или структури кое може да бидат оштетени од жешките издувни гасови или компонентите. Избегнувајте потенцијални пожари или опасности од експлозии од запаливи материјали и пареа од издувните гасови. Држете го отворот за издувни гасови подалеку од луѓе и од работи кои можат да се стопат, запалат или експлодираат.

Набљудувајте ја машината и околниот простор за отпадок од тлеење за време на и по завршувањето на чистењето на филтерот на издувните гасови.

Додавањето на гориво додека работи моторот може да предизвика пожат или опасност од експлозија. Секогаш исклучете го моторот пред полнење на машината со гориво и исчистете го истуреното гориво.

Секогаш осигурете се дека моторот е исклучен кога ја влечете машината на камион или приколка.

Допирот со компонентите на издувниот систем додека е жешок може да предизвика сериозни лични повреди.

Избегнувајте контакт со овие компоненти додека тие се изладат на безбедна температура.

Ако постапката за сервисирање има потреба од моторот да работи:

- Вклучете ги само оние погонски делови кои се наведени во постапката за сервисирање
- Осигурете се дека нема други лица во близина на платформата на возачот и машината


Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од погонските делови.

Секогаш оневозможете го движењето (неутрална положба), вклучете ја сопирачката или механизмот за паркирање и исклучете го напонот кон приклучните уреди или алатките пред да ја напуштите платформата на возачот.

Исклучете го моторот и извадете го клучот (ако постои) пред да ја оставете машината без надзор.

OUO6075,0000E81-A8-07FEB12

Избегнувајте ги врелите издувни гасови



RG17488—UN—21AUG09

Сервисирање на машината или на приклучните уреди додека работи моторот може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.


Деловите на издувните гасови и самите гасови постануваат врели во текот на работењето. Издувните гасови и делови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.

DX,EXHAUST-A8-20AUG09

Систем за присуство на оператор и систем на ротационен аларм

Системот за присуство на оператор го покажува присуството на операторот. Кога операторот не е на седиштето, системот спречува вклучување на следниве системи:

- Сепаратор
- Хедер
- Сврделот за празнење
- AutoTrac™



H125008—UN—25SEP18

Ако операторот го напушти седиштето повеќе од 5 секунди со вклучен хедер и/или вклучен сепаратор, хедерот и сврделот за празнење автоматски се исклучуваат. По 11 секунди, сепараторот и погонот (само кај ProDrive™ и ProDrive™ XL) се исклучуваат. Ако операторот остане надвор од седиштето, функциите за жнеење се исклучуваат. Светлата трепкаат и се огласува аларм додека не престанат функциите за жнеење. Моторот ќе продолжи да работи.

За рестартирање на функциите, операторот мора да се врати во седиштето и повторно да ги вклучи сите функции.

OUO6075,00050B3-A8-14MAY21

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

Сликовити безбедносни знаци




TS231—A8—23APR14

На неколку важни места на оваа машина ставени се безбедносни знаци со цел да означат потенцијални опасности. Опасноста е претставена преку слика во предупредувачки триаголник. Соседната слика дава информации за како да се избегне лична повреда. Овие безбедносни знаци, нивната поставеност на машината и краток опис се прикажани подолу.

OUO6075,0001163-A8-19JUN12

Заменете ги знаците за безбедност




TS201—UN—15APR13

Заменете ги изгубените или оштетените знаци за безбедност. Употребете го овој прирачник за користење за точно поставување на знаците за безбедност.

Може да постои дополнителна безбедносна информација наведена на деловите и компонентите кои доаѓаат од снабдувачите, кои не се вклучени во овој прирачник.

DX,SIGNS-A8-18AUG09

Предни налепници



H133907—UN—31MAR21

Налепница A (врати за проверка на куќиштето за достава)




SSHXE137549XE—UN—22JAN20

Налепница A

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата се наоѓа помеѓу вратите за проверка.

Избегнете озбилни повреди поради допир со подвижни делови. Не отварајте ја вратата за проверка додека не запрат сите движења во доставната комора.

Налепница B (акумулатор)




SSHXE147362XE—UN—21JAN20

Налепница B

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата се наоѓа на акумулаторот на носачот на кабината и само на машини со пренос ProDrive™.

Избегнете повреда од предизвика движење на машината и изложеност на течноста под притисок. Посетете го трговецот за упатство за испуштање на притисокот пред сервисирање на системот.

Налепница C (хидраулично масло и гас под притисок)



SSHXE147014XE—UN—21JAN20

Налепница C

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата се наоѓа на носачот на кабината и само на машини со пренос ProDrive™.

Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.

Налепница D (паркирна сопирачка)



SSHXE122761XE—UN—23JAN20

Налепница D

1. Спојте ги педалите за сопирање пред да возите по пат.
2. Активирајте ја моторната паркирна сопирачка пред напуштање на кабината.
3. Исклучете ја паркирната сопирачка пред придвижување на машината.

Налепница E (избегнувајте ниски електрични водови)



SSHXE160769XE—UN—23JAN20

Налепница E

Избегнувајте сериозна повреда или смрт од струен удар. Не ги допирајте електричните водови.

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

Спуштете ги капаците на резервоарот за жито кога работите во близина на електрични водови.

Налепница F (резервоар за жито)




SSL64995XE—UN—22JAN20

Налепница F

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Не влегувајте во резервоарот за зрна во овој дел.


OUO6075,00050A3-A8-12APR21

Приказ на налепниците на куќиштето за достава од лево



H133908—UN—31MAR21

Налепница A (рамка за навалување на куќиштето за достава)



SSH154128XE—UN—22JAN20

Налепница A

Хедерот може да се навали. Избегнете повреди од згмечување. Стоите на страна додека моторот работи.

Налепница B (штитник на куќиштето за достава)



SSZ60326XE—UN—22JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Никогаш не подигајте го штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Налепница C (безбедносен запирач на куќиштето за достава)




SSHXE123797—UN—06APR21

Налепница C

ЗАБЕЛЕШКА: Има налепници на надворешната и на внатрешната страна на штитникот.

Избегнете повреда од згмечување. Поставете го хедерот на земја, или поставете ја безбедбиосната сопирачка, сместена на цилиндерот за подигнување на доставната комора пред да пристапите под хедерот.

Налепница D (хидраулично масло и гас под притисок)



SSHXE147014XE—UN—21JAN20

Налепница D

Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.


Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00050A6-A8-12APR21

Налепници на левата страна на кабината и налепници на скалата за кабина



H133923—UN—31MAR21

Налепница A (сигурносен појас)



SSHXE122760XE—UN—22JAN20

Налепница A

Помошното седиште е предвидено само за обучувачи или при дијагностицирање на проблеми со машината. Не возете други патници и деца. Секогаш користете безбедносен ремен кога работите со машината или кога се возите како набљудувач.

Налепница B (скала за пристап до кабина/платформа)




SSL64995XE—UN—22JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Не качувајте се на скалите додека комбајнот се движи.

Налепница C (избегнување на судири со моторни возила)



SSH174284XE—UN—22JAN20

Налепница C

Избегнувајте судар со друго мотроно возило и сериозна повреда или смрт. Скалата секогаш да биде свртена во предна заклучена положба пред да го возите комбајнот по јавни патишта.

OUO6075,00050A7-A8-31MAR21

Налепници од лево



H133910—UN—09APR21

Налепница A (избегнување на резервоарот за жито)




SSHXE123803XE—UN—21JAN20

Налепница A

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Немојте да стоите или да се шетате на просторот што го покрива резервоарот за зрна.

Налепница B (двојни тркала) (ако има во опрема)



SSHXE150074XE—UN—21JAN20

Налепница B

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата е на двојните тркала.

- Дуплите тркала имаат изместен центар на тежина. За избегнување повреди, две лица мора да ги инсталираат и отстрануваат тркалата користејќи ги пилот нитните.
- Користете дигалка за подигнување на машината. Поставете ја машината на блокови. Поставете ги сите завртки на тркала пред да ја спуштите машината на земја.
- Погледнете го Прирачникот за работа

Налепница C (лева кутија со алат или штитник)



SSZ60326XE—UN—22JAN20

Налепница C

Избегнете сериозна повреда поради заплеткување. Никогаш не подигајте го штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Налепница D (врати за чистење на резервоарот за жито)




SSHXE137549XE—UN—22JAN20

Налепница D

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Сопрете го моторот и отстранете го клучот пред да ги отворате вратите за чистење.

Налепница E и F (хидраулично масло и гас под притисок)



SSHXE147014XE—UN—21JAN20

Налепница E и F

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата E е на машините S760 и S770, а налепницата F е на машините S780, S785 и S790.


Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.

Налепница G (кутија за акумулаторот)



SSHXE137560XE—UN—21JAN20

Налепница G

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата ја има на машините S780, S785 и S790.

Избегнете сериозна повреда или смрт од експлозија. Можат да се насоберат високи нивоа на водороден гас ако кутијата за акумулаторот нема соодветна вентилација. Секогаш поставете ги цевките за вентилација по извршеното сервисирање или

одржување на акумулаторите или на кутијата за акумулаторот.


OUO6075,00050B6-A8-07APR21

Продолжение на налепници од лево



H133911—UN—09APR21

Налепница A (акумулатор)




SSHXE147362XE—UN—21JAN20

Налепница A

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата ја има на машините S760 и S770.

Избегнете повреда од предизвика движење на машината и изложеност на течноста под притисок. Посетете го трговецот за упатство за испуштање на притисокот пред сервисирање на системот.

Налепница B (систем на воздушен компресор) (ако има во опрема)



SSHXE94451XE—UN—23JAN20

Налепница B

Моторните компоненти се вртат во текот на работата на воздушниот компресор. Кога го користите системот на воздушниот компресор, избегнувајте ги деловите што се движат.

Воздушниот систем при висок притисок може да исфрли нечистотии или парчиња. Носете заштитна опрема. Пред сервисирање на воздушниот систем, погледнете го прирачникот за работа.

Налепница C (врата за проверка на одделувачот)




SSHXE137549XE—UN—22JAN20

Налепница C

Избегнете озбилни повреди поради допир со подвижни делови. Не ја отварајте вратата за проверка додека не запрат сите движења во одделувачот.

Налепница D (температура на издув) (конечно ниво 4/фаза V)



SSHXE69987XE—UN—23JAN20

Налепница D

Деловите на издувниот систем може да се жешки. Држете се настрана од деловите на издувниот систем за да избегнете посериозни изгореници.

Налепница E (погонски преклопен сврдел за празнење)



SSHXE150359XE—UN—22JAN20

Налепница E

Ако придвижувачот на сврделот за празнење откаже, поставете го клинот за блокирање на сврделот за празнење во заклучена положба.


Користете ја скалата или нешто слично со соодветна носивост за да дојдете до клинот за блокирање. Не обидувајте се да пристапите до сврделот од платформата на моторот.

Избегнете телесни повреди од спојните елементи на сврделот за празнење.

Држете ги дланките подалеку од точките на приклештување кога актуаторот се отстранува при што може да дојде до несакано движење на сврделот за празнење.

OUO6075,00050A9-A8-12APR21

Налепници од лево за остатоци (сецкач)



H133984—UN—06APR21

Налепница A (разлетани остатоци од сецкач)



SSHXE137555XE—UN—22JAN20

Налепница A

Избегнете сериозна повреда од исфрлени предмети. Стојте подалеку додека моторот работи.

Налепница B (сечила на сецкач)




SSHXE159567XE—UN—22JAN20

Налепница B

Кога ги допирате сечилата на сецкачот, внимавајте за да избегнете сериозни повреди. Дробилката ротира во позиција за откос. Стојте подалеку.

OUO6075,00050AA-A8-06APR21

Налепници на левата страна за остатоци (распространувач)



H133986—UN—06APR21

Налепница A (заклучување на распространувачот)



SSHXE150334—UN—06APR21

Налепница A

Избегнете сериозна повреда или смрт поради згмечување. Пред сервисирање или одржување на подигнат распространувач, целосно вметнете го клинот за блокирање во неговото место.

Налепница B (остатоци од распространувачот што излетуваат)




SSHXE137555XE—UN—22JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда од исфрлени предмети. Стојте подалеку додека моторот работи.

OUO6075,00050AB-A8-06APR21

Налепници назад и налепници на моторот



H133924—UN—09APR21

Налепница A (разлетани остатоци од сецкач)



SSHXE137555XE—UN—22JAN20

Налепница A

Избегнете сериозна повреда од исфрлени предмети. Стојте подалеку додека моторот работи.

Налепница B (резервоар за жито)




SSHXE123805XE—UN—23JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Не влегувајте во резервоарот за зрна додека моторот работи.

Налепница C (систем на воздушен компресор) (ако има во опрема)



SSHXE94451XE—UN—23JAN20

Налепница C

Моторните компоненти се вртат во текот на работата на воздушниот компресор. Кога го користите системот на воздушниот компресор, избегнувајте ги деловите што се движат.

Воздушниот систем при висок притисок може да исфрли нечистотии или парчиња. Носете заштитна опрема. Пред сервисирање на воздушниот систем, погледнете го прирачникот за работа.

Налепница D (избегнувајте пожари)



SSFH309021XE—UN—21JAN20

Налепница D

Избегнувајте пожари на опремата. Насобирањето плева, листови или друг материјал од посевот во одделот на моторот, на моторот или во близина на движечките делови може да предизвика пожар. Често проверувајте и чистете ги овие површини.

Налепница E (задна скала за пристап и сервисна платформа




SSL64995XE—UN—22JAN20

Налепница E

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Не се качувајте на скалите додека машината се движи.

OUO6075,00050AC-A8-09APR21

Налепници од десно за остатоци (сецкач)



H133985—UN—06APR21

Налепница A (разлетани остатоци од сецкач)



SSHXE137555XE—UN—22JAN20

Налепница A

Избегнете сериозна повреда од исфрлени предмети. Стојте подалеку додека моторот работи.

Налепница B (сечила на сецкач)




SSHXE159567XE—UN—22JAN20

Налепница B

Кога ги допирате сечилата на сецкачот, внимавајте за да избегнете сериозни повреди. Дробилката ротира во позиција за откос. Стојте подалеку.

OUO6075,00050AD-A8-06APR21

Налепници на десната страна за остатоци (распространувач)



H133987—UN—06APR21

Налепница A (заклучување на распространувачот)



SSHXE150334—UN—06APR21

Налепница A

Избегнете сериозна повреда или смрт поради згмечување. Пред сервисирање или одржување на подигнат распространувач, целосно вметнете го клинот за блокирање во неговото место.

Налепница B (остатоци од распространувачот што излетуваат)




SSHXE137555XE—UN—22JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда од исфрлени предмети. Стојте подалеку додека моторот работи.

OUO6075,00050AE-A8-06APR21

Налепници од десно



H133917—UN—09APR21

Налепница A (врата на ротационата решетка и вентилатор на радијаторот)



SSHXE137549XE—UN—22JAN20

Налепница A

Избегнете телесни повреди од ротирачкиот фен и од елементите на решетката. Исклучете го моторот и извадете го клучот пред да ја отворите вратата на ротационата решетка.

Налепница B (избегнувајте го резервоарот за жито)




SSHXE123803XE—UN—21JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Немојте да стоите или да се шетате на просторот што го покрива резервоарот за зрна.

Налепница C (боца на компресорот за воздух) (ако има во опрема)




SSHXE147362XE—UN—21JAN20

Налепница C

Боца со воздух под висок притисок. Носете лична заштитна опрема, додека сервисирате. Пред сервисирање, ослободете го целиот систем од воздушен притисок.

Налепница D (кутија за акумулаторот)




SSHXE137560XE—UN—21JAN20

Налепница D

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата ја има на машините S760 и S770.

Избегнете сериозна повреда или смрт од експлозија. Можат да се насоберат високи нивоа на водороден гас ако кутијата за акумулаторот нема соодветна вентилација. Секогаш поставете ги цевките за вентилација по извршеното сервисирање или одржување на акумулаторите или на кутијата за акумулаторот.

Налепница E (ласер на сензор кај лифт за плева)



SSHXE151091XE—UN—21JAN20

Налепница E (на 2 места)

ЗАБЕЛЕШКА: Локацијата на налепниците варира во зависност од стилот на лифтот за плева.

Избегнувајте изложување на очите. Извадете го клучот при сервисирање.

Налепница F (камера на лифт за плева) и налепница G (камера кај лифт за чисто жито или заобиколување на сензор за влажност)



SSHXE172410XE—UN—22MAR21

Налепница F и G

ЗАБЕЛЕШКА: Локацијата на налепницата F варира во зависност од стилот на лифтот за плева.

Избегнете сериозна повреда поради заплеткување со сврделот за заобиколување. Изгасете го моторот и извадете го клучот пред чистење.

Налепница H (лифт за чисто жито)




SSZ60326XE—UN—22JAN20

Налепница H

Избегнете сериозна повреда поради заплеткување. Никогаш не подигајте го штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Налепница I (двојни тркала) (ако има во опрема)



SSHXE150074XE—UN—21JAN20


Налепница I

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата е на двојните тркала.

- Дуплите тркала имаат изместен центар на тежина. За избегнување повреди, две лица мора да ги инсталираат и отстрануваат тркалата користејќи ги пилот нитните.
- Користете дигалка за подигнување на машината. Поставете ја машината на блокови. Поставете ги сите завртки на тркала пред да ја спуштите машината на земја.
- Погледнете го прирачникот за работа.

OUO6075,00050AF-A8-24MAY21

Продолжение на налепници на кабината од десно и налепници од десно



H133922—UN—01APR21

Налепница A (поправка и одржување)



SSZ59872XE—UN—22JAN20

Налепница A

Пред извршувањето на поправка и сервисирање, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Користете те го прирачникот за корисникот за сите работи за одржување.

Налепница B (излез за итни случаи)



SSHXE161095XE—UN—27FEB20

Налепница B

Сигурносниот појас може да се исече и прозорското стакло скршено со чекан за излез од кабината во случај на опасност. Обратете му се на Вашиот трговец со John Deere опрема ако треба да го замените прозорецот.

Налепница C (прирачник за работа)




SSCC40740XE—UN—22JAN20

Налепница C

Овој прирачник за користење ги содржи сите важни информации потребни за безбедна работа со машината. Внимателно почитувајте ги сите правила за безбедност за да избегнете несреќи.

Налепница D (хидраулично масло и гас под притисок)



SSHXE147014XE—UN—21JAN20

Налепница D

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата се наоѓа на вратата што ги блокира камењата и само на машини со пренос ProDrive™.


Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.

Налепница E (акумулатор)



SSHXE147362XE—UN—21JAN20

Налепница E

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата се наоѓа само на машини со пренос ProDrive™.

Избегнете повреда од предизвика движење на машината и изложеност на течноста под притисок.

Посетете го трговецот за упатство за испуштање на притисокот пред сервисирање на системот.

Налепница F (собирач на камења)



SSHXE137549XE—UN—22JAN20


Налепница F

Избегнете сериозна повреда поради заплеткување со влезниот акцелератор. Влезниот акцелератор се вртки кога сепараторот е вклучен и ќе продолжи да се врти и по неговото исклучување. Не го чистите собирачот на камења сè додека не престанат сите движења на сепараторот.

OUO6075,00050B0-A8-12APR21

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

Приказ на налепниците на куќиштето за достава од десно



H133919—UN—31MAR21

Налепница A (рамка за навалување на куќиштето за достава)



SSH154128XE—UN—22JAN20

Налепница A

Хедерот може да се навали. Избегнете повреди од згмечување. Стоите на страна додека моторот работи.

Налепница B (безбедносен запирач на куќиштето за достава)



SSHXE123797—UN—06APR21

Налепница B

ЗАБЕЛЕШКА: Има налепници на надворешната и на внатрешната страна на штитникот.

Избегнете повреда од згмечување. Поставете го хедерот на земја, или поставете ја безбедбиосната сопирачка, сместена на цилиндерот за подигнување на доставната комора пред да пристапите под хедерот.

Налепница C (штитник на погонот на носачот на куќиштето за достава)




SSHXE152718XE—UN—20APR21

Налепница C

Избегнете сериозна повреда заради заплеткување на синџирот. Никогаш не подигајте го штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Налепница D (резе кај доставната плоча на доставната комора)



SSHXE159942—UN—06APR21


Налепница D

ЗАБЕЛЕШКА: Налепницата се наоѓа на внатрешната и надворешната страна на штитникот на куќиштето за достава и до рачката на плочата за достава.

Избегнете повреда од згмечување. Поставете го хедерот на земја, или поставете ја безбедбиосната сопирачка, сместена на цилиндерот за подигнување на доставната комора пред да пристапите под хедерот.

OUO6075,00050B1-A8-20APR21

Налепници одозгора



H133920—UN—31MAR21

Налепница A (сврдел за товарење на чисто жито)



SSHXE137549XE—UN—22JAN20

Налепница A

Внимавајте за да избегнете телесни повреди од ротациониот сврдел и од компонентите:

Исклучете го моторот и извадете го клучот пред да ја отворате или затворате спиралата.

Не ставајте ги рацете во точките на приклештување кога го затворате сврделот.

Налепница B (избегнувајте го сврделот за товарење на чисто жито)




SSZ60327XE—UN—22JAN20

Налепница B

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Не влегувајте во резервоарот за зрна додека моторот работи.

Налепница C (систем за ладење)




SSHXE123802—UN—06APR21

Налепница C

Систем за разладување под притисок. За да избегнете повреди од изгореници заради неконтролирано ослободување на пареа и врело разладно средство:

1. Почекајте системот да се олади.
2. Бавно олабавете го капакот.
3. Оставете притисокот да се намали пред да го извадите капакот.

Налепница D (хидраулично масло и гас под притисок)



SSHXE147014XE—UN—21JAN20

Налепница D

Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.

Налепница E (температура на издув) (конечно ниво 4/фаза V)



SSHXE69987XE—UN—23JAN20


Налепница E

Деловите на издувниот систем може да се жешки. Држете се настрана од деловите на издувниот систем за да избегнете посериозни изгореници.

OUO6075,00050B2-A8-05APR21

Работна станица

Тип на радија (изборно)



H133675—UN—11MAR21

Главни карактеристики	AM/FM Радио	Помошен (ако има во опремата)	USB (ако има во опремата)	Bluetooth®	Подготвено сателитско радио	DAB+
Делукс радио систем	X	X				
Премиум радио систем	X	X	X	X[a]	X[b]	X[c]

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG
[a]Bluetooth® може да не е достапен на сите локации.
[b]Не е достапно во Европа.
[c]Не е достапно во Северна Америка.

OUO6075,000501B-A8-08APR21

Дополнителни радио уреди

ВАЖНО: Ако монтирате или заменувате некој дополнителен радио уред, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации.

OUO6075,0000B6E-A8-21MAR11


Радио програма за локална фреквенција

ЗАБЕЛЕШКА: Ако за радиото е потребен приемник за различна фреквенција, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации.

Бранови подрачја (Соединетите држави / Канада)		Бранови подрачја (сите други земји)	
FM	87.7—107.9 MHz	UKW (FM)	87.5—108.0 MHz
AM	530 - 1710 kHz	MW	522 - 1629 kHz
WX	162.4—162.55 MHz	LW	153 - 279 kHz

OUO6075,0004584-A8-18JAN17

Команди на радиото




H127145—UN—05SEP19

A—Телефон
B—УСБ
C—Преден AUX влез
D—SCAN/ASCN
E—Блок копчиња (1 - 6)
F—ПРЕДХОДНО
G—СЛЕДНО
H—Гласност/безгласност/мени/Ок
I—Избор на извор (SRC)/PWR/ESC
J—DISP

ЗАБЕЛЕШКА: За повеќе информации, погледнете во прирачникот за работа со радиото.

OUO6075,000501C-A8-10MAR21

Радио антена (дизајн A)



H117993—UN—01APR16


A—Радио антена
B—Држач

ВАЖНО: Доколку не го користите радиото или машината се транспортира, спуштете ја радио антената и прицврстете ја со закачалката за неа. Доколку не е достапен прицврстен елемент, прицврстете ја радио антената на кровот од кабината со леплива лента.

Извадете ја радио антената (A) од закачалката (B) кога го користите радиото.

OUO6075,00050D9-A8-28APR21

Радио антена (дизајн B)



H133893—UN—30MAR21

A—Радио антена

Работа во поле

ВАЖНО: За да спречите оштетување, зашрафете ја радио антената во основата со рачна сила.

Зашрафете ја радио антената (A) во основата кога сакате да го користите радиото.


Транспорт по пат или транспорт со приколка

ВАЖНО: Ако радиото нема да се користи или машината се транспортира, извадете ја радио антената и ставете ја во преградата во која е складиран и прирачникот, сместена зад седиштето на операторот.

Отшрафете ја радио антената (A) од основата кога машината се транспортира и ставете ја во преградата во која е складиран и прирачникот, сместена зад седиштето на операторот.

OUO6075,0005093-A8-14MAY21

Комуникации/CB електричната мрежа на радио



H118079—UN—19JAN17

Низа на помошни излези за напојување

ЗАБЕЛЕШКА: Максимална комбинирана потрошувачка на струја за напојувањето преку контактен клуч е 20 ампери и врзано директно на клема е 30 ампери.

- Контактната папуча (A) цело време е директно со позитивно напојување.
- Контактната папуча (B) е на маса.
- Контактната папуча (C) е помошно напојување (контактен клуч ВКЛУЧЕН).


Препорачливо е да се користат контактни папучи (A) и (B) за обезебедување на напојување и маса на 2-насочното радио со голема потрошувачка на струја. Ова бара операторот рачно да го исклучи напојувањето за 2-насочното радио или да го користи прекинувачот за исклучување на акумулаторот на крајот од денот.

Препорачливо е да се користат контактни папучи (B) и (C) за обезебедување на напојување и маса на 2-насочното радио со вообичаена потрошувачка на струја. Кога прекинувачот ќе го заврти контактниот клуч во OFF, напојувањето на 2-насочното радио исто така е OFF (ИСКЛУЧЕНО).


За дополнителни информации, видете го вашиот трговец со John Deere.

OUO6075,0004895-A8-07FEB18

Монтирање на комуникации/CB радио




H119749—UN—31OCT16



H119854—UN—31OCT16

Отвор за антенски кабел (локација за делукс кабина)



H119851—UN—31OCT16

Отвор за антенски кабел (локација за премиум кабина)

A—Точка за монтирање на антената
B—Чеп

ВАЖНО: Не поставувајте радио кое има потреба од повеќе од 3 ампери или во спротивно може да настане дефект во електричниот систем.

За да инсталирате дополнително радио за комуникација, посетете го вашиот трговец на John Deere за понатамошни информации.

Монтажата за антената (A) се наоѓа во центарот на кабинскиот кров.

1. Отстранете капачето за заштита од прав од антенската основа.
2. Отстранете ја месинганата навртка од антенската основа.
3. Фрлете ја гумената подлошка.
4. Повторно поставете ја основата на антената така што O-прстенот ќе биде насочен надолу.
5. Поставете ја антената.


Антенскиот кабел се наоѓа внатре во конзолата од десната страна.

1. Отстранете фо чепот (B) од разните прикажани места.
2. Отстранете го држачот за чаша и најдете го антенскиот кабел.
3. Насочете го антенскиот кабел низ отворот на дупката.



H101604—UN—18MAY11

Задна аголна позиција (десно назад)



H101603—UN—18MAY11

Локација за делукс кабина / Локација за премиум кабина


ВАЖНО: Капакот на аголниот постамент мора да се отстрани пред дупчење. Внимавајте да не ги оштетите кабелскиот сноп и цревата за разладното средство во прикажаните положби кога дупчите отвори или поставувате машински делови.

Употребете ги доставените држачи од производителот како шаблон за пронаоѓање на отворите и издупчете ги отворите по потреба во различните положби, како што е прикажано. За да го монтирате носачот, употребете завртки со само зацврстување или завртки со глава и навртки.

ЗАБЕЛЕШКА: Одредени опсези на емитување може да предизвикаат пречки на приемникот за положба. Изберете различен опсег за емитување или посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема ако се забележи губење на сигналот од приемникот за положбата.


OUO6075,000439C-A8-31OCT16

Позиции за скалата за кабина



H96381—UN—14MAY10

Позиции за скала (конфигурација со единечна гума)



H96380—UN—14MAY10

Позиции за скала (конфигурација со двојна гума)

A—Рачка
B—Рачка
C—Положба за теренска работа
D—Положба за возење по јавни патишта

ВНИМАНИЕ: Не возете се и не обидувајте се да се искачите на предните или на задните скали додека машината се движи.

Скалата може да биде позиционирана од земја или од приземјувачкиот дел на скалата со рачката (A) или рачката (B).

Ако резето на скалилата изгледа лабаво, исчистете го местото околу клинот на резето. Во овој дел не употребувајте масло или маст.

Свртете ги скалите на напред или на назад и блокирајте ги во следниве различни положби:

- **Позиција (C):** е за нормални работни услови на работа.
- **Позиција (D):** е за превоз на машината по јавни патишта.

ВНИМАНИЕ: Секогаш свртете ја скалата во положба (D) пред транспорт на јавни патишта за да се намали ширината на машината и за да се насочат светлата за означување/ опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

OUO6075,0004563-A8-08DEC16

Противпожарен апарат (Европа)



H92841—UN—16SEP08

Противпожарен апарат за општа намена со прав / течност

ВНИМАНИЕ: Противпожарните апарати мора да ги исполнуваат законите и прописите на локалната власт:

- **Противпожарен апарат за општа намена со прав кој е најмалку 6 kg (13 lb)**
- **Течен противпожарен апарат под притисок (ако има во опрема) со минимална зафатнина од 8 L (2.1 gal)**

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да варираат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена со прав и течен противпожарен апарат под притисок со монтажни држачи се инсталирани на вашата машина.

Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите за тоа како да ги користите и одржувате. Штом еднаш противпожарниот апарат ќе се испразни, без разлика за колку долго, тој мора да биде повторно наполнет или заменет.

ВАЖНО: Течниот противпожарен апарат под притисок не смее да биде изложен на замрзнувачки температури, освен ако е заштитен со средство против замрзнување. Погледнете ги инструкциите на ознаката на противпожарниот апарат за понатамошни информации.

OUO6075,00042F6-A8-20JUN16

Противпожарни апарати (Австралија и Нов Зеланд)



H117754—UN—17MAR16

Противпожарен апарат за општа намена со прав / течност

ВНИМАНИЕ: Противпожарните апарати мора да ги исполнуваат законите и прописите на локалната власт:

- **Противпожарен апарат за општа намена со прав кој е најмалку 4 kg (10 lb)**
- **Течен противпожарен апарат под притисок со минимална зафатнина од 8 L (2.1 gal)**

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да варираат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена со прав и течен противпожарен апарат под притисок со монтажни држачи се инсталирани на вашата машина.

Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите за тоа како да ги користите и одржувате. Штом еднаш противпожарниот апарат ќе се испразни, без разлика за колку долго, тој мора да биде повторно наполнет или заменет.

ВАЖНО: Течниот противпожарен апарат под притисок не смее да биде изложен на замрзнувачки температури, освен ако е заштитен со средство против замрзнување. Погледнете ги инструкциите на ознаката на противпожарниот апарат за понатамошни информации.

OUO6075,00042F7-A8-20JUN16

Противпожарни апарати (ЕвроАзиската економска унија)



H117754—UN—17MAR16

Противпожарен апарат за општа намена со прав / комбинација течност-пена

ВНИМАНИЕ: Противпожарните апарати мора да ги исполнуваат законите и прописите на локалната власт:

- **Противпожарен апарат за општа намена со прав кој е најмалку 6 kg (13 lb)**
- **Противпожарен апарат со комбинација на**

течност-пена што се под притисок со минимална зафатнина од 8 L (2.1 gal)

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да варираат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена со прав и противпожарен апарат со комбинација на течност-пена кој е под притисок, тие со монтажни држачи се инсталирани на вашата машина.

Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите за тоа како да ги користите и одржувате. Штом еднаш противпожарниот апарат ќе се испразни, без разлика за колку долго, тој мора да биде повторно наполнет или заменет.

ВАЖНО: Противпожарниот апарат со комбинација на течност-пена кој е под притисок, не смее да биде изложен на температури под нулата. Погледнете ги инструкциите на ознаката на противпожарниот апарат за понатамошни информации.

OUO6075,00049FE-A8-28JUN18

Места за противпожарен апарат



H123653—UN—02MAR18

Предно место на противпожарниот апарат



H123654—UN—02MAR18

Место на задниот противпожарен апарат


ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да варираат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена се наоѓа на предната платформа кај скалата.

Течниот противпожарен апарат под притисок (ако има во опрема) е во внатрешноста на задната десна пристапна врата за моторот.

OUO6075,0004911-A8-02MAR18

Држачи за раце и пристап до десниот подест



H119679—UN—20OCT16

A—Држачи за раце
B—Скалило
C—Подест

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава и спуштете ги безбедносните запирачи на подигнувачкиот цилиндар на куќиштето за достава.

ВАЖНО: Затворете ја вратата на кабината пред да го користите држачот за раце.

Не ја придвижувајте рачно раката на бришачот. Тоа може да предизвика оштетување на механизмот на бришачот.

Употребете ја скалата и подестот за да ја исчистите левата страна на кабината.

Пристапете кон куќиштето за достава со користење на скалилото од левата страна.

Користете го гелендерите (A) од било која страна на кабината и горниот дел на кабината.


Застанете на подигнато куќиште за достава за да го исчистите предниот прозорец на кабината и сервисирате предните светла или брисачот.

Употребете го скалилото (B) и делот за приземјување (C) за да ја очистите десната страна на кабината.

OUO6075,000439D-A8-15DEC16


Разработување на моторот

Ниво 2/фаза II




H95375—UN—16FEB10

Стил А



H95419—UN—19FEB10

Стил В



H112961—UN—17FEB15

А—Шипка за мерење

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло John Deere Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Ако моторното масло Break-In™ се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот по најмногу 100 часови.

Ако се користи John Deere Break-In Plus™ моторно масло, сменете го маслото и филтерот најмногу на секои 100 часа и најмалку на одредениот интервал за John Deere Plus-50™ II или Plus-50™ маслото. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

ВАЖНО: НЕ додавајте дополнително масло се додека нивото на маслото не е ПОД ознаката ADD на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.

НЕ користете Plus-50™ или Plus-50™ II моторно масло во текот на периодот на разработка на нов мотор или на мотор кој имал голем ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.

Често проверувајте го нивото на моторното масло во текот на периодот на разработка на моторот. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ наполнувајте над ознаката FULL (ПОЛНО). Нивоата на масло во рамки на накрсно-изрежаната област на шипката за мерење се сметаат за прифатлив работен опсег.

ЗАБЕЛЕШКА: Одредено зголемување на потрошувачката на масло може да се очекува кога се користат масла со низок вискозитет. Почесто проверувајте ги нивоата на масло.

Избегнувајте продолжени период на работење на моторот во празен од или продолжена работа под максимално оптоварување. Ако моторот работи во лер подолго од 5 минути, изгасете го моторот.

После периодот на разработување, променете го моторното масло и заменете го филтерот на моторното масло. Наполнете го картерот со John Deere Plus-50™ II, John Deere Plus-50™ или масло со градација на вискозитет според сезоната. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.


Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на масло треба да биде меѓу “ADD” и врвот на накрсно изрежаната област на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката "ADD", додајте масло колку што е потребно. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.


Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката "ADD" на шипката за мерење.

Конечно ниво 4/фаза V




H95306—UN—11FEB10

Стил A



H95396—UN—17FEB10

Стил B



H113142—UN—11MAR15

A—Шипка за мерење
B—ADD Ознака (за додавање)
C—FULL Ознака (за полно)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Во текот на почетното работење на нов или обновен мотор, сменете го маслото и филтерот најмногу на секои 100 часа и најмалку на одредениот интервал за John Deere Plus-50™ II маслото. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

Променете го маслото и филтерот помеѓу 100 часови и 400 часови во текот на почетното работење на новиот или обновениот мотор.

ВАЖНО: НЕ додавајте дополнително масло се додека нивото на маслото не е ПОД ознаката ADD (B) на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.

НЕ користете Plus-50™ или Plus-50™ II моторно масло во текот на периодот на разработка на нов мотор или на мотор кој имал голем ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.

Често проверувајте го нивото на моторното масло во текот на периодот на разработка на моторот. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ полнете над ознаката FULL (C). Нивоата на масло во рамки на накрсно-изрежаната област на шипката за мерење се сметаат за прифатлив работен опсег.

Ако моторното масло John Deere Break-In Plus™ не е достапно, употребете масло за дизел мотори со степен на вискозност SAE 10W-30 кое задоволува едно од наведеното:

- API сервисна класификација CK-4
- API сервисна класификација CJ-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E6

Пример: Во овој пример, функцијата за склопување од склопување/расклопување на сврделот за празнење ќе се додели на копчето C. Ова ќе ви овозможи да го склопите/расклопите врвот на сврделот за празнење секој пат кога ќе го притиснете копчето C.



H118508—UN—20JAN17

Изберете апликација

1. Изберете за активирање на екранот за избирање апликација.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H118506—UN—20JAN17

Отстраните го доделување

ЗАБЕЛЕШКА: Ако веќе постои доделување на екранот со контролните поставки, опцијата “Отстранување на доделеното” е ставена на врвот од листата. Изберете ако повеќе не ја сакате доделената функција.



H118166—UN—20JAN17


Преклопување



H118536—UN—20JAN17

Избрано е склопување

2. Изберете ја апликацијата за склопување.



H118165—UN—20JAN17

Склопување од склопување/ расклопување на сврделот за празнење



H118537—UN—20JAN17

Избрано е склопување од склопување/ расклопување на сврделот за празнење

3. Изберете ја функцијата за склопување од склопување/расклопување на сврделот за празнење.

ЗАБЕЛЕШКА: После бирањето на функцијата, направено е доделувањето на контролата.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете за да ја затворите апликацијата на контролните поставки.

PR79369,00003A9-A8-01FEB21

Копче за поместување



H118504—UN—20JAN17

Копче за поместување

Копчето за поместување се користи за избор на функциски доделувања, зголемување или намалување на вредност или да направите прилагодување во лево или во десно.

ЗАБЕЛЕШКА: Функциските доделувања со поместувачкото копче кое се "тркала" или "притиска"работи исто како и кај другите доделувања.

SS43267,0000915-A8-20JAN17

Доделувања на апликации

Ви овозможува да ги доделите вашите омилени апликации и функции.

Достапни доделувања на апликации:

ЗАБЕЛЕШКА: Ќе се појават само достапните доделувања на апликации за вашата машина.



H118511—UN—20JAN17

AutoTrac

Наведување AutoTrac™ — ви овозможува да пристапите до функциите за да направите прилагодувања на системот за наведување.



H118515—UN—20JAN17

Преклопување

Склопување — ви овозможува да пристапите до

функциите за склопување/расклопување на врвот на сврделот за празнење и да го склопите/расклопите склопливиот хедер.



H118514—UN—20JAN17

Хедер

Хедер — ви овозможува да пристапите до функциите за прилагодување на почетната-крајната опрема.



H127016—UN—26SEP19

Синхронизација на машината

Машинска синхронизација — ви овозможува да пристапите до функциите за машинска синхронизација.



H118517—UN—20JAN17

Управување со остатокот


Управување со остатоци — ви овозможува да пристапите до функциите за управување со остатоците.



H127004—UN—26SEP19

Мотор

Мотор — ви овозможува да пристапите до функциите на моторот.



H118512—UN—20JAN17

Екран

Дисплеј— ви овозможува да пристапите до дисплејот.



H118516—UN—20JAN17

Пренос

Пренос — ви овозможува да пристапите до функциите на преносот.



H127017—UN—26SEP19

Ракување со жито

Ракување со жито — ви овозможува да пристапите до функциите за ракување со жито.



H128144—UN—17JAN20

Combine Advisor™

Combine Advisor™ — ви овозможува да пристапите до функциите на Combine Advisor™.

N0LMWLO,0000329-A8-16JUL20


Функциски доделувања

Програмабилните копчиња и копчињата за поместување ви овозможуваат да направите функциски доделувања, да направите избор од повеќе позиции, да зголемите или намалите вредност или да направите прилагодување во лево или во десно. Употребете го копчето за поместување за да доделите функциско доделување.

ЗАБЕЛЕШКА: За дополнителни информации околу апликациите и функциите, изберете го копчето со соодржина за помош.

ЗАБЕЛЕШКА: Ќе се појават само достапните доделувања на функции за вашата машина.

Достапни функции на задачи за AutoTrac™ наведување:



H118518—UN—20JAN17

Централна патека

Централна патека— изберете за да воспоставите нова патека.



H118519—UN—20JAN17

Поместување на патека

Поместување на патека— изберете за да

направите прилагодување на вашата патека во лево или во десно.



H118520—UN—20JAN17

Замена на патека

Префрлање на патека— изберете за да се префрлите од моменталната патека што ја користите кај системот за наведување и да смените со наредната патека.


Приказ на достапни функции на задачи:



H118521—UN—20JAN17

Затворање на преклоп

Затворање на преклоп— изберете за да го затворите преклопувањето.



H118522—UN—20JAN17

Префрлање на работна страна

Префрлање на работна страна— изберете за да ја смените работната страна со наредната или претходната страна во системот.

Достапни функции на задачи за хедер:



H127006—UN—26SEP19

Брз. на ролна


Брзина на ролна — изберете за да ја смените брзината на ролната или на ременскиот подигач, по потреба.



H118525—UN—20JAN17

АННС енкодер

Енкодер за автоматска контрола на висина на хедер (АННС)— изберете за да ја прилагодите висината на хедерот.



H118526—UN—20JAN17

Брзина на ремен на драпер

Брзина на ремен на драпер— изберете за да ја зголемите или намалите брзината на ременот на драперот.



H118527—UN—20JAN17

Успорување на брзината на ременот на драпер

Успорување на брзината на ременот на драпер— изберете за да ја намалите брзината на ременот на драперот.



H127010—UN—26SEP19

Накосување на доставната комора

Наваленост на платформата за косење— изберете за да го зголемите или намалите наклонетиот агол на рамката на куќиштето за достава.



H127011—UN—26SEP19

Наваленост на платформата на драпер

Наваленост на платформата на драпер— изберете за да ја навалите платформата на драперот нагоре и надолу.



H127008—UN—26SEP19

Брзина на ременест подигнувач


Брзина на ременскиот собирач — изберете за да ја прилагодите брзината на ременскиот собирач.



H134131—UN—16APR21

Порамнување на крилата

Израмнување на крила - изберете за да овозможите автоматско враќање на крилата на избраната почетна позиција.



H118529—UN—20JAN17

Издолжена/вовлечена шипка за косење

Издолжена/вовлечена шипка за косење (само за хедери со издолжлива платформа)— изберете за да ја издолжите или вовлечете шипката за косење.

Достапни задачи за функцијата на преклопување:



H127012—UN—26SEP19

Склопување на хедер

Склопување на хедер— изберете за да го склопите/расклопите склопувачкиот хедер.



H132957—UN—18JAN21

Позиција за транспорт на хедерот

Позицијата на хедерот за транспорт - изберете да го подготвите хедерот со издолжувачка платформа за транспорт.

Достапни функции на задачи за преносот:



H118534—UN—20JAN17

ProDrive

Поставена точка за брзина на ProDrive™— изберете за да ја зголемите или намалите поставената точка на преносот.

Достапни функции на задачи за управување со отпадот:



H118535—UN—20JAN17

Пренасочување на остатокот

Пренасочување на остатокот— изберете за да смените насоката на празнење на остатокот од една страна во друга страна.

Достапни доделувања на функции за моторот:



H127005—UN—26SEP19

Компресор за воздух

Воздушен компресор — изберете за да го овозможите или оневозможите воздушниот компресор.

Достапни доделувања на функции за синхронизирање на машината:



H127014—UN—26SEP19

Синхрон. со турк. налево/надесно

Машинска синхронизација со поттурнување налево/надесно — изберете за да поттурнете налево или надесно.



H127015—UN—26SEP19

Синхрон. со турк. напред/назад

Машинска синхронизација со поттурнување напред/назад — изберете за да поттурнете напред или назад.

Combine Advisor™



H128145—UN—17JAN20

Активирај HarvestSmart™

Активирај HarvestSmart™ - изберете за да го активирате работењето на HarvestSmart™.

PR79369,000039C-A8-15APR21

HarvestSmart е заштитна марка на Deere & Company

Апликација за управување со остатоци

Пристап до управувањето со остатокот

Апликација за пристап преку екран:



H113668—UN—22OCT15

Мени

1. Мени



N119118—UN—23SEP16

Поставки на машината

2. Таб за машински поставки



H114082—UN—03JAN17

Управување со остатокот

3. Управување со отпад

Апликација за пристап преку лентата за навигација:




H116635—UN—03JAN17

Копче за апликација за управување со остатоци

Притиснете го копчето за управување со остатоците на лентата за навигација под екранот.

N0LMWLO,000032B-A8-15JUL20

Главна страна на управувањето со остатокот



H133139—UN—01FEB21

Управување со остатокот

ЗАБЕЛЕШКА: Подвлечениот текст покажува дека дополнителните информации се достапни во овој дел или во друг дел од оваа публикација.

Главната страна е орикажана само за пример. Вашата главна страна може да се разликува зависно од опциите или приклучената опрема.

Управувањето со остатокот ви овозможува да ја прилагодите дистрибуцијата според посакуваното, базирано врз машинската конфигурација.

Достапни ставки на главната страна за управување со остатокот:

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ставки подолу се достапни само ако машината е опремена со придружната опција.



H131657—UN—01DEC20

Режим за остатоците на плева

Режим за остатоци од плева - изберете меѓу функциите распространување и премиум сламен ред.



H116639—UN—03JAN17

Положба на сецкачот

Позиција на сецкач— ја покажува моменталната позиција на сецкачот.



H118116—UN—03JAN17

Лопатка на одделувач

Лопатка на одделувач— изберете меѓу стандардна и напредна позиција за лопатка на одделувач.



H116988—UN—03JAN17

Широчина

Широчина— ја контролира широчината на распространување на плевата и сламата преку прилагодување на брзината на распространувачот или позицијата на прекривката базирано на машинската конфигурација.



H116987—UN—04JAN17

Брзина

Брзина— ја зголемува или намалува брзината на распространувачот.



H117001—UN—03JAN17

Насока


Насока— ја менува насоката на распространување на плева и слама.



H118304—UN—03JAN17

Замена

Замена— ви овозможува брзо да го прилагодите распространувањето на расфрлане остатоците во спротивна насока.



H126977—UN—26SEP19

Наслон за ножеви


Блок со сечила— се лизга на внатре-и-надвор за подобар квалитет на сецкање отпади или да се зачува снагата на машината.

Прилагодувања вон кабина— механички прилагодувања направени надвор од кабината.

Модули за работните страни

Модули за оваа апликација може да се додаде на работните страни со користење на приказниот уредувач.

Пример:



H128561—UN—20JAN20

Распространување

Распространување— ја контролира широчината и насоката на дистрибуција на плева и слама.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да бидат достапни различни модули за вашата апликација.

Копчиња за брз пристап

Копчињата кратенки за оваа апликација може да се додаде на лентата со кратенки со користење на приказниот уредувач.

Пример:



H116642—UN—03JAN17

Остатоци на плева

Остатоци на плева— употребете за брз пристап за да ја промените насоката на расфрлањето на остатоците. Светлото свети кон насоката на расфрлање на остатоците. Ако нема осветлување тогаш расфрлањето на остатоците е централно.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да бидат достапни различни копчиња кратенки за вашата апликација.

PR79369,00003AC-A8-01FEB21

Режим за остатоците на плева

Изберете го режимот за распространување или режимот за правење сламен ред од остатоците за саканото процесирање на сламата и плевата.

Изберете отсек кога:

Сакате да оставите сламен ред од остатоците позади машината.

Само кај машините опремени со премиум систем за остатоци: Кај режимот со сламен ред сламата го премостува сецкачот, додека плевата сеуште се сецка и расфрла. Сламата се празни од одделувачот во сламен ред позади машината. Со ова се остава почист сламен ред.

Изберете распространување кога:

Сакате да го пратите отпадот низ сецкачот за да ја минимизира должината кај отпадот.

Поставување сламен ред:

Систем за остатоци без премиум: Кога е поставено во режимот “Сламен ред”, сите други поставки на распространувачот се невозможни да се променат.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставките се враќаат во претходните состојби кога се враќате назад на режимот "Распространување".

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете го прирачникот за работа за повеќе информации за следниве прилагодувања вон кабината.

ВНИМАНИЕ: Изгаснете ја машината пред да ги изведувате препорачаните прилагодувања.

1. Поставете го насочувачот за кочан во позиција за мали зрна.
2. Префрлете го погонот за сецкачот во неутрална позиција.



H116998—UN—03JAN17

Косилка



H116639—UN—03JAN17

Положба на сецкачот

3. Изберете сламен ред или поставете го сецкачот во подигната позиција.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога жнеете култури со мал волумен на остатоци, спуштете го насочувачот за кочан во позиција за пченка.



H116644—UN—03JAN17

Индикатор на статус

Индикаторот за состојба ја покажува состојбата за вратата.



H116645—UN—03JAN17


Откриена грешка

САМО за премиум остаток: Кога ќе се случи грешка за време на процесот на затварање/отварање, системот се обидува да се врати во претходно избраната состојба пред вашето барање за промена. Ако е невозможно успешно да се постигне таа претходна состојба, се прикажува пораката “Грешка кај задната врата”, и мора да направите повторен избор на режим.

Поставување на сецкачот:

ЗАБЕЛЕШКА: Сецкачот автоматски ја затвора вратата за сечење-за-испуштање. Сецкачот за фино сечење ја сече сламата што се празни од одделувачот кога вратата за сечење-за-испуштање е затворена.

ЗАБЕЛЕШКА: Одделувачот мора да биде ИСКЛУЧЕН за да ја промени позицијата на вратата за сечење-за-испуштање.



H131362—UN—01DEC20

Распространување

Изберете распространување или поставете го сецкачот во спуштена позиција.

PR79369,00003AD-A8-01FEB21

Лопатка на одделувач

Променете ја позицијата на лопатка кај одделувачот за да се зголеми заштедата на жито и подобри квалитетот на слама.

ЗАБЕЛЕШКА: Одделувачот мора да биде ИСКЛУЧЕН за да ја промени позицијата на лопатка на одделувачот.

Изберете стандардно кога:

- Сакате да се намали загубата на жито.
- Сакате да ја подобрите способноста за одделување на културата.

Изберете напредно кога:

- Сакате да го подобри квалитетот на сламата.
- Сакате да ја намалите потрошувачката на снага.

Постапка за измена:



H116999—UN—03JAN17

Стандардно

Изберете стандардно.



H117000—UN—03JAN17

Напредно

Изберете напредно.

ЗАБЕЛЕШКА: Работењето на лопатките на одделувачот во напредна позиција може да ги зголеми загубите на жито при одредени култури и услови. Времето на задржување на културата во одделувачот е намалено за да се подобри квалитетот на сламата.

N0LMWLO,000032D-A8-16JUL20

Широчина

Широчината го прилагодува опсегот на распространување на плевата и сламата преку контролирање на брзината на распространување или позицијата на прекривката зависно од машинската конфигурација.


ЗАБЕЛЕШКА: Наместете ја поставката за ширина што ја образува распространувачот пред да ја прилагодувате брзината на распространување.

Измените кога:

- Сецканиот материјал и плевата не ја постигнуваат полната широчина на режимот на сечење од хедерот. Зголемете ја ширината.
- Сецканиот материјал и плевата се фрлаат врз некосената култура. Намалете ја ширината.

Постапка за измена:

1. Вклучете ја машината.
2. Стартувајте го одделувачот.




H116988—UN—03JAN17

Широчина

ЗАБЕЛЕШКА: Моменталните поставки се прикажани преки мерачот со цртички.

3. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната процентуална вредност.




H118119—UN—03JAN17

Процентуална ширина

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се направени промени во процентуалната вредност на широчината, дијаграмот на расфрлање исто така се менува.

Алтернативна постапка за измена:

ЗАБЕЛЕШКА: Кога широчината е променета, графичкиот мерач што ја претставува брзината се претвора во жолто за да се совпадне со жолтото гранично поле на полето за внес.



H113699—UN—03JAN17

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната процентуална широчина.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.

- Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.



H114674—UN—06FEB19

Затвори

3. Изберете да се затвори.

N0LMWLO,000032E-A8-16JUL20

Брзина

Прилагодувањата на брзината на распространувачот овозможува оптимална дистрибуција на материјалот преку широчината на расфрлање.

ЗАБЕЛЕШКА: Наместете ја поставката за ширина што ја образува распространувачот пред да ја прилагодувате брзината на распространување.

Изменете кога:

- Промена на вид на култура.
- Величината на матријалот што излегува од сецкачот постанува поголема или помала.
- Промена на величина на хедер.
- Компензирање поради ветерот што дува.

Постапка за измена:

1. Вклучете ја машината.
2. Стартувајте го одделувачот.



H116987—UN—04JAN17

Брзина

ЗАБЕЛЕШКА: Моменталните поставки се прикажани преки мерачот со цртички.

3. Изберете плус (+) да ја зголемите или (-) за да ја намалите посакуваната брзина.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се направени промени на брзината на расфрлање, дијаграмот на широчина на расфрлање не се менува. Тоа останува пополнето со претходната поставка за широчина без оглед на прилагодувањата на брзината на расфрлање.

Дозволени поставки за пченка:

·Минимално: 350

Максимално: 550

·Зададено: 500

Прираст: 10

Дозволени поставки за мали зрна:

·Минимално: 600

Максимално: 800

·Зададено: 700

Прираст: 10

Алтернативна постапка за измена:

ЗАБЕЛЕШКА: Кога брзината е променета, графичкиот мерач што ја претставува брзината се претвора во жолто за да се совпадне со жолтото гранично поле на полето за внес.



H118126—UN—03JAN17

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.



H114674—UN—06FEB19

Затвори

3. Изберете да се затвори.

PR79369,00003AE-A8-01FEB21

Насока

Насочувањето ја изменува насоката на излегувањето на материјалот од сецкачот за компензирање од ветерот.

Изменете кога:

- Промени на брзината на ветерот.
- Промени на насоката на ветерот.
- Промени на насоката на моторот.
- Промени на полето.
- Промени на теренот.

Постапка за измена:



H117001—UN—03JAN17

Насока

Изберете да ја прилагодите насоката во лево или десно.


ЗАБЕЛЕШКА: Кога се направени промени во насоката на расфрлање, дијаграмот на расфрлање исто така се менува.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако дијаграмот е непознат, централниот маркер исчезнува и се појавуваат цртички за позиционата вредност.



H128562—UN—20JAN20

Насока




H118128—UN—03JAN17

Широчина



H128563—UN—20JAN20

Насока




H118129—UN—03JAN17

Широчина



H128564—UN—20JAN20

Насока




H118130—UN—03JAN17

Широчина



H128565—UN—20JAN20

Насока




H118131—UN—03JAN17

Широчина



H128566—UN—20JAN20

Насока



H118132—UN—03JAN17

Широчина

Алтернативна постапка за измена:



H118138—UN—03JAN17

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната насока.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.



H114674—UN—06FEB19

Затвори

3. Изберете да се затвори.

PR79369,00003AF-A8-01FEB21

Замена

Заменувањето ви овозможува брзо да го прилагодите расфрлањето на остатоците од отпадот во спротивна насока за да се компензира влијанието на ветрот кога вртите 180°. Заменувањето преставува мануелно прилагодување од операторот што е спротивно од Автоматското заменување кое е автоматско прилагодување.

ЗАБЕЛЕШКА: Пренасочувањето е достапно само кога насоката на прилагодување не е во централната позиција.

Измените кога:

Ветерот ги дува остатоците од отпад и вие сакате да ја смените насоката на отпадот.

Постапка за измена:



H118115—UN—03JAN17

Замена

Изберете за да вклучите или исклучите.

ЗАБЕЛЕШКА: Пораки за префрлање на насоката на расфрлање се појавуваат секогаш кога апликацијата за управување со остатоците не е отворена и пренасочувањето е иницирано.

N0LMWLO,0000331-A8-16JUL20

Прилагодувања вон кабина

Прилагодувањата мора да бидат направени надвор од кабината за да се подобри управувањето со остатоците и да се спречи оштетување на машината. Погледнете го прирачникот за работа за понатамошни поставки за културата и постапките за прилагодување.

ВНИМАНИЕ: Изгаснете ја машината пред да ги изведувате препорачаните прилагодувања.

Страна за прилагодувања вон кабина:

Разделник/насочувач на култура— изберете позиција за пченка или жито.

ВАЖНО: Поставете во позиција за пченка за да спречите оштетување кај прочистувачкиот чевел додека жнеете пченка.

Перки на разделникот за културата— прилагодете ги перките за да ја контролирате дистрибуцијата на материјалот во сецкачот или распространувачот.

Блок со сечила — одберете ја позицијата на блокот сечила за да се постигне посакуваната должина на отпадот.

ВАЖНО: Блокот со ножеви мора целосно да биде исклучен за пченка.

ЗАБЕЛЕШКА: Поголемо ангажирање, значи поголемо ангажирање на моќноста од страна на сецкачот.

Погонска брзрина на сецкачот— изберете висока брзина за мали жита и соја и ниска брзина за пченка.

PR79369,00003B0-A8-01FEB21

Склад со сечила


Блокот со сечила е опционална опрема, систем што се прилагодува во кабината, кој го лизга блокот со сечила внатре и надвор за поквалитетно сецкање или за зачувување на силата на машината.

Измените кога:

- Сакате да се подобри квалитетот на сечкањето. Зголемете ги поставките за блокот со сечила за подобрување на квалитетот на сечкањето.
- Сакате да ја сочувата снагата за било кое друго место на машината. Намалете ја поставката за блокот на сечила за да се сочува снагата.

ЗАБЕЛЕШКА: Оваа опција на системот е достапно само ако машината е опремена со опција на дробилката.

Постапка за измена:



H126977—UN—26SEP19

Прилагодување на блокот со сечила— прилагодувањето е со зголемување и намалување со величина од по 10%.



H126979—UN—26SEP19

Зголемување на блокот со сечила— изберете го копчето за зголемување (плус симбол) за да го пролизгате блокот со сечила кон внатре.



H126978—UN—26SEP19

Намалување на блок со сечила— изберете го копчето за намалување (симболот за минус) за да го пролизгате блокот со сечила кон надвор, извлекувајќи ги ножевите подалеку од сецкачот.

Постапка за режим на активно чистење:

Активниот режим на чистење автоматски го чисти блокот со сечила со отворање и затворање на блокот со сечилата. Активниот режим на чистење се изведува откако одделувачот ќе биде исклучен 25 пати. Активниот режим на чистење не може да се прилагодува.

PR79369,00003B1-A8-11MAY21

Автоматска замена

Автоматската замена автоматски го прилагодува расфрлањето на остатоците во обратна насока од она што го имате поставено откако ќе направите вртење од 180 °°.

Постапка за измена:



H113668—UN—22OCT15

Мени

1. Изберете да го отворите менито.



N119118—UN—23SEP16

Поставки на машината

2. Одберете го табот за машински поставки.



H114082—UN—03JAN17

Управување со остатокот

3. Изберете за да го отворите на управувањето со остатоците.



H125280—UN—01FEB19

Замена на автоматско ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

4. Изберете го за да го овозможите или оневозможите автоматско префрлање.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако замената на автоматски е е оневозможено, ви мора да рачно менувате на насоката на расфрлање.



H128567—UN—20JAN20

Насока

5. Изберете да ја прилагодите насоката во лево или десно.

N0LMWLO,0000334-A8-16JUL20

Апликација за хедерот

Пристап до хедер

Апликација за пристап преку екран:



H113668—UN—22OCT15

Мени

1. Мени



N119118—UN—23SEP16

Поставки на машината

2. Таб за машински поставки



H113541—UN—19DEC16

Хедер

3. Хедер

Апликација за пристап преку лентата за навигација:




H117904—UN—22JAN20

Копче за апликацијата на хедер

Притиснете го копчето за хедерот на лентата за навигација на екранот.

PR79369,000045D-A8-26FEB21

Главна страна на хедер



H133489—UN—01MAR21

Хедер

ЗАБЕЛЕШКА: Подвлечениот текст покажува дека дополнителните информации се достапни во овој дел или во друг дел од оваа публикација.

Главната страна е орикажана само за пример. Вашата главна страна може да се разликува зависно од опциите или приклучената опрема.

Главната страна на хедерот ги покажува достапните опции кои можат да се прилагодат за вашиот прикачен хедер.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ставки подолу се достапни само ако машината е опремена со придружната опција.

Достапни ставки на главната страна за хедерот:



H116126—UN—19DEC16

Детали за хедерот

Детали за хедер - менувајте и прегледувајте ги поставките за хедерот како што е широчина, минимална брзина на ролната и ширина на редовите.




H113542—UN—19DEC16

Тип на хедер

Тип на хедер— автоматски одредено од опремата прикачена на предниот крај.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако системот не го препознава типот на поврзаниот хедер, се прикажува непознат хедер.




H113543—UN—19DEC16

Часа

Часа- број на часови за типот на хедер евидентиран од комбајнот.

ЗАБЕЛЕШКА: Часовите се зачувуваат кај одредени модели на хедери од 2021+. Часовите на овие хедери не може да се уредуваат.




H113544—UN—19DEC16

Широчина на сечење

Ширина на сечење - се појавува поставката за измерена ширина кога се детектирани платформни типови на хедер.

ЗАБЕЛЕШКА: Ширината на сечење не може да се уредува кај одредени модели на хедери од годината 2021+.



H116127—UN—19DEC16

Широчина на ред

Ширина и ширина на редови - се прикажува бројот на редови и ширината на редовите кога се детектирани хедери за редови.

ЗАБЕЛЕШКА: Ширината и ширината на редовите не може да се уредува кај одредени модели на хедери од годината 2021+.



H127438—UN—26SEP19

Брзина на подигање/спуштање

Брзина на подигање/спуштање— ја контролира брзината на функцијата за подиање/спуштање на куќиштето за достава кога е во рачен режим.



H127439—UN—26SEP19

Висока осетливост


Осетливост по висина - ја контролира осетливоста на теренските промени за подигање/спуштање на хедерот кога е во автоматски режим.



N118004—UN—22OCT15

Икона за напредни поставки

Напредни поставки— ви овозможуваат да пристапите до понатамошни прилагодувања и помалку заеднички поставки.



H127440—UN—26SEP19

Автоматска контрола

Автоматска контрола - ги покажува статусите на вклучените конфигурации на хедерот.



H127441—UN—26SEP19

Осетливост на наваленост

Осетливост на наваленост— ја контролира осетливоста на теренските промени кај страничното навалување на куќиштето за достава кога е во режим на автоматска осетливост и автоматско пловење.



H127442—UN—26SEP19

Брзина на навалување

Брзината на навалување— ја контролира брзината на страничните навалувања кога сте е во рачен режим.



H127443—UN—26SEP19

Навалување напред/назад

Навалување напред/назад— го контролира аголот на предниот дел на куќиштето за достава.



H127472—UN—26SEP19

HydraFlex™ притисок

Притисок на HydraFlex™ - го контролира притисокот на шипката за косење за оптимална способност за следење на теренот.



H127445—UN—26SEP19

Брзина на ремен на драпер

Брзина на ремен на драпер— ги контролира брзините на страничните драпер ремени.



H127444—UN—26SEP19

Пловечка позиција на драпер

Пловечка позиција на драпер— го контролира притисокот во цилиндрите за помошните тркала на пловечките раце.



H127446—UN—26SEP19

Наваленост на шипката за косење

Наваленост на шипката за косење— го контролира аголот на шипката за косење во однос на остатокот од платформата.



H127448—UN—26SEP19

Проред на палубна плоча

Проред на палубна плоча— го прикажува проредот на палубната плоча.



H127449—UN—26SEP19


Брзина на задно вратило

Брзина на задно вратило— ја прикажува брзината на задното вратило.

Модули за работните страни

Модули за оваа апликација може да се додаде на работните страни со користење на приказниот уредувач.

Пример:



H116668—UN—20DEC16

Висока осетливост

Осетливост на висина - ја контролира осетливоста на теренските промени на функцијата за подигање/спуштање на хедерот кога е во автоматски режим.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да бидат достапни различни модули за вашата апликација.

PR79369,000045E-A8-01MAR21

Детали за хедерот

Страницата Детали за хедерот ги вклучува поставките за хедерот како што е ширината, минималната брзина на ролната и ширината на редовите.

ЗАБЕЛЕШКА: Секој тип на хедер има фабрички стандардни поставки за сите поставки на хедерот. Поврзувањето на даден тип на хедер за прв пат, автоматски ги вчитува фабричките стандардни поставки. Можете да ги смените поставките за хедерот додека хедерот е приклучен. Поврзувањето на било каков хедер од ист тип автоматски ги користи поставките за тој тип на хедер, но нема автоматски да ги менува поставките ниту часовите.

Достапни ставки на страната за детали за хедер:



H113523—UN—19DEC16

Широчина

Ширина - поставете ја ширина на сечење за платформни хедери.



H113525—UN—19DEC16

Широчина

Ширина - го поставува бројот на редови кај хедерите за редови.



H113526—UN—19DEC16

Широчина на ред

Ширина на редовите - го поставува растојаните помеѓу редовите кај хедерите за редови.



H113521—UN—19DEC16

Работен запис

Работен запис— го поставува записот за висина на запирање.



H113522—UN—19DEC16

Часа

Часови - број на евидентирани часови за типот на хедер.

Дополнителна опрема - изберете за да го информирате системот дека хедерот има дополнителна опрема која обично не е инсталирана на хедерот.

Пример: Ако имате хедер за пченка кој вообичаено нема инсталирано ролна, вие би го избрале ова за да и кажете на машината дека е инсталирана ролна.



H113524—UN—19DEC16

Минимална брзина на ролна

Минимална брзина на ролна— ја поставува минималната брзина на ролната.

PR79369,000045F-A8-26FEB21

Широчина

Широчината ви овозможува широчината на косење да биде променета кога не се искористува целата широчина на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Широчината не може да се уредува кај одредени модели на хедери од 2021+.

Изменете кога:

- Не ја искористувате целата широчина на хедерот.
- Користење на точкести редови.
- Промена на величина на хедер.
- Промена на широчина на косење за AutoTrac™ и картографски цели.


Постапка за измена:



H116649—UN—19DEC16

Тип на хедер

1. Изберете го екранот за тип на хедер за да ја отворите страната со детали за хедер.



H116131—UN—19DEC16

Широчина

2. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ја внесете посакуваната широчина на сечење.



H116132—UN—19DEC16

OK

3. Изберете ОК за да ја сочувате вредноста.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

PR79369,0000460-A8-26FEB21

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Широчина на хедер за пченка

Широчината ви овозможува бројот на редови да биде променет кога не се искористуваат сите редови на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Широчината не може да се уредува кај одредени модели на хедери од 2021+.

Изменете кога:

- Не се искористуваат сите редови на хедерот.
- Користење на точкести редови.
- Промена на величината на хедерот.
- Промена на широчината на ред за AutoTrac™ и картографски цели.

Постапка за измена:



H116650—UN—19DEC16

Тип на хедер

1. Изберете го екранот за тип на хедер за да ја отворите страната со детали за хедер.



H116171—UN—19DEC16

Редови

2. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ги внесете посакуваните редови.



H116132—UN—19DEC16

OK

3. Изберете ОК за да ја сочувате вредноста.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

PR79369,0000461-A8-26FEB21

Широчина на ред

Широчината на редот овозможува растојанието меѓу редовите да биде изменет.

ЗАБЕЛЕШКА: Широчината на редовите не може да се уредува кај одредени модели на хедери од 2021+.

Измените за да:

ЗАБЕЛЕШКА: Менувањето на широчината меѓу редови влијае врз картографијата за принос.

- Прилагодете го растојанието меѓу редови за совпаѓање со хедерската конфигурација.


Постапка за измена:



H116650—UN—19DEC16

Тип на хедер

1. Изберете го екранот за тип на хедер за да ја отворите страната со детали за хедер.



H118576—UN—19DEC16

Широчина на ред

2. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ја внесете посакуваната широчина на ред.



H116132—UN—19DEC16

OK

3. Изберете ОК за да ја сочувате вредноста.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

PR79369,0000462-A8-26FEB21

Минимална брзина на ролна

Минималната брзина на ролната ви овозможува да ја поставите минималната брзина со која работи ролната.

Изменете кога:

- Собирање на легнат посев. Минималната брзина варира врз основа на условите и операторот.


Постапка за измена:



H116649—UN—19DEC16

Тип на хедер

1. Изберете го екранот за тип на хедер за да ја отворите страната со детали за хедер.



H126113—UN—11APR19

Минимална брзина на ролна

2. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ја внесете посакуваната минимална брзина на ролната.



H116132—UN—19DEC16

OK

3. Изберете ОК за да ја сочувате вредноста.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

PR79369,0000463-A8-26FEB21

Снимање на работата

Работниот запис во дозволува да ја поставите висината на запирање за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ на забележувањето.

ЗАБЕЛЕШКА: Работниот запис автоматски се ИСКЛУЧУВА над зададената висина и се ВКЛУЧУВА под зададената висина, сите други зададени услови се исполнети (одделувачот/вклчучен хедер, моторот со високи вртежи во празен од, и поставени фарма/поле).

ЗАБЕЛЕШКА: Ако детекцијата на висина на хедер или пловењето на куќиштето за достава се активни, висинската поставка за запирање на снимањето е ирелевантна и работниот запис се ВКЛУЧУВА, сите други зададени услови се исполнети (одделувачот/вклчучен хедер, моторот со високи вртежи во празен од, поставени фарма/поле).

Измените кога:

- Променливи услови кај културата (повисока наспроти пониска).
- Промена на типови на хедер.
- Промена на полиња и терен.
- Забележувањето останува вклучено додека е вон културата или не се вклучува кога е во културата.

Постапка за измена:

1. Подигнете го или спуштете го хедерот на посакуваната висина за запирање на забележувањето.



H116650—UN—19DEC16

Тип на хедер

2. Изберете го екранот за тип на хедер за да ја отворите страната со детали за хедер.



H113521—UN—19DEC16

Поставување на моментална висина

3. Изберете поставување на копчето за моментална висина.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

N0LMWLO,000033B-A8-16JUL20

Часови

Часовите ви овозможуваат да го поставите вкупниот број на часови за прикачениот тип на хедер.

ЗАБЕЛЕШКА: Часовите се зачувуваат кај одредени модели на хедери од 2021+. Часовите на овие хедери не може да се уредуваат.

ЗАБЕЛЕШКА: Комбајната ги складира часовите според типот на хедерот. Ако се употребуваат повеќе хедери од ист тип на ист комбајн, мора да ги внесете соодветните часови за прикачениот хедер.

Изменете кога:

- Сакате да го следите износот на работното време за одредено поле или полиња.
- Имате повеќе хедери кои можат да се преместат на различни комбајни.
- Сакате на почетокот од сезоната да ги поставите часовите на нула.

Постапка за измена:



H116649—UN—19DEC16

Тип на хедер

1. Изберете го екранот за тип на хедер за да ја отворите страната со детали за хедер.



H116134—UN—19DEC16

Часа

2. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ги внесете посакуваните часа.



H116132—UN—19DEC16

OK

3. Изберете ОК за да ја сочувате вредноста.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

PR79369,0000464-A8-26FEB21

Брзина на подигање/спуштање


Брзината на подигање/спуштање ја контролира брзината со која куќиштето за достава се подига или спушта кога се користат копчињата за рачно подигање/спуштање на повеќе функционалната рачка.

Изменете кога:

ЗАБЕЛЕШКА: Потребна е калибрација кога го менувате хедерот без оглед на величината и типот, освен ако претходно е калибрирано.

- Величината и типот на хедерот имаат влијание врз брзината на подигање/спуштање.
- Зголемете ја брзината на подигање/спуштање ако хедерот е бавен да реагира на промените од почвените услови.
- Намалете ја брзината на подигање/спуштање ако хедерот премногу ги компензира промените од почвените услови.
- Товарењето/истоварањето на хедерот од приколка бара помала брзина на подигање/спуштање.


Постапка за измена:



H113728—UN—19DEC16

Брзина на подигање/спуштање

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под брзина на подигање/спуштање за да ја отворите страната за брзина на подигање/спуштање.



H113513—UN—20DEC16

Лизгачки дел со цртички

ЗАБЕЛЕШКА: Лизгачкиот дел со цртички ја прикажува моменталната брзина.



H116141—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната брзина.

   ·Минимално: 0

   Максимално: 100

   ·Зададено: 50

   Прираст: 1



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Алтернативна постапка за измена:



H116140—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

·Минимално: 0

Максимално: 100

·Зададено: 50

Прираст: 1

PR79369,0000465-A8-26FEB21

Брзина на навалување

Брзината на навалување ја контролира стапката на страничните навалувања на куќиштето за достава кога стапката е во рачен режим.


ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за брзина на рачно навалување работи само кај машините со затворен хидрауличен центар опремени со куќиште за достава со странично навалување.

Изменете кога:

ЗАБЕЛЕШКА: Потребна е калибрација кога го менувате хедерот без оглед на величината и типот, освен ако специфичниот хедер претходно е калибриран.

- Величината и типот на хедерот имаат влијание врз брзината на навалување.
- Хедерот е бавен да реагира на промените од почвените услови. Зголемете ја брзината на навалување.
- Хедерот премногу компензира при променливи почвени услови. Намалете ја брзината на навалување.
- Товарењето/истоварањето на хедерот од приколка бара поспора брзина на навалување


Постапка за измена:



H113545—UN—19DEC16

Брзина на навалување

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под брзина на навалување за да ја отворите страната за брзина на навалување.



H113514—UN—20DEC16

Лизгачки дел со цртички

ЗАБЕЛЕШКА: Лизгачкиот дел со цртички ја прикажува моменталната брзина.



H116141—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната брзина.

·Минимално: 0

Максимално: 100

·Зададено: 50

Прираст: 1



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Алтернативна постапка за измена:



H116140—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

   ·Минимално: 0

   Максимално: 100

   ·Зададено: 50

   Прираст: 1

PR79369,0000466-A8-26FEB21

Висока осетливост


Висока осетливост ја контролира брзината со која куќиштето за достава ќе се подигне/спушти во автоматски режим за да се приспособи на теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зголемувањето на осетливоста причинува куќиштето за достава да реагира побрзо на промените кај теренските карактеристики.

Изменете кога:

- Хедерот е бавен за да реагира на промените од почвените услови. Зголемете ја осетливоста по висина.
- Хедерот остава брановидно стрниште на почвата или пулсира нагоре и надолу додека е на земјата. Намалете ја осетливоста по висина.


Постапка за измена:



H114074—UN—19DEC16

Висока осетливост

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под осетливост по висина за да ја отворите страната за осетливост по висина.



H113515—UN—20DEC16

Лизгачки дел со цртички

ЗАБЕЛЕШКА: Лизгачкиот дел со цртички ја прикажува моменталната осетливост.



H118578—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната осетливост.

   ·Минимално: 0

   Максимално: 100

   ·Зададено: 50

Прираст: 1

ЗАБЕЛЕШКА: Почнете со 50 и прилагодувајте во чекори од 5. Избегнувајте поставување над 75 и под 25. Осетливоста за висина треба да биде поставена пониско при повисоки теренски брзини.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Алтернативна постапка за измена:



H116140—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

   ·Минимално: 0

   Максимално: 100

   ·Зададено: 50

   Прираст: 1

ЗАБЕЛЕШКА: Почнете со 50 и прилагодувајте во чекори од 5. Избегнувајте поставување над 75 и под 25. Осетливоста за висина треба да биде поставена пониско при повисоки теренски брзини.

PR79369,0000467-A8-26FEB21

Осетливост на наваленост


Осетливоста на наваленост ја контролира брзината со која се навалува куќиштето за достава за да се приспособи на промените на тлото. Зголемената осетливост причинува куќиштето за достава да реагира побрзо.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако работите со платформите 600F, 600FD или 700FD, поставките за притисокот HydraFlex™ може да влијаат и врз осетливоста за висината на хедерот.

Изменете кога:

- Хедерот е бавен за да реагира на промените од почвените услови. Зголемете ја осетливоста на навалувањето.
- Хедерот остава брановидно стрниште на почвата или пулсира нагоре и надолу додека е на земјата. Намалете ја осетливоста на навалувањето.


Постапка за измена:



H113546—UN—19DEC16

Осетливост на наваленост

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под осетливост на наваленост за да ја отворите страната за осетливост на наваленост.



H113513—UN—20DEC16

Лизгачки дел со цртички

ЗАБЕЛЕШКА: Лизгачкиот дел со цртички ја прикажува моменталната осетливост.



H116141—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната осетливост.

   ·Минимално: 0

   Максимално: 100

   ·Зададено: 50

   Прираст: 1

ЗАБЕЛЕШКА: Почнете со 50 и прилагодувајте во чекори од 5. Избегнувајте поставување над 75 и под 25. Осетливоста за висина треба да биде поставена пониско кај поширок глави и при повисоки теренски брзини.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Алтернативна постапка за измена:



H116140—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

PR79369,0000468-A8-26FEB21

Навалување напред/назад

Навалувањето напред/назад ви овозможува брзо да го поместите лицето на куќиштето за достава напред и назад за да постигнете оптимални резултати при косењето на хедерот во предизвикувачки услови.

ЗАБЕЛЕШКА: Минималните и максималните поставки за навалувањето напред/назад се различни за секој тип на хедер.

Изменете кога:

- Сакате да спречите туркање или влечење на влажниот или густиот преостанат остаток.
- Сакате подобро прикачување или откачување на хедерот.
- Сакате да ги оптимизирате пренесување на материјалот од културата во куќиштето за достава.

Навалете го куќиштето за достава напред:

- Собирање на легнат посев.
- Кога косите поблизу до почвата.

Навалете го куќиштето за достава назад:

- Материјалот се турка од страна на шипката за косење. Поместете на назад за да го намалите губењето на материјалот.
- За исправена култура, навалувањето на назад може да го оптимизира доставувањето/ пренесувањето на материјалот во машината.

Постапка за измена:

ЗАБЕЛЕШКА: Ако работите со 600F, 600FD или 700FD платформи, поставките за притисок на HydraFlex™ влијаат и врз осетливоста за висина на хедерот.

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H116129—UN—19DEC16

Навалување напред/назад

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под навалувањето напред/назад за да ја отворите страната за навалување напред/назад.



H116141—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната позиција.

ЗАБЕЛЕШКА: Минималните и максималните поставки ќе бидат погодени од типот на хедерот и калибрацијата. Погледнете ја апликацијата за калибрација за повеќе информации околу постапките на калибрирање.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Алтернативна постапка за измена:



H116140—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

PR79369,0000469-A8-26FEB21

Автоматска контрола на хедер

Автоматската контрола на хедерот ја покажува состојбата на прегледот на контролата, автоматизацијата на хедерот и обновата на избраните опции.



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

Одберете го подрачјето на екранот означен под автоматска контрола за да отворите.

ЗАБЕЛЕШКА: Иконите за автоматска контрола на хедер се менуваат зависно од тоа како истите се поставени и кој хедер е прикачен на машината.

Достапни ставки на страната за автоматска контрола на хедер:

Контролен преглед— ја прикажува состојбата на достапните карактеристики.

Автоматизација на хедер— ги прикажува достапните автоматски функции.

Обновата на избраните опции— ги прикажува достапните функции што може да продолжат.

SS43267,00007EB-A8-27JAN17

Контролен преглед



H116968—UN—20DEC16

Контролен преглед

Контролниот преглед ја прикажува состојбата на достапните карактеристики.

ЗАБЕЛЕШКА: Автоматизацијата на хедерот и обновата на избраните опции (наведени како икони под активирачките копчиња 1, 2 и 3) се активираат кога ќе се притисне соодветното копче.

SS43267,00007EC-A8-26NOV19

Автоматизација на хедер

Овозможува или оневозможува функционирање на автоматиката на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ставки подолу се достапни само ако машината е опремена со придружната опција.



H116995—UN—19DEC16

Стандардно зададено

Стандардно зададено— изберете за да ги користите стандардните зададени вредности за поврзаниот тип на хедер.



H116995—UN—19DEC16

Прилагодено

Кориснички— направете избор која од системите на автоматизација сакате да биде овозможен врз база на вашите лични работни опции.

ЗАБЕЛЕШКА: Се додека е избрана "корисничката" опција префрлувањето ВКЛУЧЕНО/ ИСКЛУЧЕНО не може да се изврши.



H116168—UN—19DEC16

Предупредување

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот е заменет со копче-икона за генеричкиот проблем.



H116161—UN—19DEC16

Обновување на висина

Обновување на висина— изберете позиција на куќиштето за достава во однос на шасијата на машината и вратете ја автоматски во таа позиција.



H116160—UN—19DEC16

Пловење на куќиштето за достава

Пловење на куќиштето за достава— дозволува на крут хедер да работи допирајќи го тлото и одржувајќи го поставениот притисок.



H113720—UN—19DEC16

Детекцијата на висина (над земја)

Детекција на висина (над тлото)— изберете позиција на хедерот во однос на тлото и автоматски вратете во таа позиција.



H113720—UN—19DEC16

Детекцијата на висина (на земја)

Детекција на висина (на тлото)— ви овозможува да го прилагодите теренскиот притисок кај шипката за косење и автоматски да се вратите на таа поставка.



H113721—UN—19DEC16

Странично накосување

Странична наваленост— одржување на релативната позиција во однос на тлото.

PR79369,000046A-A8-26FEB21

Обновување на висина

Обновувањето на висината ви овозможува да ја изберете позицијата на куќиштето за достава во однос на шасијата на машината и да ја вратите автоматски во таа позиција.

Изменете кога:

- Промена на висината на културата преку целото поле.
- Промена на тип на хедер.
- Промени на теренот.
- Промена од сечење на земја во сечење над земјата.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Системот за обнова на висината е ВКЛУЧЕН.
- Хедерот е вклучен.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да го ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ обновувањето на висината.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Ако опцијата во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот за ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО е заменет со икона за предупредување. Избирајќи го ова копче се донесува информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Обновувањето на висината ќе врати на последните познати поставки за прилагодување.



H116353—UN—19DEC16

Обновување на висина

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за обновување на висината на екранот на аголниот постамент.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број


Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.



H116347—UN—20DEC16

Бројченик за нагодување

4. Прилагодете ја висината користејќи го вртливото копче за прилагодување на хедерот.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока на стрелките на часовникот за да го подигнете хедерот и поставените точки.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока спротивна на стрелките на часовникот за да го спуштите хедерот и поставените точки.



H116356—UN—20DEC16

Графикон

Графичкиот приказ на екранот кај аголниот постамент ја покажува релативната позиција на хедерот базирана според сензорот за висина поврзан на хедерот.



H118305—UN—19DEC16

Нумерички приказ

Бројчаниот приказ на екранот кај аголниот постамент ја покажува релативната позиција на хедерот базирана според сензорот за висина поврзан на хедерот.



H116348—UN—19DEC16

Подигање/спуштање

Користењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот привремено го деактивира системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето и држењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот во текот на 5 секунди го оневозможува системот.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во последната позната поставеност.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.

PR79369,000046B-A8-26FEB21

Детекција на висина — над почва

Ви овозможува да ја изберете позицијата на хедерот во однос на тлото и автоматски да ја вратите во таа позиција.

Изменете кога:

ЗАБЕЛЕШКА: Потребно е калибрирање кога платформата е првично поврзана на комбајната. Ако е поврзана различна платформа од ист тип, калибрацијата треба да биде повторена.

- Хедерот не ги следи контурите на почвата.
- Сечење над почвата со користење на раце чуствителни на висина. HydraFlex™ Притисокот може да биде зголемен за да го заклучи хедерот во крута положба.
- Се чини дека хедерот коси премногу ниско. Подигнете ја поставката за висина.
- Хедерот оди преку културата или ја остава не сечена. Спуштете ја поставката за висина.
- Промена на тип на хедер.
- Промени на теренот.

Системот е овозможен кога:

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Системот за детекција на висината е ВКЛУЧЕН.
- Хедерот е вклучен.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главната страна на апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ детекцијата на висината.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот е заменет со копче-икона за генеричкиот проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Детекцијата на висината се враќа на последните познати поставки за прилагодување. Секое копче за активирање може да зачува различна позиција на ролната. Притиснете и држете го саканото копче 2 секунди за да ја зачувате позицијата на ролната.



H116358—UN—19DEC16

Детекција на висина

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за детекција на висината на екранот на аголниот постамент.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број


Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.



H116347—UN—20DEC16

Бројченик за нагодување

4. Променете ја поставката за висина со притискање на посакуваното активирачко копче и прилагодете ја висината користејќи го вртливото копче за прилагодување на хедерот.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока на стрелките на часовникот за да го подигнете хедерот и поставените точки.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока спротивна на стрелките на часовникот за да го спуштите хедерот и поставените точки.



H116356—UN—20DEC16

Графикон

Графичкиот приказ на екранот кај аголниот постамент ја покажува релативната позиција на хедерот базирана според сензорот за висина поврзан на куќиштето за достава.



H118305—UN—19DEC16

Нумерички приказ

Бројчаниот приказ на екранот кај аголниот постамент ја покажува релативната позиција на хедерот базирана според сензорот за висина поврзан на куќиштето за достава.



H116348—UN—19DEC16

Подигање/спуштање

Користењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот привремено го деактивира системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето и држењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот во текот на 5 секунди го оневозможува системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за спуштање на хедерот може да биде поставен веднаш да го оневозможи системот се до притиснувањето на активирачкото копче. За повеќе информации, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за спуштање на хедерот може да се постави да не го активира повторно системот кога е притиснат прекинувачот за спуштање на хедер. За повеќе информации, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во последната позната поставеност.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.

PR79369,000046C-A8-26FEB21

Детекција на висина — на почва

Детекцијата на висината на тло ви овозможува да го прилагодите теренскиот притисок кај шипката за косење и автоматски да се вратите на таа поставка.

Изменете кога:

ЗАБЕЛЕШКА: Потребна е калибрација кога го менувате хедерот без оглед на величината и типот, освен ако претходно е калибрирано.

- Шипката за косење не ги следи контурите на почвата.
- Изгледа дека шипката за косење турка. Зголемете го притисокот на HydraFlex™.
- Шипката за косење оди преку културата или ја остава не сечена. Намалете го притисокот на HydraFlex™.
- Промена на тип на хедер.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Системот за детекција на висината е ВКЛУЧЕН.
- Хедерот е вклучен.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главната страна на апликацијата за хедер.

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ детекцијата на висината.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот е заменет со копче-икона за генеричкиот проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Детекцијата на висината се враќа на последните познати поставки за прилагодување. Секое копче за активирање може да зачува различна позиција на ролната. Притиснете и држете го саканото копче 2 секунди за да ја зачувате позицијата на ролната.



H116358—UN—19DEC16

Детекција на висина

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за детекција на висината на екранот на аголниот постамент.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број


Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.



H116347—UN—20DEC16

Бројченик за нагодување

4. Променете ја поставката за висина со притискање на посакуваното активирачко копче и прилагодете ја висината користејќи го вртливото копче за прилагодување на хедерот.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока на стрелките на часовникот за да го зголемите притисокот на HydraFlex™.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока спротивна на стрелките на часовникот за да го намалите HydraFlex™ притисокот.



H116356—UN—20DEC16

Графикон

Графичкиот приказ на екранот кај аголниот постамент ја покажува поставената вредност за притисокот базирано на притисокот во шипката за косење на платформата.



H118305—UN—19DEC16

Нумерички приказ

Бројчаниот приказ на екранот кај аголниот постамент ја покажува поставената вредност за

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

притисокот базирано на притисокот во шипката за косење на платформата.



H116348—UN—19DEC16

Подигање/спуштање

Користењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот привремено го деактивира системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето и држењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот во текот на 5 секунди го оневозможува системот.

- Рачното прилагодување на висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедер привремено го надвасува системот се додека да се ослободи. Штом еднаш прекинувачот се ослободи, системот се враќа назад во автоматски режим.

  ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за спуштање на хедерот може да биде поставен веднаш да го оневозможи системот се до притиснувањето на активирачкото копче. За повеќе информации, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.

- Рачното прилагодување на висината на хедерот со прекинувачот за подигање на хедер привремено го исклучува системот се додека да се притисне прекинувачот за спуштање на хедер. Штом еднаш прекинувачот е притиснат, системот повторно се активира.

  ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за спуштање на хедерот може да се постави да не го активира повторно системот кога е притиснат прекинувачот за спуштање на хедер. За повеќе информации, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во последната позната поставеност.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.

PR79369,000046D-A8-26FEB21

Пловење на куќиштето за достава

Пловењето на куќиштето за достава ви дозволува да изберете колку силно крутиот хедер ќе ја допира земјата и да го одржувате поставениот притисок.

Изменете кога:

- Теренските услови се тврди а хедерот остава повисоко стрниште или не го следи тлото според посакуваното. Намалете го притисокот.
- Теренските услови се тврди а хедерот остава повисоко стрниште или не го следи тлото според посакуваното. Зголемете го притисокот.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Системот за пловење на куќиштето за достава е ВКЛУЧЕНО.
- Хедерот е вклучен.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да го ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ активното пловење на хедерот.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот е заменет со копче за генеричкиот проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Висината на пловење на хедерот се враќа на последните познати поставки за прилагодување.



H116972—UN—19DEC16

Пловење на куќиштето за достава

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за висина на пловење на хедерот на екранот на аголниот постамент.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број


Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.



H116347—UN—20DEC16

Бројченик за нагодување

4. Променете го притисокот со притискање на посакуваното активирачко копче и прилагодете ја висината користејќи го вртливото копче за прилагодување на хедерот.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока на стрелките на часовникот за да го подигнете притисокот во цилиндарот за дигање на хедерот и поставените точки.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување на хедерот во насока спротивна од стрелките на часовникот за да го спуштите притисокот во цилиндарот за дигање и поставените точки.



H116356—UN—20DEC16

Графикон

Прикажаниот графички приказ го покажува вистинскиот притисок за пловење на хедерот.



H118305—UN—19DEC16

Нумерички приказ

Бројчаниот приказ го покажува вистинскиот притисок за пловење на хедерот.



H116348—UN—19DEC16

Подигање/спуштање

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето и држењето на прекинувачот за подигање/спуштање на хедерот во текот на 5 секунди го оневозможува системот.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во последната позната поставеност.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.

PR79369,000046E-A8-26FEB21

Странична наваленост

Страничното навалување ви овозможува да ја одржувате релативната позиција на хедерот во однос на почвата користејќи го системот за странично навалување за да го изедначи растојанието од крајните точки на хедерот до почвата.

Изменете кога:

- ВКЛУЧЕНО: За хедери опремени со соодветните сензори користете го страничното навалување за да одржувате воедначена висина на косење долж широчината на хедерот додека косите на или над почвата.
- ИСКЛУЧЕНО: Можете да го оневозможите страничното навалување ако предпочитате рачно да го навалувате хедерот со притискање на копчето за навалување на повеќе функционалната рачка Оневозможете го страничното навалување ако хедерот не е опремен со соодветните сензори.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Хедерот бил калибриран.
- Систем за странично навалување е ВКЛУЧЕН.
- Хедерот е вклучен.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да го ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ страничното навалување.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот е заменет со копче за генеричкиот проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Страничното навалување ќе се врати на последните познати поставки за прилагодување.



H116359—UN—19DEC16

Странично накосување

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за странично навалување на екранот на аголниот постамент.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број

Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.



H116348—UN—19DEC16

Подигање/спуштање

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето на прекинувачот за странично навалување го надвасува системот. Кога прекинувачот е ослободен во рок од 5 секунди, системот се враќа во автоматскиот режим.

Притиснете ја десната страна на прекинувачот за да го навалите хедерот во десно или притиснете ја левата страна на прекинувачот за да го навалите хедерот во лево.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во последната позната поставеност.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

PR79369,000046F-A8-26FEB21

Обнова на избраните опции

Овозможете го или оневозможете го автоматското обновување на автоматските функции на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ставки подолу се достапни само ако машината е опремена со придружната опција.



H113524—UN—19DEC16

Автоматска брз. на ролната

Автоматска брзина на ролна - автоматска контрола на ролната или ременскиот собирач во однос на теренската брзина.



H131361—UN—02SEP20

Автоматска брзина на ременот на драперот


Автоматска брзина на ремен на драпер - автоматска контрола на брзината на страничниот ремен на драперот во однос на теренската брзина.



H113717—UN—19DEC16

Обнова за напред/назад

Обнова за напред/назад— изберете позиција за напред/назад и автоматски вратете се на таа позиција.



H116163—UN—19DEC16

Обновена позиција на ролната

Обнова на позиција на ролна - изберете позиција за ролната и автоматски враќајте се на тие позиции.



H113532—UN—19DEC16

Обновување на позиција на палубната плоча

Обнова на позиција на палубна плоча - изберете позиции на палубните плочи и автоматски враќајте се на таа позиција.

PR79369,0000470-A8-11MAR21

Обнова на напред/назад

Обновувањето напред/назад ви дозволува да ја програмирате зачуваната позиција за наваленост према напред/назад на рамката на куќиштето за достава на било кое од активирачките копчиња 1,2 или 3 на повеќе функционалната рачка.

ЗАБЕЛЕШКА: Можно е да имате стандардна позиција за жнеење исправена култура и друга за легната култура. Ова ви овозможува брзо да се префрлате напред и назад.

Изменете кога:

- Возење над влажниот или густиот преостанат остаток.
- Сакате подобро прикачување или откачување на хедерот.
- Сакате да ги оптимизирате пренесување на материјалот од културата во куќиштето за достава.

Навалете го куќиштето за достава напред кога:

- Собирање на легнат посев.
- Кога косите поблизу до почвата.

Навалете го куќиштето за достава назад кога:

- Материјалот се турка од страна на шипката за косење. Поместете на назад за да го намалите губењето на материјалот.
- За исправена култура, навалувањето на назад може да го оптимизира доставувањето/ пренесувањето на материјалот во машината.

Системот е овозможен кога:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Системот за обнова на хидрауличното движење напред/назад на куќиштето за достава е ВКЛУЧЕН.
- Распределбата на прекинувачите на повеќе функционалната рачка е според функциите.
- Хедерот е вклучен.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да го ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ обновувањето напред/назад.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H118577—UN—19DEC16

Програмабилни копчиња

3. За промена на избраните вредности за навалувањето напред/назад, притиснете го посакуваното програмабилно копче C или D и прилагодете го навалувањето напред/назад користејќи ги прекинувачите за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

4. Притиснете го и задржете го посакуваното активирачко копче 2 секунди за да ја внесете посакуваната поставка во меморија.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број

Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.

5. Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за

достава на напред или притиснете и задржете го долниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава на назад.

Дисплејот кај потпирачот за раце ја покажува положбата на наваленоста напред/назад на куќиштето за достава врз основа на сензорот поврзан со куќиштето за достава.

Рачното поместување на прекинувачите за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, на повеќе функционаланата рачка го исклучува системот.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Хидрауличното навалување напред/назад на куќиштето за достава автоматски се поместува во претходно избраната положба.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога куќиштето за достава е подигнато и хедерот е вклучен, навалувањето напред/назад на куќиштето за достава автоматски се движи напред. Ова овозможува вклучување на безбедносните запирачи на куќиштето за достава. Наваленоста напред/назад на куќиштето за достава, при спуштање, автоматски се враќа во последната запазена положба.

Кога хедерот е исклучен, наваленоста напред/назад на куќиштето за достава, при подигнување, автоматски се придвижува напред. Наваленоста напред/назад на куќиштето за достава, при спуштање, автоматски се враќа во последната запазена положба.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

6. Изберете да се затвори.

PR79369,0000471-A8-26FEB21

Обновена позиција на ролната

Обновувањето на позицијата на ролната ви овозможува да изберете релативна позиција на ролната во однос на ремените, сврделот, шипката за косење, подот и.т.н., и автоматски да се вратите во таа позиција.

Измените за да:

- Жнеење на исправена култура со различни височини во истото поле.
- За помагање во собирањето на легнат посев.
- Исчистете ја шипката за косење на крајот од косеното.

Поставување оптимален проток на култура:

- **Исправена култура (со активна детекција на висина)** - поставете ја ролната над шипката за косење, така што малку ги допира главите на житото. Ова помага културата да падне во платформата.

  Кај култури со ситни зрна, наместете ја ролната малку пред сврделот за да може културата да паѓа во сврделот. Поставете ги запците на ролната исправени надолу или малку нанапред. Ако културата почне да се врти со ролната, позицијата на ролната е прениска. Ако ролната ја удира културата и потскокнува напред и назад пред да биде пресечена, намалете ја брзината на ролната. Преголема брзина на ролната ќе доведе до загуби на хедерот.
- **Легната култура (со активен режим на лебдење)** — ставете ја ролната пред шипката за косење, за да може ролната да ја превртува културата. Поставете ги запците на ролната наназад за да подигнат во подигање на културата. Може да користите подигачи на култура доколку се достапни за типот на вашата платформа.
- **Вртење кај краевите (со активирано продолжување на висината)** - поставете ја ролната што е можно поблизу до шипката за косење. Ова спречува културата да испаѓа од платформата при вртење кај краевите.

Системот е овозможен кога:



H116361—UN—19DEC16

Обновена позиција на ролната

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за обновување на позицијата на ролната на екранот на аголниот постамент.

- Правилно опремен хедер (со сензори за позиција на ролна) е поврзан на машината и е калибриран.
- Моторот работи.
- Куќиштето за достава е вклучено.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да го ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ обновувањето на позицијата на ролната.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116349—UN—19DEC16

Подигнување на ролна

3. Употребете го прекинувачот за подигање на ролната за да ја добиете посакуваната висинска позиција на ролната.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

4. Притиснете го и задржете го посакуваното активирачко копче 2 секунди за да ја внесете посакуваната поставка во меморија.

ЗАБЕЛЕШКА: Секое копче за активирање може да зачува различна позиција на ролната. Притиснете и држете го саканото копче 2 секунди за да ја зачувате позицијата на ролната.



H116361—UN—19DEC16

Обновена позиција на ролната

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за обнова на позицијат на ролната трепка покажувајќи дека е сочувана поставената вредност.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број

Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.

Рачното придвижување на прекинувачот за подигање на ролната на повеќе функционалната рачка го исклучува обновувањето на позицијата на ролната.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Ролната автоматски се движи во однапред избраната висина.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.

PR79369,0000472-A8-26FEB21

Обновување на позиција на палубната плоча

Обновата на позицијата на палубна плоча ви овозможува да изберете позиција на палубните плочи и автоматски да се вратите на таа позиција.

Изменете кога:

Намалете го проредот на палубната плоча кога:

- Класот се лупи на палубните плочи.
- За област која има помали стебленца поради поплави или ниско ниво на хранливи материи.
- За да се намали загубата на жито и оштетувањето кај хедерот ако посотои условот.

Зголемете го проредот на палубната плоча кога:

- Внесувањето прекумерно ѓубре од хедерот за

пченка причинува излупена пченка да излегува надвор од задниот дел на комбајната.

- Повлекување нагоре на стеблата на пченка и класот. Постепено отворете ги палубните плочи се додека стеблата се доставуваат преку ролните по слободно.
- За помалку материјал освен од житарица за намалување на оптоварувањето врз чевелот.
- За собирање легната пченка за подобрена достава и намалување на ѓубрето што машината го внесува.
- За чистење на било каков насобран материјал околу палубните плочи кога се доаѓа до крајот на сеченото.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер (со сензори на палубна плоча) е поврзан на машината и е калибриран.
- Моторот работи.
- Куќиштето за достава е вклучено.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да го ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ обновувањето на позицијата на палубната плоча.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116349—UN—19DEC16

Подигање на ролната напред/назад

3. Употребете го прекинувачот за напред/назад на ролната за да го добиете посакувното растојание.
   - Левата страна на прекинувачот го зголемува проредот.
   - Десната страна на прекинувачот го намалува проредот.

·Минимално: 0

Максимално: 9

Прираст: 1



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

4. Притиснете го и задржете го посакуваното активирачко копче 2 секунди за да ја внесете посакуваната поставка во меморија.



H116362—UN—19DEC16

Обновување на позиција на палубната плоча

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за обновување на позицијата на палубната плоча на екранот на аголниот постамент.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број

Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.

Рачното придвижување на прекинувачот за напред/назад на повеќе функционалната рачка го исклучува обновувањето на палубната плоча.

Притиснете ги активирачките копчиња 1, 2 или 3 одново да го активирате системот. Палубните

плочи автоматски се движат во однапред одредената позиција.

PR79369,0000473-A8-26FEB21


Обнова на позиција на шипката за косење

Обновувањето на позицијата на шипката за косење ви дозволува да ја програмирате зачуваната позиција на шипката за косење на било кое од активирачките копчиња 1, 2 или 3 на повеќе функционалната рачка.

ЗАБЕЛЕШКА: Можно е да имате стандардна позиција за жнеење исправена култура и друга за легната култура. Ова ви овозможува брзо да се префрлате напред и назад. Обновувањето на положбата на шипката за косење единствено работи на европските хедери со издолжливи платформи.

Измените за да:


- Намалете ги пред-жетвените загуби кај високи исправени култури. Издолжете ја шипката за косење.
- Подобрено доставувањето кај ниски исправени култури. Вовлечете ја шипката за косење.



H127897—UN—31OCT19

Масата е прекратка


- Решете ги проблемите со достава кога културата паѓа врз сврделот. Масата е прекратка. Извлечете ја масата.



H127898—UN—31OCT19

Масата е предолга

- Решете ги проблемите со достава кога културата паѓа предалеку пред сврделот и почнува да се натрупува. Масата е предолга. Вовлечете ја масата.



H127896—UN—31OCT19

Оптимална поцизија на масата

- Оптимизирајте ја доставата на култура. Културата паѓа меѓу спиралите на сврделот. Масата е во оптималната позиција.

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да ја вклучите/исклучите позицијата за обнова за шипката за косење.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот е заменет со копче за генеричкиот проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H114081—UN—19DEC16

Положба на секачот

3. Одберете го подрачјето на екранот означен под позиција на шипка за косење за да ја отворите страната за позиција на шипката за косење.



H116150—UN—20DEC16

Прилагодување

4. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната позиција.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

6. Притиснете го и задржете го посакуваното активирачко копче 2 секунди за да ја внесете посакуваната поставка во меморија.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број

Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.

Алтернативна постапка за измена:

ЗАБЕЛЕШКА: Комбајнот ви овозможува да внесете висина на растението и посакуваната висина за стрниште на екранот кај наслонот за рака. Овој податок, заедно со внесениот износ на жнеената култура, и овозможува на комбајнот да направи пред-поставка за косење за оптимизирана работа.

ЗАБЕЛЕШКА: До волшебникот може да се пристапи низ овој приказ или да се стартува од информации и поставки.



H116151—UN—19DEC16

Волшебник за шипка за косење

1. Изберете за да го стартувате волшебникот за шипката за косење.



H116152—UN—19DEC16

Поле за внес

2. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ја внесете посакуваната висина на растение.



H116152—UN—19DEC16

Поле за внес

3. Изберете за да отворите бројчана тастатура и да ја внесете посакуваната висина на стрниште.



H116154—UN—19DEC16

Зачувај

- Изберете да го затворите приказот и ажурирате поставките за позиција.



H116153—UN—19DEC16

Откажи

- Изберете да излезете од приказот без ажурирање на поставките за позиција.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

4. Притиснете го и задржете го посакуваното

активирачко копче 2 секунди за да ја внесете посакуваната поставка во меморија.



H116354—UN—19DEC16

Активирачки број

Активирачкиот број на екранот од аголниот постамент покажува кое копче било избрано.

PR79369,00004B1-A8-08MAR21

Автоматска брзина на ролната

Автоматската брзина на ролната ви овозможува да ја програмирате зачуваната брзина на ролната или ременскиот собирач на кое било од копчињата за активирање на повеќефункционалната рачка. Можно е да имате една стандардна брзина на ролната за жнеење исправена култура и друга за легната култура. Ова ви овозможува брзо да се префрлате напред и назад.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставката за автоматска брзина на ролната автоматски се зачувува кога е активна Автоматизација на хедер.

Изменете кога:

- Собирање на легнат посев. Минималната брзина варира врз основа на условите и операторот.
- Ролната ја врши културата. Успорете ја ролната со намалување на автоматската брзина на ролната.
- Културата се турка со ролната. Забрзајте ја ролната со зголемување на автоматската брзина на ролната.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Вклучена автоматската брзина на ролната.
- Хедерот и сепараторот се вклучени.
- Патната брзина е поголема од 0,25 km/h (0.16 mph).

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран од апликацијата за хедер.



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ автоматската брзина на ролната.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот се заменува со предупредувачко копче за генерички проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Авоматската брзина на ролната се враќа на последната позната поставка за прилагодување.



H116360—UN—19DEC16

Автоматска брз. на ролната

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува икона за автоматска брзина на ролната на екранот на аголниот постамент.



H116352—UN—20DEC16

Бројченик за брзина на намотката

4. Променете ја брзината користејќи го вртливото копче за брзина на ролната.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите брзината.
   - Завртете го вртливото копче за прилагодување спротивно од стрелките на часовникот за да ја намалите брзината.

     ·Минимално: 0

     Максимално: 50

     Прираст: 1

ЗАБЕЛЕШКА: Предложениот сооднос за исправени култури е 4. Предложениот сооднос за легнати култури е 11.



H118305—UN—19DEC16

Нумерички приказ

Бројчаниот приказ на екранот од аголниот постамент ја покажува моменталната поставка за брзинскиот сооднос.



H116352—UN—20DEC16

Бројченик за брзина на намотката

ЗАБЕЛЕШКА: Менувањето на брзината со вртливото копче за ролната ја менува однапред избраната поставка. За да се вратите назад на однапред избраната поставка, притиснете го програмираното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Колку е повисок избраниот број на сообносот, толку побрзо работи ролната во однос на теренската брзина на машината.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

5. Изберете да се затвори.

PR79369,0000474-A8-26FEB21

Автоматска брзина на ременот на драперот

Автоматската брзина на ременот на драперот ви овозможува да ја програмирате зачуваната брзина на страничниот ремен на кое било од копчињата за активирање на повеќефункционалната рачка. Можно е да имате една стандардна брзина на страничен ремен за жнеење исправена култура и друга за легната култура. Ова ви овозможува брзо да се префрлате напред и назад. Брзината на ременот на драперот е пропоционална со теренската брзина на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Автоматската брзина на ременот на драперот се користи само за платформи на драперот. За повеќе информации за продолжување на преференците за брзина на ременот кај платформи на ременскиот собирач, видете Автоматска брзина на ролна.

Поставката за автоматска брзина на ременот на драперот автоматски се зачувува кога е активна Автоматизација на хедер.

Изменете кога:

- Перформансите на доставата се лоши.
- Потребно е да ја зголемите брзината на ролната.

Системот е овозможен кога:

- Правилно опремен хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз е во позиција за работа во поле.
- Системот за автоматска брзина на ременот на драперот е ВКЛУЧЕН.
- Хедерот и сепараторот се вклучени.

- Патната брзина е поголема од 0,25 km/h (0.16 mph).

Постапка за измена:



H116962—UN—19DEC16

Автоматска контрола

1. Изберете автоматска контрола на главниот екран на апликацијата за хедерот



H116165—UN—19DEC16

ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО

2. Изберете за да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ автоматската брзина на ролната.



H116168—UN—19DEC16

Икона за алармирање

ЗАБЕЛЕШКА: Кога дадена опција во автоматиката има проблеми кои ја оневозможуваат, преклопникот се заменува со предупредувачко копче за генерички проблем. Избирајќи го ова копче се донесува порака со информација за да помогне во решавањето на проблемот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинските конфигурации и поставеноста на вашите конфигурациони прекинувачи и копчиња на повеќе функционалната рачка, постојат многу комбинации.

3. Притиснете го посакуваното активирачко копче.



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање

ЗАБЕЛЕШКА: Авоматската брзина на ременот на драперот се враќа на последната позната поставка за прилагодување.



H113541—UN—19DEC16

Апликација за хедерот

4. Пристапете до Апликација за хедер.



H131361—UN—02SEP20

Брзина на ремен

5. Од главната страна на хедерот изберете ја иконата Брзина на ремен. Се отвора прозорецот за брзина на ременот на драперот.



H116148—UN—20DEC16

Прилагодување

6. Променете ја брзината користејќи ги софтверските копчиња на дисплејот.
   - Притиснете го софтверското копче плус (+) за да ја зголемите брзината.
   - Притиснете го софтверското копче минус (-) за да ја намалите брзината.

     ·Минимално: 0

     Максимално: 10

     Прираст: 1



H116149—UN—19DEC16

Поле за внес

Полето за внес на екранот ја покажува поставката на соодносот на тековната брзина.

ЗАБЕЛЕШКА: Менувањето на брзината со софтверските копчиња ја менува однапред избраната поставка. За да се вратите назад на однапред избраната поставка, притиснете го програмираното активирачко копче.

ЗАБЕЛЕШКА: Колку е повисок избраниот број на соодносот, толку побрзо работи ременот во однос на теренската брзина на машината.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

7. Изберете да се затвори.

PR79369,0000475-A8-26FEB21

Притисок HydraFlex™

HydraFlex™ Притисокот помага платформата оптимално да го следи теренот и ви овозможува да го менувате притисокот на шипката за косење врз земјата без да се менува висината на косење на културата.

Изменете кога:

- Сечење над почвата со користење на раце чуствителни на висина. HydraFlex™ притисокот може да биде зголемен за да ја заклучи шипката за косење во крута положба.
- Зголемете го притисокот кога шипката за косење турка.
- Намалете го притисокот кога шипката за косење оди преку културата или ја остава не сечена.

Постапка за измена:



H114076—UN—19DEC16

HydraFlex™ притисок

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под HydraFlex™ притисок отворите страната за HydraFlex™ притисок.



H116142—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да го зголемите или минус (-) за да го намалите посакуваниот притисок.
   - ·Минимално: 0
   - Максимално: 20 684 kPa (207 bar) (3000 psi)
   - Прираст: 345 kPa (4 бари) (50 psi)
   - Нема стандардно



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Препорачани поставки (600FD и 700FD):

- 6894 kPa (69 bar) (1000 psi) за цврсти почвени услови.
- 8963 kPa (90 bar) (1300 psi) во услови на нормална почва.
- 11 031 kPa (110 bar) (1600 psi) во услови на мека почва.

Препорачани поставки (600F):

- 7584 kPa (76 bar) (1100 psi) за цврсти почвени услови.
- 8963 kPa (90 bar) (1300 psi) во услови на нормална почва.
- 11 721 kPa (117 bar) (1700 psi) во услови на меко тло.

Алтернативна постапка за измена:



H116143—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.

- Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
- Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

PR79369,0000476-A8-26FEB21

Брзина на ремен на драпер

Брзината на ременот на драпер ги контролира брзините на страничните драпер ремени. Поставете ја брзината на ременот за условите што преовладуваат кај културата и прилагодете за подеднаква распределба на посевот преку страничните драпер ремени.

ЗАБЕЛЕШКА: Обично, најдобро е да почнете со максимална брзина на ременот и да ја намалите брзината ако дојде до проблеми во доставата.

Зголемете ја брзината на ременот кога:

- Се случува да има големо оптоварување на страничните ремени.
- Се случува да има големо оптоварување од материјалот долж страните на централниот ремен.
- Се случува прекумерно запушување на барабанот за достава и/или куќиштето за достава.
- Културате е повлечена под платформата од страничните драпер ремени.
- Премногу материјал на ремените и го блокира ножот и ја остава неискосена посеаната култура.

Намалете ја брзината на ременот кога:

- Културата се доставува од драпер ременот од спротивната страна.
- Сакате да се намалат загубите поради кршење за долги зелени стебла/слама.

Постапка за измена:



H114075—UN—19DEC16

Брзина на ремен на драпер

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под брзина на ремен на драпер за да ја отворите страната за брзина на ремен на драперот.



H116145—UN—19DEC16

Стандардно

2. Употребете го префрлачкото копче за да го изберете посакуваниот режим за ременот.



H116144—UN—19DEC16

Намалена брзина

ЗАБЕЛЕШКА: Користете намалена брзина кога не жнеете со целосна широчина на платформата.

ЗАБЕЛЕШКА: Во режим на намалена брзина, ремените успоруваат на стандардните фабрички поставки и трепка иконата на желка под иконата за брзина на ремен на драпер.

ЗАБЕЛЕШКА: Зголемувањето на брзината на ременот ја надминува намалената брзина.



H116146—UN—20DEC16

Прилагодување

3. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната брзина.

   ·Минимално: 0

   Максимално: 240 втр./мин.

   Прираст: 10 врт./мин.

   Нема стандардно



H116648—UN—19DEC16

Затвори

4. Изберете да се затвори.

Препорачани поставки:

160—220 n/min

Обично побрзи брзини на ременот се бара при потешки услови кај културата.

Алтернативна постапка за измена:



H116147—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

PR79369,0000477-A8-26FEB21

Пловечка позиција на драпер

Пловечката позиција на драпер го контролира притисокот во цилиндрите на помошните тркалца и централниот дел.

ЗАБЕЛЕШКА: Повисоки броеви го прават хедерот полесен, што пак го зголемува притисокот на масло на помошните тркалца/централниот дел во пловењето. Пониски броеви го прават хедерот потежок со помалку притисок во системот за пловење.

Изменете кога:

Само за косење над почва:

- Сакате да го намалите несаканиот допир со почвата. Зголемете ги поставките за пловење.
- Сакате да го намалите брановидното косење. Намалете ги поставките за пловење.
- Хедерот е бавен за да реагира на промените од почвените услови. Намалете ги поставките за пловење.

Легната култура:

- Хедерот почнува да го турка материјалот напред пред шипката за косење, како што понекогаш може да се види во услови на меко тло. Зголемете ги поставките за пловење.
- Хедерот почнува да ја остава неискосена културата позади шипката за косење, како што понекогаш може да се види во услови на цврсто тло. Намалете ги поставките за пловење.

Постапка за измена:



H116130—UN—19DEC16

Пловечка позиција на драпер

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под пловечка позиција на драпер за да ја отворите страната за пловечката позиција на драперот.



H116148—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете плус (+) да ја зголемите или минус (-) за да ја намалите посакуваната позиција.

   ·Минимално: 1

   Максимално: 10

   Зададено 5

   Прираст: 1



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

Алтернативна постапка за измена:



H116149—UN—19DEC16

Поле за внес

1. Изберете за да ја активирате навигационата лента и вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115035—UN—14MAR16

Навигациона лента
Копче за прилагодување



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете ја навигационата лента или вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја изберете посакуваната поставка.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

PR79369,0000478-A8-26FEB21

Наваленост на шипката за косење

Навалувањето на шипката за косење го прилагодува аголот на шипката за косење во однос на остатокот од платформата за оптимизирање на жетвените способности.

Измените за да:


Навалете ја шипката за косење на напред:

- За помагање во собирањето на легнат посев.
- Кога жнеете поблизу до почвата.

Навалете ја шипката за косење на назад:

- Спречете да не собирате камења, нечистотија и други туѓи тела. Го порамнувате хедерот додека косите на почвата.
- Спречува да се коси културата на начин да се одалечува од комбајната или да се создава загуба на класно жито кај шипката за косење.

Постапка за измена:



H114077—UN—19DEC16

Наваленост на шипката за косење

1. Одберете го подрачјето на екранот означен под наваленост на шипка за косење за да ја отворите страната за наваленост на шипката за косење.



H116155—UN—20DEC16

Прилагодување

2. Изберете за да ја навалите шипката за косење нагоре или надолу.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

3. Изберете да се затвори.

PR79369,0000479-A8-26FEB21

Проред на палубна плоча

Проредот на палубната плоча го прилагодува отворот кај палубната плоча со цел да одговара на промените кај состојбата на културата.

Изменете кога:

- Префрлање на полиња, или непостојани услови во едно исто поле.

Намалете го проредот на палубната плоча кога:

- Класот се лупи на палубните плочи.
- Загубите кај хедерот се препознаваат по лупењето на зрното во основата на класот.
- Кај пченкарниот клас се препознава по оштетено зрно. Намалете го проредот на палубната плоча за да обезбедите мек прием на класот.
- Сакате да го оптимизирате доставувањето за тенки стебленца.

Зголемете го проредот на палубната плоча кога:

- Внесувањето прекумерно ѓубре од хедерот за пченка причинува излупена пченка да излегува надвор од задниот дел на комбајната.
- Хедерот за пченка ги повлекува нагоре стеблата на пченка и класот. Постепено отворете ги палубните плочи се додека стеблата се доставуваат преку ролните по слободно.
- Изгледа дека пченката ги бутка стеблата.
- Сакате да го оптимизирате доставувањето на стебленца со поголем дијаметар.

Постапка за измена:



H116349—UN—19DEC16

Прекинувач за проред на палубна плоча

- Притиснете на левата страна на прекинувачот за да го зголемите проредот.
- Притиснете на десната страна на прекинувачот за да го намалите проредот.



H116362—UN—19DEC16

Проред на палубна плоча

ЗАБЕЛЕШКА: Притискајќи ја левата или десната страна на прекинувачот на повеќе функционалната рачка ја активирате иконата за проред на палубната плоча на екранот на аголниот постамент.

·Минимално: 0

Максимално: 9

Прираст: 1

ЗАБЕЛЕШКА: За да се обезбеди прилагодување на растојанието на палубната плоча за хедери со електричен проред на плочата - операторите ќе мора да поминат низ напредни поставки и да изберат опција од 3 та страна за надвасување на плубната плоча.

Откако е овозможена, оваа опција му овозможува на операторот да ја потчукне рамката за проредот на палубната плоча на апликацијата за да се појави на приказот за прилагодување со достапно условно отчитување.

PR79369,000047A-A8-26FEB21

Брзина на задно вратило

Прилагодувањето на брзината на задното вратило ви овозможува да ја оптимизирате брзината на достава кај хедерот согласно брзината на движење и волуменот на материјалот што машината го жнее.

Изменете кога:

Зголемете ја брзината на задното вратило кога:

- Стеблата паѓаат.
- Подигнување на стеблата од земјата.

Носечки ленти за забрзување на доставата на цврста култура—промена



H107173—UN—06MAR13



H107174—UN—06MAR13

Перки на забрзувачот за достава и носечки ленти (цврста култура)

A—Завртки со кружна глава
B—Лента за носење на доставниот акцелератор
C—Завртки со глава
D—Крила на доставниот акцелератор

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Крилата на доставниот акцелератор и потрошните

ленти може да се заменат без да се извади доставниот акцелератор. Заменете ги перките на забрзувачот за достава и носечките ленти во комплет од две и наспроти едно од друго за да се одржи правилниот баланс.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако забрзувачот на достава е отстранет од машината или е сервисиран, затегнете ги стегнувачките завртки пред да ги осигурате перките.

Секогаш заменете го хардверот(механички делови), кога ги заменувате носечките ленти на забрзувачот на достава.

Отстранете ги завртките со кружна глава (A) и заменете ги носечките ленти (B) од забрзувачот на достава според потребата. Затегнете ги завртките со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со кружна глава за носечките ленти на забрзувачот за достава—Вртлив момент. . . . . 107 N·m (79 lb·ft)


Извадете ги навртките со глава (C) и заменете ги крилата (D) на доставниот акцелератор по потреба. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Завртки со глава на крилата на доставниот акцелератор—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)

OUO6075,0004A13-A8-09AUG18

Запчести носечки ленти за забрзување на достават—промена



H102209—UN—15JUN11



H102210—UN—15JUN11

Перки на забрзувачот на достава и носечки ленти

A—Завртки со кружна глава
B—Лента за носење на доставниот акцелератор
C—Завртки со глава
D—Склоп на крилата
E—Место на преклопување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Крилата на доставниот акцелератор и потрошните ленти може да се заменат без да се извади доставниот акцелератор.

Отстранете ги завртките со кружна глава (A) и заменете ги носечките ленти (B) од забрзувачот на достава според потребата. Затегнете ги завртките со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со кружна глава за носечките ленти на забрзувачот за достава—Вртлив момент. . . . . 73 N·m (54 lb.-ft.)

Извадете ги навртките со глава (C) и заменете го склопот на крилата (D) по потреба.

ВАЖНО: Доставниот акцелератор мора да биде статички избалансиран. Додајте подлошки колку што е потребно за да се избалансира доставниот акцелератор.


Монтирајте го склопот на крилата да се преклопи на местото (E) како што е прикажано. Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Завртки со глава на склопот на крилата на доставниот акцелератор—Вртлив момент. . . . . 73 N·m (54 lb.-ft.)

OUO6075,0001729-A8-14JAN14

Под за чешлање на доставниот акцелератор со запци (машини за ориз)



H105544—UN—20JUN12



H105543—UN—20JUN12

A—Под на кабината
B—Мазна обложена плоча

ЗАБЕЛЕШКА: Машината фабрички се испорачува со инсталиран поден чешел. Подниот чешел може да работи само со запчестиот забрзувач за достава.


Кога подниот чешел (A) е отстранет за жнеење, мора да биде инсталирана мазната права плоча (B) која е испорачана со машината (лева страна на машината).

Информации за жетва на култури различни од оризот

- Пченка-извадете го подот за чешлање и монтирајте ја мазната обложена плоча.
- Соја-ако раските станат проблем, извадете го подот за чешлање и монтирајте ја мазната обложена плоча.
- Ситни житарици - отстранете го подниот чешел и инсталирајте ја мазната права плоча.

OUO6075,0004557-A8-02DEC16

Поден чешел со запчест забрзувач за достава (машини за ориз)—Отстранување




H99239—UN—01DEC10

A—Клин за брзо заклучување
B—Рачка

ВНИМАНИЕ: Подигнете го куќиштето за достава, спуштете го безбедносниот запирач, ИЗГАСНЕТЕ го моторот, дигнете ја паркирната сопирачка и отстранете го клучот.

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.

Плоча за достава (Стил A)



H86271—UN—10JUL06


A—Завртки со глава и навртки
B—Склоп на плоча за достава
C—Рачка

Отстранете ги и сочувајте ги завртките и навртките (A) од двете страни на машината.

Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин и поместете ја рачката (C) надолу и наназад додека истовремено го отстранувате склопот на плочата за достава (B).

Подигнете ја рачката (C) и прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин.

Плоча за достава (Стил B)



H120117—UN—29NOV16

A—Завртки со глава и навртки
B—Навртки
C—Завртка со заоблена глава
D—Клин за брзо заклучување
E—Рачка
F—Склоп на плоча за достава


Отстранете ги и сочувајте ги завртките и навртките (A) од двете страни на машината.

Отстранете ги навртките (B) и завртката со заоблена глава (C) од двете страни на машината.

Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин (D) и поместете ја рачката (E) надолу и наназад додека истовремено го отстранувате склопот на плочата за достава (F).

Подигнете ја рачката (C) и прицврстете со претходно отстранетата завртка со заоблена глава (C) и прицврстете со претходно отстранетите навртки (B) од двете страни на машината.

Инсталирајте го претходно отстранетиот брзо-заклучувачкиот клин (D).




H121116—UN—21MAR17

A—Хардвер (употребени се 2)
B—Држачи (употребени се 2)
C—Завртки со глава и навртки (употребени се 5)
D—Завртки за плуг
E—Под на кабината

Отстранете го и сочувајте го хардверот (A) и држачот (B) од двете страни на машината.

Извадете ги и осигурајте ги завртките со глава и навртките (C).

Отстранете ги и сочувајте ги завртките за плуг (D) и отстранете го подниот чешел (E).




H105545—UN—21JUN12

A—Мазна обложена плоча
B—Завртки со глава и навртки (употребени се 2)
C—Завртки за плуг (употребени се 2)

Инсталирајте ја мазната права плоча (A) испорачана со машината од левата страна.

Монтирајте ги претходно извадените завртки со глави и навртки (B).

Монтирајте ги претходно извадените плужни завртки (C).



H121117—UN—21MAR17

A—Хардвер (употребени се 2)
B—Држачи (употребени се 2)
C—Завртки со глава и навртки (употребени се 3)
D—Завртки за плуг (употребени се 3)


ЗАБЕЛЕШКА: Плужните завртки мора да се стават во дупките што претходно го држеле делот за спречување загуба на зрна од подот за чешлање.

Инсталирајте го претходно отстранетите завртки за плуг (D).

Монтирајте ги претходно извадените завртки со глави и навртки (C).

Поставете го претходно отстранетиот држач (B) од двете страни на машината и прицврстете со претходно отстранетиот хардвер (A).

Плоча за достава (Стил A)



H86271—UN—10JUL06


A—Завртки со глава и навртки
B—Склоп на плоча за достава
C—Рачка

Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин и поместете ја рачката (B) надолу и наназад.

Инсталирајте го претходно отстранетиот склоп на плочата за достава (B) и прицврстете со претходно отстранетите завртки и навртки (A) од двете страни на машината.

Турнете ја рачката напред и нагоре за да ја затворите вратата на плочата за достава и прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин.

Плоча за достава (Стил B)



H120117—UN—29NOV16

A—Завртки со глава и навртки
B—Навртки
C—Завртка со заоблена глава
D—Клин за брзо заклучување
E—Рачка
F—Склоп на плоча за достава


Отстранете ги навртките (B) и завртката со заоблена глава (C) од двете страни на машината.

Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин (D) и поместете ја рачката (E) надолу и наназад.

Инсталирајте го претходно отстранетиот склоп на плочата за достава (F) и прицврстете со претходно отстранетите завртки и навртки (A) од двете страни на машината.

Подигнете ја рачката (C) и прицврстете со претходно отстранетата завртка со заоблена глава (C) и прицврстете со претходно отстранетите навртки (B) од двете страни на машината.

Инсталирајте го претходно отстранетиот брзо-заклучувачкиот клин (D).




H99239—UN—01DEC10

A—Клин за брзо заклучување
B—Рачка


Поместете ја рачката (B) надолу за да се затвори собирачот на камења и осигурајте ја со клин за брзо заклучување (A).

OUO6075,00046A7-A8-21MAR17

Замена на ременот на доставниот акцелератор



H96924—UN—16JUN10



H116822—UN—07JAN16


A—Навртки
B—Преден дел на потпорната оска на ременот
C—Навртки
D—Ремен

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја отстраните затегнатоста од ременот на предното спојно вратило (B).

Разлабавете ги навртките (C) за да се олабават решетото, вентилаторот и ременот на спиралниот преносник (D).


Отстранете ги двата ремена за да овозможите отстранување на ременот на забрзувачот за достава.



H96926—UN—16JUN10


A—Рачка
B—Носач

Притиснете ја рачката (A) нагоре на надвор од засекот во држачот (B) за да ја намалите затегнатоста од ременот на забрзувачот.



H121334—UN—25APR17

Ремен за забрзувач на достава (стандардна брзина голем капацитет)



H121335—UN—25APR17

Ремен на забрзувач на достава (голема-брзина голем капацитет)

A—Завртка со глава (6 употребени)
B—Граничник (6 се употребени)
C—Подлошка (2 употребени)
D—Ременица
E—Ремен на влезниот акцелератор

Отстранете ги завртките (A), одвојувачите (B), подлошките (C) и макарата (D).

Отстранете го ременот на забрзувачот на достава (E) и инсталирајте го заменскиот ремен.

Инсталирајте ја макарата, подлошките, одвојувачите и прицврстете со завртките.

Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент	70 N·m (52 lb·ft)

Турнете ја нагоре рачката и внатре во засекот на држачот.


Нагодете го доставниот акцелератор така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Монтирајте го решетото, венилаторот и ременот на спиралниоит преносник и предниот дел на потпорната оска на ременот.

Нагодете ја затегнатоста на ремените така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

OUO6075,0004727-A8-25APR17

Нагодување на ременот на доставниот акцелератор



H121336—UN—25APR17

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Затегнувачот за ремен од забрзувачот на достава е од десната страна на машината позади зглобот на куќиштето за достава.


Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,0004728-A8-25APR17

Промена на брзината на акцелераторот со стандардна брзина и голем капацитет на достава



H96926—UN—16JUN10



H86423—UN—28JUL06

A—Рачка
B—Носач
C—Ремен

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаното поставување на брзината на доставниот акцелератор погледнете во одделот Поставка на културата.


Кога ги менувате брзините на сепараторот исклучете го и вклучете го погонот за да го видите новиот опсег на брзини.

За да ја смените брзината на доставниот акцелератор во положба на поголема брзина:


- Турнете ја рачката (A) нагоре за да излезе од засекот на носачот (B) и за да се олабави ременот.
- За голема брзина поместете го ременот (C) во вдлабнатините на двете ременици.
- Турнете ја рачката нагоре во засекот на носачот за да ја повратите затегнатоста на ременот.

OUO6075,00007F2-A8-27OCT10


Промена на помала брзина на акцелераторот со стандардна брзина и голем капацитет на достава



H96926—UN—16JUN10



H75088—UN—07FEB03



H75076—UN—06FEB03

A—Рачка
B—Носач
C—Ремен
D—Ремен
E—Горна ременица

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаното поставување на брзината на доставниот акцелератор погледнете во одделот Поставка на културата.

Кога ги менувате брзините на сепараторот исклучете го и вклучете го погонот за да го видите новиот опсег на брзини.

За да ја смените брзината на доставниот акцелератор во положба на помала брзина:

- Турнете ја рачката (A) нагоре за да излезе од засекот на носачот (B) и за да се олабави ременот.
- Извадете го ременот (C) од долната ременица и оставете го слободно да виси на горната ременица.

ЗАБЕЛЕШКА: Ременот мора да се свитка за да влезе меѓу горната ременица и страничната обвивка.

- За помала брзина извадете го ременот (D) од горната ременица (E) и поместете го на внатрешната ременица.
- Монтирајте го ременот (C) на внатрешните вдлабнатините на долната ременица.
- Турнете ја рачката нагоре во засекот на носачот за да ја повратите затегнатоста на ременот.

OUO6075,00007F3-A8-14JUN11

Препораки за конкавен дел

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаните поставки за машината при различни посеви, за повеќе информации погледнете во делот Поставки за посеви.

Конкавни типови	Пченка	Соја	Пченица Јачмен Мали зрна	Ориз	Царевка Прехранбена пченка	Сорго (Мило) Сончогледи (деликатес)	Сончогледи (масло)	Канола
Со мала мрежа	NR	NR	Најдобро	NR	NR	NR	Просек	Најдобро
Со голема мрежа	Добро	Добро	Добро	Најдобро	NR	Најдобро	Најдобро	Добро
Со кружна шипка	Најдобро	Најдобро	Просек	Добро	Најдобро	Просек	Најдобро	Просек

Најдобро = Обезбедува најдобро ниво на перформанси.
Добро = Обезбедува добро ниво на перформанси.
Просечно = Обезбедува просечно ниво на перформанси.
NR = Не се препорачува.

Препорачани конфигурации

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаните поставки за машината при различни посеви, за повеќе информации погледнете во делот Поставки за посеви.

Можни се бројни комбинации на конкавни делови врз основа на условите и преференциите на операторот.


Конкавни типови	Пченка Соја	Пченица	Јачмен	Леќа	Леблебија	Канола
John Deere	RB, RB, RB	SW, SW, SW Капаци Plus	SW, SW, LW	SW, SW, SW	SW, RB, RB	SW, SW, SW
Kondex® Revolution™	MR, RB, RB	MT, SW, SW	MT, SW, LW	MT, SW, SW	MR, RB, RB	MT, SW, SW

SW = конкавен дел John Deere со мала жица
LW = конкавен дел John Deere со голема жица
RB = конкавен дел John Deere со кружна жипка
MT = два полуширoки конкавни делови Kondex® Revolution™ MaxThresh™
MR = конкавен дел со една полуширина Kondex® Revolution™ MaxThresh™ и конкавен дел со една полуширина MaxRound™

MaxThresh е заштитен знак на Kondex Corporation
MaxThresh е заштитен знак на Kondex Corporation
MaxRound е заштитен знак на Kondex Corporation


OUO6075,0005039-A8-11MAY21

Типови на корпа




H54506—UN—23MAR99

Корпа со кружна шипка за мулти-култури



H54507—UN—25JUN99

Корпа со мала мрежа



H54508—UN—22JUN99


Корпа со голема мрежа

Достапни се три различни корпи за различни култури и услови на културата.

- Корпата со кружна шипка за мулти-култури се користи за пченка и соја.
- Корпата со голема мрежа се користи за ориз, соја и за зрнесто сорго.
- Корпата со мала мрежа се користи за ситни зрна.


OUO6075,00007A8-A8-02JUN10

Типови на конкавни делови (MaxThresh™ и MaxRound™)



H134407—UN—14MAY21

Конкавен дел MaxThresh™



H134408—UN—14MAY21


Конкавни делови MaxThresh™ и MaxRound™

Достапни се два различни конкавни дела за различни култури и услови на култура.

- Конкавниот дел MaxThresh™ се користи за ситни зрна.
- Конкавните делови MaxThresh™ и MaxRound™ се користат за груби зрна.

OUO6075,0005036-A8-14MAY21

Граничници на решетката на сепараторот



H86634—UN—20SEP06

A—Граничници
B—Решетки на сепараторот
C—Канал на сепараторот

Граничниците се прикажани во складирана положба (како што е прикажано) од фабриката.


Граничниците можат да се користат за пченка за да се намалат деловите од кочан во примерокот од резервоарот за зрна.

ВАЖНО: Граничниците треба да се користат само за пченка и соја. Отстранете ги граничниците за сите други култури (поставете ги граничниците во складирана положба, како што е прикажано).

Извадете ги сите граничници на решетката на сепараторот (A) од складирана положба (како што е прикажано) и поставете ги помеѓу решетките на сепараторот (B) и каналот на сепараторот (C).

OUO6075,0000B06-A8-03JAN11

Типови на решетка на сепараторот



H107177—UN—06MAR13

Стандардна решетка на одделувачот од леано железо



H107178—UN—06MAR13

Решетка на одделувач за тешки работни услови

MaxThresh е заштитен знак на Kondex Corporation
MaxRound е заштитен знак на Kondex Corporation



H133680—UN—15MAR21


Решетка на одделувач за тешки работни услови од леано железо

Достапни се две различни опции за решетки на одделувачот за машината.

- Стандардни лиени решетки на одделувачот се стандардно поставени на сите машини, освен за ориз и пакети за мали тврди зрна.
- Заварените решетки за тешки работни услови и решетките за тешки работни услови од леано железо се користат за тешки услови на културата и може да помогнат во намалување на загубата на ротороt. Овие решетки се опционални на машините со ротор TriStream™ и машините со ротор со променлив тек, но се стандардни за сите мали тврди зрна, ориз и пакети на тврд ориз.


OUO6075,0005037-A8-14MAY21

Капаци на решетката на сепараторот (ако постојат)




H107180—UN—07MAR13

Капаци на стандардна решетка од леано железо / капаци на решетка за тешки работни услови



H133682—UN—15MAR21

Капаци на решетка за тешки работни услови од леано железо



H54512—UN—01APR99

A—Капаци на решетката на одделувачот

Капаците на решетката на одделувачот (A) се користат за мали зрна, а се препорачуваат и за употреба при многу суви култури. Капаците се поставуваат на решетката на одделувачот за одржување на рамнотежа при товарање плева во прочистувачкиот чевел.

Капаци на стандардна решетка од леано железо

- Поставете два реда (осум капаци) на десната страна и три реда (12 капаци) на левата страна. Нагодувајте по потреба, во зависност од условите.

Капаци на заварена решетка и решетка од леано железо за тешки работни услови

- Поставете еден ред (четири капаци) на десната страна и два реда (осум капаци) на левата страна. Нагодувајте по потреба, во зависност од условите.

OUO6075,0005038-A8-14MAY21

TriStream е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Решеткасти прекинувачи на одделувачот (ако има во опремата)




H99873—UN—27JAN11

Решеткастите прекинувачи на одделувачот се користат со одделувачките решетки при услови на обимна работа и се наоѓаат на десна страна од машината, во првиот и третиот ред.

Овие прекинувачи прават прекини во распосланиот проток на посевот што се движи, што овозможува дополнителни зрна да се просеат, зголемувајќи го на тој начин капацитетот на одделувачот.

OUO6075,00016F7-A8-19DEC13

Локации на решеткаст прекинувач кај одделувачот (ако има во опремата)



H99901—UN—21JAN11

A—Решеткасти прекинувачи на одделувачот
B—Локации (употребени се 8)
C—Завртки со глава и навртки (употребени се 32)

ВАЖНО: Решеткастите прекинувачи на одделувачот се наменети за употреба кај првиот и третиот ред од десна страна на одделувачките решетки како на приказот. Нивното поставување на други локации може да предизвика меѓусебно влијание или намалување на ефикасноста на машината.

Проверете дали роторот се врти слободно откако сте ги поставиле решеткастите прекинувачи на одделувачот, пред да ја стартувате машината или да го вклучите одделувачот.

1. Решеткастите прекинувачи на одделувачот (A) МОРА да бидат поставени на локациите (B) како на приказот.


2. Прицврстете ги решеткастите прекинувачи на одделувачот со завртките со глава и навртките (C).
3. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 73 N·m (54 lb.-ft.)

OUO6075,00016F8-A8-19DEC13

Обвивки на шините на сепараторот (ако има во опрема)



H126544—UN—20JUN19

A—Обвивки на шината на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажани се обвивките на левата шина на сепараторот. Обвивките на десната шина на сепараторот се слични.


Обвивките на шината на сепараторот (A) ја заштитуваат шината на сепараторот при жнеење на абразивни култури.

Периодично проверувајте дали се изабени обвивките на десната и левата шина на сепараторот.

Извадете и заменете ги обвивките на шината на сепараторот, по потреба. За повеќе информации, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.

OUO6075,0004BCF-A8-20JUN19

Завртки за смолкнување на конкавниот дел на преносот (стандардно конкавно прилагодување)



H88917—UN—14JUN07

A—Сигурносни винтови

B—Дополнителни сигурносни винтови (4 употребени)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Употребувајте сигурносни винтови (A) доставени само од John Deere, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни сигурносни винтови.

Ако сигурносните винтови се скршат, заменете со дополнителните сигурносни винтови (B), кои се доставени во носачот на секторниот запченик.


Стегнете ги сигурносните винтови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносни винтови—Вртлив момент. . . . . 15 N·m (133 lb-in.)

OUO6075,0001800-A8-13MAY14

Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување




H96927—UN—17JUN10

A—Рачка
B—Неутрална положба

ВНИМАНИЕ: Одделите за корпа се тешки и незгодни за ракување. Можеби ќе биде потребно и второ лице за да се отстранат и постават одделите за корпа.

ЗАБЕЛЕШКА: За полесно отстранување, целосно затворете ја корпата.

1. Поместете ја рачката (A) за да го префрлите погонскиот механизам на роторот во неутрална позиција (B).




H111238—UN—13MAY14

A—Капаци на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.

2. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).




H100377—UN—22FEB11


A—Завртки со глава
B—Решетка на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува пристап до ротирачкиот ротор.

3. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).




H100378—UN—22FEB11



H100380—UN—22FEB11

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Пренасочувач
C—Картон


4. Олабавете ги завртките со глава (A) и отстранете го металниот пренасочувач (B) на левата плоча.
5. Ставете парче картон (C) или полиестер врз транспортните површини кај сврдлите. Ова овозможува заштита на спиралите и овозможува мазна површината за отстранување на корпите.



H96929—UN—17JUN10

A—Капак на одделувач (употребени се 2)


6. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
7. Отстранете ги брзо-заклучувачките клинови и двата предни капаци на одделувачот (A) од десната страна на машината.



H111561—UN—14JUL14

A—Клин со пружина
B—Држач на корпата
C—Рачка


8. Отстранете го еластичниот клин (A) од држачот на конкавниот дел (B).
9. Подигнете го држачот на конкавниот дел (B) и отстранете ја рачката (C) од секој конкавен дел.



H100381—UN—23FEB11

A—Завртки со глава (12 во употреба)

10. Олабавете ги завртките со глава (A).




H100382—UN—23FEB11

A—Шрафови со глава (12 во употреба)
B—Клинови (употребени се 2)
C—”Z” шипка

⚠ ВНИМАНИЕ: За да спречите оштетување, внимателно спуштете го конкавниот дел врз основата на сврделот.

11. Отстранете ги завртките со глава (A).
12. Отстранете ги расцепките, клиновите (B) и ”Z” шипката (C).
13. Завртете го роторот така што ќе се појави празнина во патеката на елементот на вршалката во средината на корпата.
14. Отстранете го средниот оддел на корпата.
15. Лизгајте ја задната корпа до средишната положба и отстранете ја.
16. Лизгајте ја предната корпа до средишната положба и отстранете ја.


17. Прегледајте ја потрошеноста на конкавните делови, елементите за вршење и запците за вршење користејќи го уредот за мерење на зазор KXE10110.
18. Поставете ги корпите во обратниот редослед.



H111561—UN—14JUL14

A—Клин со пружина
B—Држач на корпата
C—Рачка


19. Инсталирајте ја рачката (C), држачот на конкавниот дел (B) и штифна клинот (A) на конкавните делови.



H100382—UN—23FEB11

A—Шрафови со глава (12 во употреба)
B—Клинови (употребени се 2)
C—”Z” шипка


20. Поставете ја ”Z” шипката (C) над рабовите од корпата и поставете ги завртките со глава, но не ги затегнувајте.
21. Поставете ги клиновите (B).



H121120—UN—22MAR17

A—Шрафови со глава (6 во употреба)
B—Завртки со глава (6 во употреба)

22. Осигурајте се краевите на конкавниот дел добро да се склопат на шипката ”Z”; потоа најнапред стегнете го горниот ред на завртките (A).
23. На крај стегнете го долниот ред на завртките (B).
24. Нагодете го нивото на корпата. Видете за нивелирање на конкавниот дел (стандардно конкавно прилагодување) подоцна во овој дел.




H96929—UN—17JUN10

A—Капаци на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали горниот раб на капакот на сепараторот е под држачите.


25. Поставете ги капаците на сепараторот (A).
26. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.




H100377—UN—22FEB11

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Решетка на сепараторот

27. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).




H100378—UN—22FEB11



H100380—UN—22FEB11

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Пренасочувач
C—Картон

28. Отстранете го парчето картон (C) или полиестерот од транспортните површини кај сврдлите.
29. Поставете го пренасочувачот (B) во оригиналната положба и затегнете ги завртките со глава (A).



H111238—UN—13MAY14

A—Капак на сепараторот

30. Поставете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
31. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.
32. Поставете го роторското погонско куќиште во посакуваниот брзински опсег.

OUO6075,0004605-A8-04APR17

Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување



H117012—UN—28MAR16


Прилагодување на зазорот на вршење

ВНИМАНИЕ: Одделите за корпа се тешки и незгодни за ракување. Можеби ќе биде потребно и второ лице за да се отстранат и постават одделите за корпа.

1. Стартувајте го моторот и притиснете го прекинувачот за прилагодување на зазорот на вршење.
2. За да овозможите полесен пристап до “Z” шипката, отворете го зазорот за вршење на 5.

ЗАБЕЛЕШКА: Зазорот на вршење можеби треба да го зголемите во зависност од машинската конфигурација.


3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.



H96927—UN—17JUN10

A—Рачка
B—Неутрална положба

4. Поместете ја рачката (A) за да го префрлите погонскиот механизам на роторот во неутрална позиција (B).




H111239—UN—13MAY14

A—Капаци на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.

5. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).




H109597—UN—18DEC13

A—Завртки со глава
B—Пренасочувач

6. Олабавете ги завртките со глава (A) и отстранете го металниот пренасочувач (B) на левата плоча.


ЗАБЕЛЕШКА: Ставете парче картон или полиестер врз транспортните површини кај сврдлите. Ова овозможува заштита на спиралите и овозможува мазна површината за отстранување на корпите.




H96929—UN—17JUN10

A—Капак на сепараторот

7. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
8. Отстранете ги брзо-заклучувачките клинови и двата предни капаци на одделувачот (A) од десната страна на машината.



H109919—UN—27FEB14




H109920—UN—27FEB14

A—Нивелирачка завртка со глава (употребени се 2)

B—“Z” Шипка
C—Навртка (2 употребени)
D—Навртка (2 употребени)
E—Навртка (2 употребени)

9. Завртките со глава (A) за нивелирање на конкавниот дел отстранете ги од држачот на “Z” шипката (B) и ставете ги на шина за да се држи склопот на конкавниот дел и шипката “Z”.
10. Рачно стегнете ја навртката (C) за држачот на шипката “Z” и малку стегнете ја навртката (D) за шината од двете страни.


ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали има соодветен простор меѓу навртката (E) и шината за анулирање на прилагодувањето. НЕ затегнувајте ја навртката на шината.



H109276—UN—16OCT13

A—Гумена заптивка (употребени се 2)


11. Извадете ја основата на гумената заптивка (A) и подигнете нагоре на двата цилиндри.



H111261—UN—22MAY14

A—Клинови (употребени се 2)
B—Безбедносен запирач на цилиндар (се употребуваат 2)

12. Отстранете го клинот (A) и безбедносниот запирач на цилиндарот (B) на двата цилиндри.




H109683—UN—22JAN14

A—Контра навртки (употребени се 2)
B—Безбедносен запирач на цилиндар (употребени се 2)

13. Олабавете ја контра навртката (A) од цилиндричниот запирач (B) и спуштете ги запирачите на двете шипки од цилиндрите.


ЗАБЕЛЕШКА: Контра навртката и запирачот мора да бидат спуштени најмалку 15 mm (19/32 in) од моменталната положба.



H109593—UN—16DEC13

A—Клин за брзо заклучување (се користат 2)
B—Клинови (употребени се 2)

14. Отстранете го брзо заклучувачкиот клин (A) и клинот (B) од шипката на цилиндарот од двете страни.




H75040—UN—04FEB03

Држач на корпата

A—Клин со пружина
B—Држач на корпата


15. Отстранете го еластичниот клин (A) од држачот на конкавниот дел (B).
16. Подигнете го држачот на конкавниот дел и отстранете ја рачката од секој конкавен дел.




H109599—UN—19DEC13

A—Завртка со глава (14 употребени)

17. Олабавете ги завртките со глава (A).



H109677—UN—21JAN14




H111243—UN—16MAY14

A—Нивелирачка завртка со глава (употребени се 2)
B—Навртка (2 употребени)
C—Поврзувачки раце (употребени се 2)

18. Употребете ја нивелирачката завртка со глава (A) за да ги прилагодите шипката “Z” и горниот конкавен дел на приближно 10 mm (13/32 in) или додека средниот конкавен дел ќе може лесно да се отстрани.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинската конфигурација, шипката “Z” можеби треба да бидат отстрани.

19. Ако ја отстранувате шипката “Z”, извадете ги навртките (B) и поврзувачките раце (C).




H109599—UN—19DEC13

A—Завртка со глава и навртка (употребени се 14)

20. Отстранете ги завртките со глава и навртките (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете го ротороt така што ќе се појави празнина во патеката на елементот на вршалката во средината на корпата.


21. Отстранете го средниот оддел на корпата.
22. Лизгајте ја задната корпа до средишната положба и отстранете ја.
23. Лизгајте ја предната корпа до средишната положба и отстранете ја.
24. Прегледајте ја потрошеноста на конкавните делови, елементите за вршење и запците за вршење користејќи го уредот за мерење на зазор KXE10110.
25. Поставете ги корпите во обратниот редослед.




H75041—UN—04FEB03

A—Рачка
B—Жлеб
C—Држач на корпата
D—Клин со пружина

26. Поставете ја рачката на корпата (A) во жлебот (B) на одделите на корпата.
27. Поставете го држачот на корпата (C) и прицврстете го со клинот со пружина (D).



H109684—UN—22JAN14



H111244—UN—16MAY14


A—Завртка со глава и навртка (употребени се 6)
B—Завртка со глава и навртка (употребени се 8)
C—Поврзувачки раце (употребени се 2)
D—Навртка (2 употребени)

ЗАБЕЛЕШКА: Ако претходно шипката “Z” била отстранета, сега вратете ја.

28. Користејќи нивелирачки завртки со глава, спуштете ја шипката “Z” и конкавниот дел на приближно 10 mm (13/32 in) или за еднакво растојание на растојанието за кое е претходно подигната.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали конкавните делови се цврсто прилепени еден за друг без празен простор пред да го затегнете хардверот.

29. Проверете ги краевите на конкавниот дел за добро да се склопат на шипката ”Z”; потоа најнапред стегнете го горниот ред на завртките со глава и навртките (A).
30. На крај стегнете го долниот ред на завртките со глава и навртките (B).
31. Ако шипката “Z” била отстранета, инсталирајте ги поврзувачките раце (C) користејќи ги навртките (D).
32. Нагодете го нивото на корпата. Видете за нивелирање на конкавниот дел (активна конкавна изолација) подоцна во овој дел.




H96929—UN—17JUN10

A—Капаци на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали горниот раб на капакот на сепараторот е под држачите.

33. Поставете ги капаците на сепараторот (A).
34. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.


ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете го парчето картон или полиестерот од транспортните површини кај свредлите.



H109597—UN—18DEC13

A—Завртка со глава (4 употребени)
B—Пренасочувач

35. Поставете го пренасочувачот (B) во оригиналната положба и затегнете ги завртките со глава (A).




H111239—UN—13MAY14

A—Капак на сепараторот

36. Поставете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
37. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.
38. Префрлете го роторското погонско куќиште во претходната позиција.

OUO6075,0004606-A8-11APR17

Нивелирање на конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)




H111238—UN—13MAY14

A—Капак на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Капаците на корпа со кружна шипка (ако се поставени) треба да се отстранат пред да се започнува со порамнување на корпата.

1. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
2. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).




H100377—UN—22FEB11

A—Завртка со глава (4 употребени)
B—Решетка на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува пристап до ротирачкиот ротор.


3. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).



H100391—UN—23FEB11

A—Запирачки завртки (употребени се 2)


4. Запирачки завртки (A) при повлекување назад.



H100392—UN—23FEB11

A—Долна навртка (2 употребени)
B—Горна навртка (2 употребни)


5. Олабавете ги сигурносните навртки (A) и одвртете ја секоја од навртките (B) за пет кругови.



H100393—UN—23FEB11

A—Секторен запченик
B—Полжавест запченик


6. Поставете го конкавниот дел во затворена положба користејќи го прекинувачот во кабината се додека полжавестиот запчаник (B) и секторскиот запчаник (A) го достигнат дното во горна положба.



H96927—UN—17JUN10

A—Рачка
B—Неутрална положба

7. Поместете ја рачката (A) за да го префрлите погонскиот механизам на роторот во неутрална позиција (B).




H100394—UN—23FEB11

A—Горна навртка на предниот винт со окце
B—Долна сигурносна навртка на предниот винт со окце
C—Горна навртка на задниот винт со окце
D—Долна сигурносна навртка на задниот винт со окце

8. Прилагодете ја полека горната предна прстенеста навртка (A) се додека елементите да направат ”тик” на конкавниот дел додека роторот се врти спротивно од насоката на стрелките на часовникот. Одвртете за три целосни кругови.
9. Прилагодете ја полека горната задна прстенеста навртка (C) се додека елементите да направат ”тик” на конкавниот дел додека роторот се врти спротивно од насоката на стрелките на часовникот. Одвртете за три целосни кругови.
10. Бавно нагодувајте ја кон надолу горната навртка на предниот винт со окце (A) додека елементите не ја “потчукнат” корпата. Бавно одвртувајте додека не престане “потчукнувањето”. Само што ќе заврши “потчукнувањето”, одвртете за еден цел круг и затегнете ја горната сигурносна навртка.
11. Бавно нагодувајте ја кон надолу горната навртка на задниот винт со окце (C), сè додека елементите не ја “потчукнуваат” корпата. Бавно одвртувајте додека не престане “потчукнувањето”. Само што ќе заврши

"потчукнувањето", одвртете за еден цел круг и затегнете ја горната сигурносна навртка.

12. Затегнете ја долната предна навртка за нагодување на корпата. Задржете ја горната предна прстенеста навртка (A) со клуч и стегнете ја долната предна прстенеста навртка (B) за заклучување.
13. Затегнете ја долната задна навртка за нагодување на корпата. Задржете ја горната задна прстенеста навртка (C) со клуч и стегнете ја долната задна прстенеста навртка (D) за заклучување.




H100395—UN—23FEB11

Запирачки завртки

A—Граничен винт (2 употребени)
B—Сигурносна навртка
C—Глава на винтот
D—Сигурносна навртка

14. Нагодете го предниот и задниот граничен винт на корпата (A) преку затегнување на долната навртка (B) сè додека главата на винтот (C) не е тесно поставен кон корпата. Стегнете ја горната навртка (D) додека ја држите долната навртка (B) со клуч.



H100377—UN—22FEB11

A—Завртка со глава (4 употребени)
B—Решетка на сепараторот

15. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).
16. Префрлете го роторското погонско куќиште во претходната позиција.
17. Поставете ги претходно отстранетите капаци за проверка на сепараторот и штитниците.
18. Изберете **калибрација на зазорот на вршење (STS електричен)** од внатрешноста на кабината и следете ги прикажаните информации на екранот. Видете го делот за помош кај апликациите за калибрација или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации.

OUO6075,0004601-A8-28MAR17

Нивелирање на конкавни делови (активна конкавна изолација)



H117012—UN—28MAR16


Прилагодување на зазорот на вршење

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се инсталирани, отстранете ги конкавните капаци кај округлата шипка пред почетокот на конкавното нивелирање.

1. Стартувајте го моторот и притиснете го прекинувачот за прилагодување на зазорот на вршење.
2. Поставете го зазорот за вршење на 0.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако повисоките и густо пакуваните запци за вршење или пак елементите за вршење на ориз се заменети со соодветни елементи за житарици, тогаш прилагодете го зазорот за вршење на 15.


3. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и ставете го контактниот клуч на ВКЛУЧЕНО.



H113295—UN—23MAR15


A—Капаци за проверка на одделувачот

4. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).



H109596—UN—17DEC13

Стандардни лиени решетки на одделувачот



H109682—UN—22JAN14


Решетки на одделувачот за во тешки работни услови

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Решетка на сепараторот
C—Завртки со глава и навртки
D—Прсти на решетката на одделувачот

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува пристап до ротирачкиот ротор.

5. Кај машините опремени со стандардни решетки на одделувачот, отстранете ги завртките (A) и решетката на одделувачот (B).
6. Кај машините опремени со прсти на решетката на одделувачот за тешки работни услови, отстранете ги завртките и навртките (C) и прстот (D).


ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде неопходно да се отстранат два или повеќе прсти од одделувачот за да биде овозможен пристап до вртечкиот ротор.



H109276—UN—16OCT13

A—Гумена заптивка (употребени се 2)

7. Извадете ја основата на гумената заптивка (A) и подигнете нагоре на двата цилиндри.




H113060—UN—24FEB15


A—Клинови (употребени се 2)
B—Блокада на цилиндар (употребени се 2)

ЗАБЕЛЕШКА: Конкавниот дел може да биде потребно да се премести за да се извади блокадата на цилиндарот.

8. Отстранете го клинот (A) и блокадата на цилиндарот (B) на секој цилиндар.



H109919—UN—27FEB14




H109920—UN—27FEB14

A—Нивелирачки завртки со глава (употребени се 2)
B—“Z” Шипка
C—Навртка (2 употребени)
D—Навртка (2 употребени)
E—Навртка (2 употребени)

9. Завртките со глава (A) за нивелирање на конкавниот дел отстранете ги од држачот на “Z” шипката (B) и ставете ги на шина за да се држи склопот на конкавниот дел и шипката “Z”.
10. Рачно стегнете ја навртката (C) за држачот на шипката “Z” и малку стегнете ја навртката (D) за шината од двете страни.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали има соодветен простор меѓу навртката (E) и шината за анулирање на прилагодувањето. НЕ затегнувајте ја целосно навртката на шината.




H109683—UN—22JAN14

A—Контра навртки (употребени се 2)
B—Безбедносен запирач на цилиндар (употребени се 2)

11. Олабавете ја контра навртката (A) од цилиндричниот запирач (B) и спуштете ги запирачите на двете шипки од цилиндрите.
12. Изберете **калибрација на конкавно нивелирање** од внатрешноста на кабината и следете ги прикажаните информации на екранот. Видете го делот за помош кај апликациите за калибрација или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации.


ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч МОРА да биде оставен ВКЛУЧЕН додека се изведуваат следниве чекори надвор од кабината.



H96927—UN—17JUN10

A—Рачка
B—Неутрална положба


13. Поместете ја рачката (A) за да го префрлите погонскиот механизам на роторот во неутрална позиција (B).
14. Завртете го роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на задната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава три целосни круга на назад.
15. Завртете го роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на предната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава три целосни круга на назад.
16. Продолжете да го вртите роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на задната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава еден ипол круга на назад.
17. Продолжете да го вртите роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на предната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава еден ипол круга на назад.



H109594—UN—16DEC13

A—Навртка 2 (употребени)

18. Стегнете ја навртката (A) на шината за да помогнете конкавниот дел да се зацврсти во положбата.




H109602—UN—19DEC13

A—Запирачи на цилиндар (употребени се 2)
B—Цилиндрични цевки (употребени се 2)

19. За време на калибрацијата, од клучно значење е цилиндричните запирачи да се прилагодат правилно.

ЗАБЕЛЕШКА: Не ги стегајте прекумерно цилиндричните запирачи.

20. Вртете ги цилиндричните запирачи (A) во насока на стрелките се додека не ги затегнете на цилиндричните цевки (B).



H109683—UN—22JAN14


A—Контра навртки (употребени се 2)
B—Безбедносен запирач на цилиндар (употребени се 2)

ЗАБЕЛЕШКА: Пред да ги затегнете контра навртките (A), индексирајте ги цилиндричните запирачи (B) за да ги инсталирате цилиндричните блокади на правилна позиција на шестоаголните рамни површини на цилиндричните запирачи.

21. Стегнете ја контра навртката (A) на цилиндричниот запирач (B) на секој цилиндар.

ЗАБЕЛЕШКА: Нивелирачките завртки со глава МОРА да останат прицврстени на држачот на "Z" шипката и шината.

22. Продолжете со **калибрацијата за конкавно нивелиање** додека да биде завршена.




H109603—UN—19DEC13

A—Нивелирачка завртка со глава (употребени се 2)
B—Полица за складирање (употребени се 2)

23. Ако калибрацијата е прифатена, излезете од **калибрацијата за конкавно нивелиање**, контактниот клуч ИСКЛУЧЕТЕ го и отстранете ги нивелирачките завртки со глава (A).
24. Ставете ги нивелирачките завртки со глава на полиците за складирање (B).
25. Стартувајте го моторот. Направете ја калибрацијата на **зазорот на вршење**

(хидраулика) од внатрешноста на кабината и следете ги прикажаните информации на екранот. Видете го делот за помош кај апликациите за калибрација или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации.


ВАЖНО: Може да се појави предупредувачка порака на екранот наведувајќи да ја напуштите калибрацијата зашто системот детектирал нулта положба на конкавниот дел што не се поклопува со нивелирачката положба за конкавниот дел. Ако се случи тоа, прекинете ја калибрацијата за конкавно нивелиање, повторете ја постапката за нивелирање на конкавниот дел и направете ја повторно калибрацијата на зазорот на вршење (хидраулика).



H113060—UN—24FEB15

A—Клинови (употребени се 2)
B—Блокада на цилиндар (употребени се 2)


26. Отворете го конкавниот дел на 35 и инсталирајте ги претходно отстранетите цилиндрични запирачи (B) и клиновите (A) на секој цилиндар.



H109821—UN—10FEB14


A—Гумена заптивка (употребени се 2)

27. Ставете го долниот дел од гумената заптивка (A) на двата цилиндри.



H109596—UN—17DEC13

Стандардна решетка од леано железо на сепараторот



H109682—UN—22JAN14

Решетка за тешки работни услови на сепараторот

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Решетка на сепараторот
C—Завртки со глава и навртки
D—Прсти на решетката на одделувачот

28. Кај машините опремени со стандардни решетки на одделувачот, инсталирајте ја решетката на одделувачот (B) користејќи ги завртките (A).

29. На машините опремени со решетки на одделувачот за во тешки работни услови, ставете ги прстите на решетката на одделувачот (D) користејќи ги завртките и навртките (C). Затегнете според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)


Завртки за решетка на одделувачот за во тешки работни услови и блокирачки навртки—Вртлив момент	73 N·m (54 lb·ft)

30. Префрлете го роторското погонско куќиште во претходната позиција.

31. Поставете ги претходно отстранетите капаци за проверка на сепараторот и штитниците.

OUO6075,0004600-A8-28MAR17

Лопатки на горниот капак на сепараторот (ако постојат)



H97060—UN—22JUN10

A—Лопатки на горниот капак на сепараторот
B—Напредна положба
C—Стандардна положба

Крилата на горниот капак на одделувачот (A) се наоѓаат од десната страна на машината позади сврделот за полнење на чисто жито.

Крилата на горниот капак на одделувачот може да бидат софтверски прилагодени во две различни позиции.

ЗАБЕЛЕШКА: Работењето на лопатките на одделувачот во напредна позиција може да ги зголеми загубите на жито при одредена култура и услови. Времето на задржување на културата во одделувачот е намалено за да се подобри квалитетот на сламата.

- (B) — Напредна положба
- (C) — Стандардна положба


Видете го делот за помош кај апликациите за управување со остатоците или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации..

OUO6075,0004392-A8-31JAN17

Елементи на вршалката и запци (ротор TriStream) - отстранување и поставување



H82539—UN—07MAR05



H73898—UN—30OCT02

A—Завртка со глава

ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Елементите и запците мора да бидат поставени во сетови од три со цел да се одржи рамнотежата. Комплети за замена се достапни како сервисни делови и вклучуваат нови завртки со глава со претходно нанесено средство за запирање на навојот и заптивката. Запците или елементите кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.

Ако запците и елементите мора да бидат отстранети поради други причини освен нивно заменување, пред отстранувањето означете ја положбата на забецот (запците) / елементот (елементите). Поставете во истата положба пред отстранувањето за да се задржи рамнотежата. Секогаш употребувајте нови завртки со глава.


Погрижете се да ги исчистите отпадоците и предната напречна спирала ако заменувањето на забецот е поради скршени или оштетени запци. Неуспешноста да се направи тоа пред почетното стартување може да предизвика скршените запци да рециркулираат и да предизвикаат оштетување на забецот.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
2. Отстранете ги решетките на сепаратор или одделите на решетката по потреба за да пристапете до роторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување*
- *Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување*

3. Проверете го абењето на елементите на вршалката и запците на сепараторот со користење на Мерач за растојание KXE10110.
4. Отстранете ги завртките со глава (A) и елементот на вршалката или забецот.



H54006—UN—18FEB99

A—Додаток со навој

5. Проверете ги RIVNUT® додатоците со навој (A). Заменете ако постои оштетување.
6. Ако едниот елемент или забец треба да се замени, заменете ги сите во групата. Пример: Ако елементот 2 треба да се замени, исто така заменете ги и елементите 1 и 3.
7. Употребете го дијаграмот за положба на елементите на вршалката и запците на сепараторот за да ги препознаете елементите и запците.
8. Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава за елементот на вршалката и забецот на сепараторот—Вртлив момент	90 N·m (66 lb.-ft.)

OUO6075,0001804-A8-13MAY14

RIVNUT е регистриран заштитен знак на RIVNUT Engineered Products Inc.

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор TriStream за тешки зрна)




H82830—UN—23MAR05

ЗАБЕЛЕШКА: Можат да се додаваат дополнителни елементи кон конфигурацијата за тешки зрна во положбите означени со “O” на самиот ротор ако се посакува конфигурацијата за густа бала.

Групи на елемент на вршалката (конфигурација на ротор за тешки зрна)	Групи на забец на сепараторот (конфигурација на ротор за тешки зрна)
Елементи од група 1 = 1, 2, 3	**Запци од група 1 =** 1, 4, 5
Елементи од група 2 = 4, 5, 6	**Запци од група 2 =** 2, 3, 6
Елементи од група 3 = 8, 10, 12	**Запци од група 3 =** 8, 9, 11
Елементи од група 4 = 14, 16, 18	**Запци од група 4 =** 7, 10, 12
Елементи од група 5 = 19, 21, 23	**Запци од група 5 =** 13, 16, 18
	Запци од група 6 = 14, 15, 17
	Запци од група 7 = 19, 22, 23
	Запци од група 8 = 20, 21, 24

OUO6075,0000B81-A8-22MAR11

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор TriStream за густа бала)



H82364—UN—03FEB05


ЗАБЕЛЕШКА: Конфигурацијата за густа бала е само за конверзија на поле.

Групи на елемент на вршалката (конфигурација на ротор за густа бала)	Групи на забец на сепараторот (конфигурација на ротор за густа пала)
Елементи од група 1 = 1, 2, 3	**Запци од група 1 =** 1, 4, 5
Елементи од група 2 = 4, 5, 6	**Запци од група 2 =** 2, 3, 6
Елементи од група 3 = 7, 9, 11	**Запци од група 3 =** 8, 9, 11
Елементи од група 4 = 8, 10, 12	**Запци од група 4 =** 7, 10, 12
Елементи од група 5 = 13, 15, 17	**Запци од група 5 =** 13, 16, 18
Елементи од група 6 = 14, 16, 18	**Запци од група 6 =** 14, 15, 17
Елементи од група 7 = 19, 21, 23	**Запци од група 7 =** 19, 22, 23
Елементи од група 8 = 20, 22, 24	**Запци од група 8 =** 20, 21, 24

OUO6075,0000B80-A8-22MAR11

Елементи на вршалката и запци (ротор со променлив проток) — отстранување и поставување

Елементи на вршалката



H94732—UN—22SEP09

A—Завртки со глава
B—Лента со навој
C—Елемент на вршалката


ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Елементите мора да бидат поставени во група од три за да се одржи рамнотежата. Кога поставувате повеќе од еден комплет, не ги мешајте и усогласувајте елементите. Комплети за замена се достапни како сервисни делови и вклучуваат завртки со глава со претходно нанесено средство за запирање на навојот и заптивката. Секогаш употребувајте ги доставените завртки со глава. Елементите кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
2. Отстранете ги одделите на корпата по потреба за да пристапите до елементите на вршалката.


ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување*
- *Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување*

3. Проверете го абењето на елементите на вршалката и со користење на Мерач за растојание KXE10110.
4. Отстранете и фрлете ги завртките со глава (A) и задржете ја лентата со навој (B) од елементот на вршалката (C) по потреба.




H94747—UN—24SEP09



H97768—UN—25AUG10

Целосно налегнати



H97769—UN—26AUG10

Нецелосно налегнати

A—Елемент на вршалката
B—Главен дел на елементот
C—Отвор за основата на роторот
D—Лента со навој
E—Завртки со глава

5. Поставете го резервниот елемент на вршалката (A) на основата на роторот. (Употребете го дијаграмот за положба на елементот на вршалката за да ги идентификувате елементите на вршалката).

Групи за елемент на вршалката
Елементи од група 1 = 1, 2, 3
Елементи од група 2 = 4, 5, 6
Елементи од група 3 = 7, 8, 9
Елементи од група 4 = 10, 11, 12

Елементи од група 5 = 13, 14, 15

6. Осигурете дека главниот дел на елементот (B) е целосно налегнат низ отворите на основата на роторот (C).
7. Поставете ја претходно отстранетата летна со навој (D) и доставените завртки со глава (E).
8. Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на елементите на вршалката—Момент на вртење	87 ± 9 N·m (64 ± 7 lb.-ft.)

ВАЖНО: Осигурајте дека елементите се налегнати правилно откако ќе ги затегнете.


Елементите на вршалка за ориз се повисоки од елементите на вршалка за пченка/зрна. Порамнувањето на корпата мора да биде нагодено.

9. Нагодете ја порамнетоста на корпата. (Погледнете во Порамнување на корпата во ова поглавје).
10. Нагодете ја порамнетоста на корпата.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Нивелирање на конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)*
- *Нивелирање на конкавни делови (активна конкавна изолација)*

Запци на сепараторот



H94733—UN—22SEP09

A—Завртки со кружна глава
B—Сигурносни навртки (2 употребени)
C—Запци на сепараторот

ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Запците мора да бидат поставени во парови за да се одржи рамнотежата. Кога поставувате повеќе од еден комплет, не ги мешајте и усогласувајте запците. Секогаш употребувајте ги доставените завртки со глава. Запците кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.

1. Отстранете ги решетките на сепараторот по потреба за да пристапите до запците на сепараторот.


ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување*
- *Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување*

2. Проверете го абењето на запците на сепараторот со користење на Мерач за растојание KXE10110.

ЗАБЕЛЕШКА: За полесно отстранување, променете го запчестиот пренос на роторот во неутрална положба.

3. Отстранете и фрлете ги завртките со кружна глава (A), навртките (B) и запците на сепараторот (C) по потреба.



H94751—UN—25SEP09

A—Забец на сепараторот
B—Основа на роторот
C—Завртки со кружна глава
D—Навртки

ВАЖНО: Запците на сепараторот МОРА да бидат поставени во парови за да се одржи соодветна рамнотежа.

Парови запци на сепараторот	
1-2	11-12
3-4	13-14
5-6	15-16
7-8	17-18

9-10	19-20


4. Поставете го доставениот забец на сепараторот (A) на основата на роторот (B). (Употребете го дијаграмот за положба на забец на сепараторот за да ги идентификувате запците на сепараторот).
5. Поставете ги доставените завртки со кружна глава (C) и затегнете ги со навртките (D).
6. Затегнете ги навртките според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на забецот—Момент на вртење. . . . . 75 ± 11 N·m (55 ± 8 lb.-ft.)


OUO6075,0001805-A8-13MAY14

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (стандардна конфигурација за ротор со променлив проток)




H94731—UN—09MAR10
OUO6075,0000B83-A8-07APR11

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор со променлив проток за густа бала)




H94748—UN—08MAR10
OUO6075,0000B84-A8-07APR11

Одделувач Posi-Torq™—двоен-опсег



H96715—UN—02JUN10



H96936—UN—17JUN10

A—Рачка
B—Позиција за мала брзина (1)
C—Позиција за голема брзина (2)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред менување на преносот на Posi-Torq™ одделувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете ја најниската можна брзина кај култури со големи семиња за да спречете оштетување.

За да промените од ниска во висока брзина или од висока во ниска брзина, поместете ја рачката (A) во задржана неутрална положба.

За позицијата за мала брзина (B), турнете ја рачката кон лимени страни на одделувачот.

За позицијата за голема брзина (C), повлечете ја рачката подалеку од лимените страни на одделувачот.

За целосно да го вклучите погонот, можеби ќе биде потребно малку да ги ротирате променливите ременици додека ја поместувате рачката за менување.


ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали брзините се целосно ангажирани.

Кога ги менувате брзините на одделувачот, осигурајте се циклично да го ВКЛУЧИТЕ и ИСКЛУЧИТЕ напојувањето за да се препознае новиот брзински опсег.


Променете во ниска брзина ако работите под 530 вртежи/мин за продолжени периоди.

OUO6075,00045D0-A8-20MAR17

Растојание на ременицата на погонот на сепараторот — нагодување



H75081—UN—07FEB03



H101227—UN—26APR11

A—Завртка со глава (4 употребени)
B—Навртка
C—Затезна спојка

ВАЖНО: Ако празниот простор е поголем од 10 mm (3/8 in), тоа го ограничува движењето на макарата. Било кои од овие дефекти може да се случат кога погонот работи крајните горни подрачја од варијабилниот погонски опсег:

- **Оптегнување на ременот или дефект**
- **Дефект во лежиштето или во оската**

Ако празниот простор е помал од 6 mm (1/4 in), тоа ја ограничува чувствителноста на вртливиот момент. Било кои од овие дефекти може да се случат кога погонот работи крајните долни подрачја од варијабилниот опсег:

- **Дефект на ременот**
- **Пролизгување на ременот**

Ако не можете да добиете голема брзина додека работите на горниот крај од вариабилниот погонски опсег или се случува пролизгување на ременот на долниот крај од варијабилниот погон, проверете да не има направилен празен простор. За најдобри перформанси, поставете го растојанието според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Ременици—Процеп. . . . . 8 mm ± 2 mm (5/16 in ± 1/16 in)

Кога е вклучен сепараторот, поставете го погонот на сепараторот во најмалата брзина што овозможува погонуваните ременици да се затворат.

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Posi-Torq е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Отстранете ги завртките (A) околу погонското куќиште.

ЗАБЕЛЕШКА: Префрлете го погонското куќиште во неутрална за правилно да налегне ременот меѓу макарите. Рачно ротирајте ги ремениците додека ја нагодувате затегата.

Олабавете ја навртката (B) и прилагодете ја шпанер стегалката (C) за да го добиете одредениот празен простор помеѓу погонските макари.

Технички податоци (спецификации)


Ременици—Процеп. . . . . 8 mm (5/16 in)

Затегнете ја навртката (B) и завртките со глава (A).


Префрлете го погонското куќиште во посакуваниот брзински опсег.

OUO6075,00046EA-A8-11APR17

Ремен на променливиот погон на сепараторот — заменување



H101228—UN—26APR11



H101229—UN—26APR11

A—Црево
B—Чеп
C—Завртка со глава (4 употребени)
D—Навртка
E—Затезна спојка

Кога е вклучен сепараторот, поставете го погонот на сепараторот во најмалата брзина што овозможува погонуваните ремници да се затворат.

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Префрлете го погонското куќиште во неутралната позиција.

Откачете го цревото (A) кај ротирачката хидраулична спојка користејќи два клуча.

Исчистете го и отстранете го чепот (B) за да го ослободите вакуумот во празнината што се наоѓа во мастта.

Погонската макара се отвора.

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете ја заштитата според потребата за да добиете пристап до варијабилниот погонски ремен на одделувачот.

Отстранете ги завртките (C) околу погонското куќиште.

Олабавете ја навртката (D) и прилагодете ја шпанер стегалката (E) за да го поместите погонското куќиште и склопот на макарата во лево.

Отстранете и заменете го ременот. Завртете ги макарите со рака за да налегне ременот .

Завртете ги макарите и прилагодете ја шпанер стегалката за да го добиете одредениот празен простор помеѓу погонските макари.

Технички податоци (спецификации)

Ременици—Процеп. . . . . 8 mm (5/16 in)

Затегнете ја навртката (D) и завртките со глава (C).

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ја претходно отстранетата заштита за да добиете пристап до варијабилниот погонски ремен на одделувачот.

Инсталирајте го чепот (B) и хидрауличното црево (A) на погонската макара.


Префрлете го погонското куќиште во посакуваниот брзински опсег.

Стартувајте го моторот и вклучете го сепараторот. Менувајте го неколку пати променливиот погон низ опсегот на брзини. Исклучете го погонот на сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторно проверете го растојанието на ремениците по неколку часа и нагодете ако е потребно.

OUO6075,00046EB-A8-11APR17

Разделници на подлогата на спиралата




H83545—UN—20MAY05

A—Разделници на подлогата на спиралата

За да спречите загуби при брзи жетви или за да спречите наталожување на материјал на едната страна кога жнеете на угорници, поместете ги разделниците на подлогата на спиралата (A) во насока кон нагоре.


OUO6075,0000755-A8-20MAR07

Ремен на битерот за празнење — нагодување



H108263—UN—18JUN13

Стил A



H108264—UN—18JUN13

Стил B


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.


OUO6075,000438F-A8-10OCT16

Ремен на битерот за празнење — заменување



H108265—UN—18JUN13

Стил A




H108266—UN—18JUN13

Стил B

A—Завртки со глава
B—Штитник


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B) од левата задна страна на машината.



H108267—UN—18JUN13

Стил A




H108268—UN—18JUN13

Стил B

A—Навртки
B—Ремен на битерот за празнење

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот (B) од ременицата.


Машини опремени со распрскувач



H99547—UN—05JAN11

A—Завртки со глава
B—Штитник

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B).



H100562—UN—03MAR11


A—Ремен на битерот за празнење

Извадете и фрлете го ременот (A) од вратилото за подигање.

Поставете резервен ремен на битерот за празнење во вратилото за подигање.


Поставете го претходно изваденият штитник и завртките со глава.

Машини опремени со дробилка



H108269—UN—18JUN13

Стил A



H108270—UN—18JUN13

Стил B


A—Навртки
B—Внатрешен погонски ремен на дробилката
C—Ремен на битерот за празнење

Подигнете го целосно склопот на сецкачот со прекинувачот од левата страна и отстранете штитниците на сецкачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Означете ја положбата на навртките на затегнувачот пред да ги олабавувате за помош при повторното склопување.


Олабавете ги навртките (A) и отстранете го внатрешниот ремен (B) од ременицата.

Извадете и фрлете го ременот (C) од вратилото за подигање на дробилката.



H108271—UN—18JUN13

Стил A



H108272—UN—18JUN13

Стил B

A—Ремен на битерот за празнење
B—Внатрешен погонски ремен на дробилката
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка


Поставете резервен ремен на битерот за празнење (A) во вратилото за подигање на дробилката.

Поставете го внатрешниот ремен (B) и обезбедете дека ременот се порамнува со ремениците.

Спуштете го целосно склопот на сецкачот со прекинувачот од левата страна.


Затегнете ја навртката (C) така што подлошката (D) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (E) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка (F).

Поставете ги претходно извадените штитници на дробилката.



H108273—UN—18JUN13

Стил A




H108274—UN—18JUN13

Стил B

A—Ремен на битерот за празнење
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач
E—Сигурносна навртка


Поставете го ременот на битерот за празнење (A) во ременикот.

Стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Стегнете ја сигурносната навртка (E).



H108265—UN—18JUN13

Стил А



H108266—UN—18JUN13


Стил В

А—Завртки со глава
В—Штитник


Поставете го штитникот (В) и затегнете го со завртките со глава (А).

OUO6075,000438E-A8-10OCT16

Носечки ленти на тупалка за празнење—Замена (стил со 5 и 10 перки)



H109628—UN—14JAN14



H109629—UN—14JAN14

А—Завртки со кружна глава
В—Лента за носење на битерот за празнење
С—Завртки со глава
D—Крила на битерот за празнење

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Носечките ленти може да се вратат назад за дополнително носење.

Крилата на битерот за празнење и лентите за носење можат да се заменат без да се отстранува битерот за празнење.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако битерот за празнење е отстранет од машината или е бил сервисиран, затегнете ги винтовите на стегата пред да ги обезбедувате крилата.

Отстранете ги завртките со кружна глава (А) и заменете ги носечките ленти (В) од тупалката за празнење според потребата. Затегнете ги завртките со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со кружна глава за носечките ленти на тупалката за празнење—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)


Отстранете ги завртките со глава (С) и заменете ги крилата (D) на битерот за празнење како што е тоа потребно. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Завртки со глава крилата на битерот за празнење—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)

OUO6075,000464E-A8-13MAR17

Стандардни носечки ленти на тупалка за празнење—Замена (стил со 8 перки)



H85626—UN—27MAR06



H85627—UN—27MAR06

Перки на тупалка за празнење и носечки ленти (стандардни)

A—Винтови со кружна глава
B—Лента за носење на битерот за празнење
C—Завртки со глава
D—Крила на битерот за празнење

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Носечките ленти може да се вратат назад за дополнително носење.

Крилата на битерот за празнење и лентите за носење можат да се заменат без да се отстранува битерот за празнење. Заменете ги крилата на битерот за празнење во групи од две крила кои се спротивни едно на друго за да ја одржите потребната рамнотежа.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако битерот за празнење е отстранет од машината или е бил сервисиран, затегнете ги винтовите на стегата пред да ги обезбедувате крилата.

Отстранете ги винтовите со кружна глава (A) и заменете ги лентите за носење (B) на битерот за празнење, по потреба. Стегнете ги винтовите со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Винтови со кружна глава на лентата за носење на битерот за празнење—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)


Отстранете ги завртките со глава (C) и заменете ги крилата (D) на битерот за празнење како што е тоа потребно. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Завртки со глава крилата на битерот за празнење—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)

OUO6075,000464F-A8-20MAR17

Носечки ленти на тупалка за празнење за цврста култура—промена



H107173—UN—06MAR13



H107174—UN—06MAR13

Перки на тупалка за празнење и носечки ленти (цврста култура)

A—Завртки со кружна глава
B—Лента за носење на битерот за празнење
C—Завртки со глава
D—Крила на битерот за празнење

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Крилата на битерот за празнење и лентите за носење можат да се заменат без да се отстранува

битерот за празнење. Заменете ги крилата на битерот за празнење во групи од две крила кои се спротивни едно на друго за да ја одржите потребната рамнотежа.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако тупалката за празнење е отстранета од машината или е сервисирана, затегнете ги стегнувачките завртки пред да ги осигурате перките.

Секогаш заменете го хардверот(механички делови), кога ги заменувате носечките ленти на тупалката за празнење.

Отстранете ги завртките со кружна глава (A) и заменете ги носечките ленти (B) од тупалката за празнење според потребата. Затегнете ги завртките со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со кружна глава за носечките ленти на тупалката за празнење—Вртлив момент. . . . . 107 N·m (79 lb·ft)


Отстранете ги завртките со глава (C) и заменете ги крилата (D) на битерот за празнење како што е тоа потребно. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава крилата на битерот за празнење—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)

OUO6075,0004A14-A8-09AUG18

Ремен на префрлачка тупалка (ако има во опрема)—Прилагодување



H114991—UN—08JUL15


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,000438D-A8-12OCT16

Ремен на префрлачка тупалка (ако има во опрема)—Замена




H114992—UN—08JUL15

A—Штитници

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете ги завртките со глава (A) од десната страна зад машината.



H98551—UN—12OCT10

A—Навртки
B—Ремен на одбојниот битер


Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот (B) од ременицата.

Инсталирајте го заменскиот ремен и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.


Поставете ги штитниците и затегнете ги со завртките со глава.

OUO6075,0004389-A8-12OCT16

Стандардна префрлачка тупалка (ако има во опрема) – менување на перките



H120581—UN—23JAN17



H120582—UN—23JAN17

Перки на префрлачка тупалка и носечки ленти

A—Завртка со заоблена глава
B—Лента за носење на одбојниот битер
C—Засек
D—Завртка
E—Перка на префрлачка тупалка

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Перките не може да се вратат назад за дополнително носење.

Крилата на одбојниот битер и лентите за носење можат да се заменат без да се отстранува одбојниот битер. Заменете ги крилата на одбојниот битер во групи од две крила кои се спротивни едно на друго за да ја одржите потребната рамнотежа.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако префрлачката тупалка е отстранета од машината или е сервисирана, затегнете ги стегнувачките завртки пред да ги осигурате перките. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

1. Отстранете ги завртките со кружна глава (A) и заменете ги лентите за носење (B) на префрлачката тупалка, по потреба.
2. Прилагодете ги носечките ленти на префрлачката тупалка на надвор до крајот на засекот (C) како што е прикажано.
3. Стегнете ги завртките со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со кружна глава на лентата за носење на префрлачката тупалка—Вртлив момент	79 N·m (58 lb·ft)


4. Отстранете ги завртките со глава (D) и заменете ги крилата (E) на одбојниот битер како што е тоа потребно. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на крилата на одбојниот битер—Вртлив момент	79 N·m (58 lb·ft)

OUO6075,00050C7-A8-14MAY21

Десен преден ремен на меѓупреносното вратило — нагодување



H96938—UN—17JUN10


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,00007F8-A8-17JUN10

Десен преден ремен на меѓупреносното вратило — заменување



H96924—UN—16JUN10

A—Навртки
B—Десен преден ремен


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот (B).

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,00007F9-A8-17JUN10

Десен заден ремен на меѓупреносното вратило — нагодување



H96939—UN—17JUN10


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) сè додека подлошката (C) не се постави помеѓу крајот на мерачот (D) и дното од скалата. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,00007FA-A8-17JUN10

Десен заден ремен на меѓупреносното вратило — заменување



H96940—UN—17JUN10

A—Навртки
B—Преден ремен на меѓупреносното вратило
C—Ремен на задното меѓупреносно вратило

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го десниот преден ремен (B) на меѓупреносното вратило.


Олабавете ги навртките (A) и отстранете го задниот ремен (C) на меѓупреносното вратило.

Поставете го резервниот ремен и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Поставете го предниот ремен на меѓупреносното вратило и нагодете го затегнувачот додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното од скалата.

OUO6075,00007FB-A8-22JUN10

Воздушни олуци кај прочистувачкиот чевел и пристапна врата



H115537—UN—20AUG15

A—Воздушен олук (употребени се 2)
B—Држач
C—Заклучување
D—Пристапна врата на чистачот на зрна

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

Отстранете го секој материјал што се наоѓа во воздушните олуци (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Пристапната врата кај прочистувачкиот чевел е само од левата страна на машината.


Отворете го елементот за закачување (B) и завртете ја блокадата (C) за да ја отворите пристапната врата на прочистувачкиот чевел (D).

Отворањето на пристапната врата му овозможува на возачот да ја гледа површината на чистачот на зрна при нагодување на отстранувачот на плева или на ситото кога се прегледува површината на чистачот на зрна.

Затворете ја пристапната врата и прицврстете со блокадата и елементот за закачување.

OUO6075,0004E8B-A8-16JUN20

Запченици на спиралата на чистачот на зрна - врата за рачно чистење (ако постои)



H102538—UN—29JUN11

A—Врата за чистење


ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

Му овозможува на возачот да ја исчисти и провери површината на запчениците кај спиралата на чистачот на зрна.

1. Отстранете ги завртките со глава од вратата за чистење (A) за да ја исчистите површината.
2. Затворете ја вратата за чистење пред да работите со машината.

OUO6075,0004E8C-A8-08JUL20

Запченици на спиралата на чистачот на зрна - врата за чистење (ако постои)



H95822—UN—24MAR10

A—Клин за блокирање
B—Рачка
C—Врата за чистење
D—Затворена положба
E—Отворена положба

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Му овозможува на возачот да ја исчисти и провери површината на запченикот на спиралата на чистачот на зрна.


Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја рачката (B) за да ја отворите или затворите вратата за чистење (C).

Поместете ја рачката во посакуваната положба:

- Затворена положба (D)
- Отворена положба (E)

OUO6075,0000F8B-A8-09FEB12

Чевел, вентилатор, и ремен на подвижен сврдел—Прилагодување



H116821—UN—07JAN16

Штитникот е отстранет заради подобар преглед


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,00041C4-A8-11APR16

Чевел, вентилатор, и ремен на подвижен сврдел—Замена



H116823—UN—07JAN16



H54683—UN—17MAY99

Насочување на ремен

A—Навртки
B—Безбедносен клин
C—Ремен

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете го десниот преден ремен на меѓупреносното вратило и ремените на вентилаторот за чистење на променливиот погон.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го игличестиот осигурач (B) од шипката на затегнувачот.

Отстранете ги чевелот, вентилаторот, и погонскиот ремен на подвижениот сврдел (C).


Инсталирајте го заменскиот ремен и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Склопете ја шипката на затегнувачот и инсталирајте го игличестиот осигурач.

Поставете го предниот ремен на меѓупреносното вратило, ременот на вентилаторот за чистење на променливиот погон и нагодете ги затегнувачите додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

OUO6075,00041C5-A8-11APR16

Придвижувач на прочистувачкиот вентилатор (без Active Terrain Adjustment™)—Прилагодување



H96946—UN—17JUN10

A—Навртки
B—Крај на навоите


⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Минималната/максималната брзина на прочистувачкиот вентилатор се контролира електронски. Граничните навртки обезбедуваат заштита за погонот доколку постои неправилна електронска поставка за брзината. Навртките мора да бидат инсталирани како што е прикажано.

Проверете дали навртките (A) се заглавени меѓусебно на крајот од навоите (B) како што е прикажано.

OUO6075,0004580-A8-11JAN17

Придвижувач на прочистувачкиот вентилатор (Active Terrain Adjustment™)—Прилагодување




H120470—UN—11JAN17

Минималната/максималната брзина на прочистувачкиот вентилатор се контролира електронски, нема потреба од прилагодување.

OUO6075,000457F-A8-11JAN17

Ремен на прочистувачки вентилатор (без Active Terrain Adjustment™)—Замена



H96945—UN—17JUN10

A—Долна ременица
B—Потпорни краци
C—Горна ременица
D—Ремен

Стартувајте ја машината, вклучете го одделувачот и вентилаторот нека работи со минимална брзина.

Исклучете го сепараторот, ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и извадете го клучот.

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Поместете ја со крак долната ременица (A) во целосно отворена положба.

Одвојте ги потпорните краци (B) и занишајте ги краците подалеку.


Отстранете ја горната ременица (C) и повлечете го ременот (D) над долната ременица.

Инсталирајте го заменскиот ремен, отстранете го клинот и поврзете ги потпорните раце.

Проверете го нагодувањето за брзината на вентилаторот за чистење.

OUO6075,000457D-A8-11JAN17

Ремен на прочистувачки вентилатор (Active Terrain Adjustment™)—Замена



H120469—UN—11JAN17

A—Долна ременица
B—Клин со пружина
C—Клин
D—Потпорни краци
E—Горна ременица
F—Ремен

Стартувајте ја машината, вклучете го одделувачот и вентилаторот нека работи со минимална брзина.

Исклучете го сепараторот, ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и извадете го клучот.

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Поместете ја со крак долната ременица (A) во целосно отворена положба.

Отстранете го еластичниот клин (A) и клинот (C) од моторниот придвижувач.

Дозволете потпорните раце (D) да се тргнат настрана.

Отстранете ја горната макара (E) и повлечете го ременот (F) преку долната макара.


Инсталирајте го заменскиот ремен, отстранете го клинот и поврзете ги потпорните раце.

Порамнете ги потпорните раце со моторниот придвижувач и прицврстете со претходно отстранетите клинови.

Проверете го нагодувањето за брзината на вентилаторот за чистење.

OUO6075,000457E-A8-11JAN17

Прилагодливо предно вибрирачко гумно (ако има во опремата)



H120645—UN—31JAN17

A—Рачка

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.


Отстранете ги капаците на одделувачот за да пристапите до предното вибрирачко гумно.

Прилагодете го предното вибрирачко гумно во посакуваната положба со рачката (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Кога рачката е потполно подигната, предниото вибрирачко гумно целосно е затворено. Кога рачката е потполно спуштена, предниото вибрирачко гумно целосно е отворено. Еден засек е еднаков на приближно 4 mm (5/32 in).

OUO6075,00045AC-A8-02FEB17

Фиксно предно вибрирачко гумно



H54528—UN—01APR99


Фиксираното предно вибрирачко гумно е поставено на 24 mm (15/16 in).

Материјалот од жетвата кој поминува низ предниот отстранувач на плева се доставува до отстранувачот на плева за понатамошно чистење.

OUO6075,00045AF-A8-02FEB17

Вибрирачко гумно и сито - мерење

Должина на отворите за воздух



H89699—UN—21AUG07


A—Мрежа-до-мрежа

Машините може да бидат опремени со три различни типа на вибрирачко гумно и два типа на сита.

- Вибрирачко гумно со длабок заб и сито
  - Вибрирачко гумно 41 mm (1-5/8 in)
  - Сито 30 mm (1-3/16 in)
- Вибрирачко гумно и сито за општа намена
  - Вибрирачко гумно 30 mm (1-3/16 in)
  - Сито 30 mm (1-3/16 in)
- Фибрирачко гумно со рамни запци и сито
  - Вибрирачко гумно 30 mm (1-3/16 in)
  - Сито 30 mm (1-3/16 in)

Соодветниот начин на мерење на должината на отстранувачот на плева и отворите за воздух на ситото е од мрежа-до-мрежа (A), како што е прикажано. Тоа може да се користи за одредување дали е инсталирано вибрирачко гумно со длабоки запци, за општа намена, вибрирачко гумно со рамни запци или сито.

Длабочина на отвор на сито



H120674—UN—02FEB17


A—Длабочина на отвор

Машините можат да бидат опремени со два различни видови на сита.

- Сито со длабок заб
  - Сито 22 mm (7/8 in)
- Сито за општа намена
  - Сито 10 mm (3/8 in)

Правилниот начин на мерење на длабочината на отворот на ситото (A) е од дното на отворот до врвот на отворот, како што е прикажано. Тоа може да се користи за одредување дали е инсталирано сито со длабоки запци или за општа намена.

Зазор на отворот за воздух



H92974—UN—03OCT08


A—Вентилационен отвор-до-вентилационен отвор

ЗАБЕЛЕШКА: Секогаш при нагодување на отворот на гумното/ситото, прво подзатворете повеќе од посакуваната поставка а потоа отворете до посакуваната точка за поставката, за да се отстрани луфтата при играњето на ситото/гумното.

Соодветниот начин на мерење на зазорот на отстранувачот на плева и ситото е од отвор на воздух до отвор на воздух (A), како што е прикажано. Ова може да се искористи за одредување дали зазорот на вибрирачкото гумно и ситото одговара со прикажаната поставка на приказот на потпирачот за рака.

OUO6075,000503A-A8-14MAY21

Вибрирачко гумно за општа намена 30 mm (1-3/16 in)




H54526—UN—01APR99

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната димензија е со растојание од жица до жица.

Вибрирачкот гумно за општа намена е погодно за пченка, соја, сирак, ситни житарици, маслени култури, тревни семиња и многу специјални култури. Тоа се препорачува за суви услови и отпорно е на "набоднување" на делови од стебло на пченка и соја, сончоглед и стебло од сирак.

OUO6075,00045B1-A8-02FEB17

Вибрирачко гумно со длабоки запци 41 mm (1-5/8 in)



H58751—UN—13JUL99


ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната димензија е со растојание од жица до жица.

Не се препорачува за употреба кај ситни житарици, прехранбена пченка или пуканки.

Отстранувачот на плева со сито со длабок заб нуди капацитет за дополнителна сепарација на зрното при услови на висока влага и посеви со високо-плодна пченка, како и висок капацитет и пример на чисто зрно при култури на пченка и соја.

OUO6075,000467C-A8-20MAR17

Премиум прочешлувачко гумно за пченка 41 mm (1-5/8 in)



H124256—UN—17MAY18

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната димензија е со растојание од жица до жица.

Препорачано при влажни услови (+25%) кај високо приносна пченка.

Премиум прочешлувачкото гумно за пченка е дизајнирано за најдобри перформанси кога се жнее пченка. Карактеристично дизајнираните подолги отвори на прочешлувачкото гумно обезбедува поголеми отвори и го зголемува капацитетот за прифаќање на зрна, посебно кај високо приносната пченка или кога се жнее на падини каде поголемите отвори кај овие елементи може да помогне во зголемувањето на капацитетот на прочистувачкиот чевел.


Други предности во перформансите на премиум прочешлувачкото гумно се:

- Намалување на загубите кај прочистувачкиот чевел кај задниот дел на машината.
- Намалување на повратниот волумен на плева за повисоко-квалитетен примерок на зрно, намалени парчиња од кочан во резервоарот за жито за почист примерок на зрно.
- Премиум дизајнот за пченка има тенденција за помалку акумулиран материјал во услови на влажна пченка.
- Како последица од заобленият врв на отворите, полесно е чистењето на премиум прочешлувачкото гумно и постои помала

веројатност истото да се оштети при неговото чистење. Офсетот или изместеноста на отворите причинува малите стебленца помалку веројатно да паднат низ елементот или да се заглават во елементот.

OUO6075,0004944-A8-25MAY18

Вибрирачко гумно со рамни запци 30 mm (1-3/16 in)



H125454—UN—06DEC18


ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната димензија е со растојание од жица до жица.

На вибрирачкото гумно со рамни запци му е потребен отвор 2-3 mm поширок и поголема брзина на вентилаторот, 50 врт/мин, споредено со вибрирачкото гумно за општа намена.

Вибрирачкото гумно со рамни запци го подобрува волуменот на остатоци од плева и примерокот во резервоарот за жито, особено во тешки услови (култури обраснати со трева и многу брадести култури), како што се канолата, маслената семе (маслодајна репка) и леќата. Извитканиот прстен на вибрирачкото гумно го намалува бројот на долги стапчиња кои поминуваат низ вибрирачкото гумно.

OUO6075,000503B-A8-14MAY21

Сито за општа намена 30 mm (1-3/16 in)




H54527—UN—01APR99

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната димензија е со растојание од жица до жица.

Ова сито е соодветно за сите главни култури и многу специјални култури.

OUO6075,00045B3-A8-03FEB17

Сито со длабоки запци 30 mm (1-3/16 in)



H54526—UN—01APR99

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната димензија е со растојание од жица до жица.


Не се препорачува за употреба кај ситни житарици, прехранбена пченка или пуканки.

Ситото со длабок заб нуди дополнителна сепарација на зрното при висока влага и високо-плодна пченка.

Ова сито, заедно со отстранувачот на плева со длабок заб, нуди висок капацитет и примероци за чисто зрно при култури на пченка и соја.

OUO6075,000467D-A8-20MAR17

Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плева/ситото



H97564—UN—14SEP10

A—Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плева
B—Прекинувач за нагодување на ситото


ВАЖНО: Целосно затворете ги отворите за воздух на отстранувачот на плева/ситото за да спречите оштетување на отворите за воздух додека го отстранувате отстранувачот на плева/ситото.

Прекинувачот за нагодување на отстранувачот на плева (A) и прекинувачот за нагодување на ситото (B) се наоѓаат на левата страна од машината.

Прекинувачот за нагодување на отстранувачот на плева и прекинувачот за нагодување на ситото му овозможуваат на возачот да ги отвора или затвора отстранувачот на плева и ситото во различни положби.

OUO6075,00007DC-A8-21MAR11

Задно нагодување на двојната зона на отстранувачот на плева — нагодување



H121327—UN—24APR17

A—Врзни делови за нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.

Подигнете ја дробилката/склопот на распрскувачот.

Завртете ја врската за прилагодување (A) во насока на стрелките на часовникот за да го затворите вибрирачкото гумно и обратно за да го отворите вибрирачкото гумно.


При нагодување на отворот на гумното, прво подзатворете повеќе од посакуваната поставка а потоа отворете до посакуваната точка за поставката, за да се отстрани луфтата при играњето на ситото/гумното.

ЗАБЕЛЕШКА: Видете го делот за поставки за култура околу препорачаните поставки за прилагодување на двојно-зонското задно вибрирачко гумно.

Измерете го растојанието помеѓу отворите за воздух и потврдете ја поставката.

OUO6075,0004726-A8-24APR17

Елементи на отстранувачот на плева/ситото — отстранување и поставување



H115544—UN—20AUG15

A—Држач
B—Заклучување
C—Пристапна врата

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.


ВАЖНО: За да избегнете оштетување на елементите на вибрирачкото гумно/ситото, целосно затворете ги вентилационите отвори пред да ги вадите елементите од машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Машини со електричен придвижувач на блокот со сечила: За да може да се извадат елементите на вибрирачкото гумно/ситото, наместете го блокот со сечила во 100% активна позиција. За повеќе информации, видете Помош за управување со остатоците или Помош за операторската станица.

Не е неопходно да се отстранат сецкачот или распределителот (ако има во опрема) за да ги извадите вибрирачкото гумно/елементите на ситото. Дробилката или распрскувачот мора да бидат целосно подигнати.

Отстранувањето на ситото е слично како и отстранувањето на отстранувачот на плева.

1. Отворете го елементот за закачување (A) и завртете ја блокадата (B) за да ја отворите пристапната врата (C).




H121328—UN—24APR17


A—Завртка со глава (употребени се 2)
B—Капак
C—Електричен кабелски сноп

ЗАБЕЛЕШКА: Не е потребно да се вади моторот на вибрирачкото гумно.

2. Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).
3. Откачете го електричниот кабелски сноп (C) од моторот за вибрирачкото гумно.



H121329—UN—24APR17




H119692—UN—24OCT16

A—Задна плоча
B—Завртка со глава и навртка (употребени се 2)


C—Завртка со глава (употребени се 4)
D—Завртка со глава и навртка (употребени се 3)

ЗАБЕЛЕШКА: Не е потребно да се вади задната врата.

4. **Спуштете ја задната плоча (A):**
   a. Отстранете ги завртката и навртката (B) од двете страни на машината.
   b. Олабавете ги завртките (C) од двете страни на машината.
   c. Отстранете ги завртките со глава и навртките (D) од средината на долната страна на задната плоча.
   d. Повлечете ја задната плоча кон назад и спуштете ја.




H119693—UN—24OCT16




H119913—UN—02NOV16

A—Завртка со глава (употребени се 6)
B—Пластични прсти (се користат 2)
C—Завртка со глава (употребени се 4)


5. **Отстранување на вибрирачко гумно:**
   a. Отстранете ги завртките (A) и пластичните прсти (B) од двете страни на машината.
   b. Отстранете ги завртките (C) од двете страни на машината.
   c. Лизнете го елементот на вибрирачкото гумно низ задниот дел на машината.
   d. Проверете ги заптивните делови за жито кај елементите на вибрирачкото гумно и поправете според потребата.



H119696—UN—24OCT16



H119695—UN—24OCT16



H121020—UN—07MAR17

A—Завртка со глава
B—Шина
C—Чаура
D—Електричен кабелски сноп
E—Завртка со глава (употребени се 4)

6. **Отстранување на сито:**
   a. Олабавете ги завртките (A) од двете страни на машината.
   b. Подигнете ја водилката (B) и поставете ја врз чаурата (C).
   c. Откачете го електричниот кабелски сноп (D) од моторот за ситото.
   d. Отстранете ги завртките (E) од двете страни на машината.

e. Лизнете го елементот на ситото низ задниот дел на машината.

f. Проверете ги заптивните делови за жито кај елементите на ситото и поправете според потребата.

7. **Инсталација на сито:**


a. Инсталирајте го елементот на ситото низ задниот дел на машината.

b. Спуштете ја водилката и инсталирајте го електричниот кабелски сноп.


c. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки на ситото—Вртлив момент. . . . . 37 N·m (27 lb·ft)



H119693—UN—24OCT16



H119913—UN—02NOV16

A—Завртка со глава (употребени се 6)
B—Пластични прсти (се користат 2)
C—Завртка со глава (употребени се 4)

8. **Инсталација на вибрирачко гумно:**

a. Инсталирајте го вибрирачкото гумно и инсталирајте го електричниот кабелски сноп.

b. Стегнете ги завртките на капачето (C) до одредениот момент на стегање.

Технички податоци (спецификации)

Завртки на вибрирачкото гумно—Вртлив момент. . . . . 37 N·m (27 lb·ft)

c. Поставете ги пластичните прсти (B) на двете страни на вибрирачкото гумно.

d. Стегнете ги завртките со глава (A) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки за пластични прсти—Вртлив момент. . . . . 8 N·m (71 lb·in)

9. Подигнете ја задната врата и поставете го претходно отстранетиот хардвер.

10. Поставете го претходно отстранетиот капак и затегнете го со завртките со глава.

11. Затворете ја пристапната врата и прицврстете со блокадата и елементот за закачување.

OUO6075,0004A49-A8-09NOV18

Вибрирачко гумно/сито/склопови на повратната тава


Следниве склопови содржат структурни сврзувачки елементи што не може да се сервисираат и не се поправаат:

- Лева и десна страна на рамката на вибрирачкото гумно
- Лева и десна страна на рамката на ситото
- Рамка на повратната тава
- Елементи на вибрирачкото гумно
- Сито елемент

ЗАБЕЛЕШКА: Наведените склопови може да се заменат преку сервисните делови. За повеќе информации посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

SS43267,0000623-A8-11JUN15

Мотор на отстранувачот на плева/ситото — рачно нагодување




H121330—UN—24APR17

A—Завртки со глава
B—Капак

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да избегнете случајно стартување и лична повреда.

ЗАБЕЛЕШКА: Истата постапка за рачно нагодување може да се користи за моторот на отстранувачот на плева/ситото.

1. Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).



H119699—UN—24OCT16


A—Копче

ВАЖНО: За да спречите оштетување кај моторот за прилагодување, не употребувајте клуч кај копчето.

2. Користете го копчето (A) за да го нагодите моторот. Завртете го копчето во насока на движењето на стрелките на часовникот за да го затворете и во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го отворите отстранувачот на плева/ситото.


OUO6075,000467E-A8-24APR17

Ремен на елеваторот за чисти зрна — нагодување



H97127—UN—27OCT10

Стил A



H97030—UN—22JUN10

Стил B


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.


OUO6075,0004385-A8-10OCT16

Ремен на елеваторот за чисти зрна — заменување



H97128—UN—27OCT10

Стил А




H97033—UN—22JUN10

Стил В


А—Навртки
В—Ремен на елеваторот за чисти зрна

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја ослободете затегнатоста на ремењот за лифтот за чисто жито (B).



H97032—UN—22JUN10



H97034—UN—22JUN10

А—Завртки со глава
В—Капак
С—Ремен на елеваторот за чисти зрна

Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).


Отстранете го ремењот на елеваторот за чисти зрна (C) од макарите.

Инсталирајте го заменскиот ремен и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.


Поставете го претходно отстранетиот капак и затегнете го со завртките со глава.

OUO6075,0004384-A8-10OCT16

Преносен синџир на елеваторот за чисти зрна — нагодување



H62184—UN—13JAN00



H87582—UN—07MAR07


A—Навртка (4 употребени)
B—Навртка (2 употребени)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

1. Ослободете го резето и отворете ја долната врата.
2. Отстранете ги навртките од капакот на лежиштето (ако има во опрема).
3. Олабавете ги навртките (A) и употребете ги навртките (B) за да го нагодите синџирот. Поместете го држачот на лагерот надолу за да го затегнете ланецот.
4. Синџирот на елеваторот е соодветно нагоден кога долниот крај на синџирот може да се помести од едната страна до другата на запчаникот, но не може да биде повлечен надвор од запченикот. Кога ланецот ќе се олабави до 6 mm (1/4 in) од запчаникот, повторно прилагодете го ланецот. После извесно време на користење, можеби ќе биде потребно да се отстрани пола алка за синџирот да може да се нагоди правилно.
5. Монтирајте го капакот на лежиштето (ако има во опрема) и прицврстете го со навртките.
6. Затворете ја и заклучете ја долната врата.

OUO6075,0004E8D-A8-17JUN20

Врата и заштитни плочи на лифтот за чисто жито (ако има во опрема)



H126546—UN—20JUN19

Следниве делови го штитат лифтот за чисто жито кога се жнеат абразивни култури:


- Задна заштитна плоча (A)
- Заштитна плоча (B)
- Врата (C)

Привремено проверувајте дали се изабени овие делови на лифтот за чисто жито.

Вадете и заменувајте ги овие делови на лифтот за чисто жито, по потреба. За повеќе информации, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.


OUO6075,0004BD0-A8-20JUN19

Работни проверки за VisionTrak™



H120521—UN—19JAN17

Сензори на одделувачот



H120618—UN—26JAN17

Десен сензор на решетото

A—Сензори

ЗАБЕЛЕШКА: Потребни се две лица за извршување на оваа работна проверка. Едно лице мора да остане седнато на операторското седиште, додека другото лице да ги потчукне сензорите. Едно лице мора да остане седиште на седиштето на операторот, додека другото се спушта на сензорите.

Сензорите на одделувачот се од левата страна на машината под капаците на одделувачот.

Сензорите на чевелот се позади машината кај задната врата.

1. Завртете го контактниот клуч во положба RUN (контакт), но не стартувајте ја машината.
2. Прекинувач за вклучување на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: МОРА да биде во посев кој претходно бил калибриран. Калибрираната вредност за загуба на жито МОРА да биде помала од 50.


3. Потчукнете неколку пати на сензорот (A). Лицето кое го надгледува VisionTrak™ екранот треба да го види движењето на индикаторите за загуба кај чистачките делови во форма на чевел и за загуба кај одделувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Вратете ја калибрираната вредност за загуба на жито на оригиналната вредност или изведете уште една калибрација за посевот.

4. Исклучете го прекинувачот за хедерот и завртете го контактниот клуч во положба OFF (исклучено).
5. Ако VisionTrak ™ не работи после овие проверки, видете го вашиот John Deere трговец за дополнителни информации.

OUO6075,000447B-A8-26JAN17

Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™ (ако има во опрема)



H125312—UN—06NOV18

A—Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™

ВНИМАНИЕ: Изгасете го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред отстранување или сервисирање на камерата.

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.


Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај лифтот за чисто жито.

OUO6075,000507B-A8-27APR21

VisionTrak е заштитен знак на Deere & Company


ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева (ако има во опрема)



H120250—UN—09DEC16

Камера ActiveVision™ кај лифтот за остатоци на плева (дизајн A)



H120251—UN—09DEC16

Камера ActiveVision™ кај лифтот за остатоци на плева (стил B)

A—Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева


ВНИМАНИЕ: Изгасете го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред отстранување или сервисирање на камерата.

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај системот за отпадоци на плева.


OUO6075,000507C-A8-14MAY21

Сензори на елеваторот на системот за отпад



H70551—UN—02JAN02

Стил A



H105437—UN—17MAY12

Стил B

A—Сензори за отпад

Доколку приказот за сензорот за отпад постојано отчитува статус на наполнетост (сите ленти се светнати) кога не се врши жнеење или е празен (не свети ниту една лента) кога се врши жнеење, истото може да покажува дека леќата на сензорот е обложена со материјал или заптивката допуштила навлегување на прашина.

ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

ВНИМАНИЕ: Сензорот за отпад е ласерски производ од класа 1 и емитира ласерска радијација кога е под напон. Кога ги сервисирате или отстранувате сензорите за отпад, бидете внимателни и не гледајте директно во зракот.

Контактниот клуч мора да биде ИСКЛУЧЕН и сензорот за отпад мора да биде одвоен пред да се сервисираат или отстрануваат сензорите.

НЕ работете со сензорот кога е извадена леќата. Достапно е емитирање на ласерска светлина кога леќата е на место:

- 850 nm
- ширина на пулсот 500 nsec
- стапка на повторување ≤ 500 Hz
- < 90 nJ по пулс
- просечна моќност 43 uW
- Степени од класа 1 (безбедно за очи)

Ако сензорот работи со отстранета леќа, достапните степени на ласерската емисија се:

- 850 nm
- ширина на пулсот 500 nsec
- стапка на повторување ≤ 500 Hz
- < 380 nJ по пулс
- просечна моќност 188 uW
- Степени од класа 3R (мал потенцијал за повреда на очите)


1. По потреба, отстранете ги сензорите за отпад (A) за да ја проверите и исчистите леќата.
2. Ако леќите се чисти, отстранете и проверете од прашина. Ако има прашина, исчистете го местото и повторно склопете ги леќите врз единицата обезбедувајќи заптивање со дихтунгот.
3. Проверете дали леќите се сочувани со сите претходно отстранети завртки пред да инсталирате.

ВНИМАНИЕ: Пропустот на непоставување на пластичниот капак пред замената на сензорите на подигнувачот може да причини дефект, неточни отчитувања за жетвата или оштетување на сензорот и може да се овозможи потенцијално опасно изложување на очите кога сензорот е отстранет.

4. Поставете го сензорот и тестирајте го системот.
5. Ако екранот продолжува да прикажува целосно полно или празно, контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,0004568-A8-12DEC16

Лопатки на елеваторот на системот за отпад



H62187—UN—13JAN00

Стил A



H97055—UN—22JUN10

Стил B


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повремено проверувајте го ременот на елеваторот од абење или лопатки кои недостасуваат.

Во калливи услови, на синџирот на елеваторот може да се постави една челична лопатка која ќе има улога на бришач.

OUO6075,0004382-A8-10OCT16

Погонски ремен за сврдел за остатоци на плева—Прилагодување (стил А)



H62186—UN—13JAN00

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја сигурносната навртка (A).

Стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.


OUO6075,0004381-A8-26JAN17

Синџир за лопатките на елеваторот на системот за отпад — нагодување



H62185—UN—13JAN00

Стил А



H97059—UN—22JUN10

Стил В


A—Навртка (4 употребени)
B—Навртка (2 употребени)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

1. Ослободете го резето и отворете ја долната врата.
2. Отстранете ги навртките од капакот на лежиштето.
3. Олабавете ги навртките (A) и употребете ги навртките (B) за да го нагодите синџирот. Поместете го држачот на лагерот надолу за да го затегнете ланецот.
4. Синџирот на елеваторот е соодветно нагоден кога долниот крај на синџирот може да се помести од едната страна до другата на запчаникот, но не може да биде повлечен надвор од запченикот. Кога ланецот ќе се олабави до 6 mm (1/4 in) од запчаникот, повторно прилагодете го ланецот. После извесно време на користење, можеби ќе биде потребно да се отстрани пола алка за синџирот да може да се нагоди правилно.
5. Поставете го капакот на лежиштето и зацврстете го со навртки.
6. Затворете ја и заклучете ја долната врата.

OUO6075,0004E8E-A8-17JUN20

Горен погонски ланец на сврделот за остатоци на плева—Прилагодување (стил А)



H62189—UN—13JAN00


A—Завртка со глава
B—Блок

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја завртката со глава (A) и нагодете го блокот (B) за да го затегнете синџирот. Затегнете ја завртката со глава кога синџирот е стегнат.

OUO6075,000437F-A8-26JAN17

Погонски ремен за системот за остатоци на плева—Прилагодување (стил В)



H97014—UN—13SEP10


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,0004377-A8-26JAN17


Погонски ремен за системот за остатоци на плева—Замена (стил В)



H97015—UN—22JUN10



H97016—UN—22JUN10



H97017—UN—13SEP10

A—Навртки
B—Ремен на задното меѓупреносно вратило
C—Навртки
D—Погонски ремен на системот за отпад

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот на задното меѓупреносно вратило (B) од макарата.


Олабавете ги навртките (C) и отстранете го погонскиот ремен на системот за отпад (D).

Инсталирајте го заменскиот ремен и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Инсталирајте го ременот за задното помошно вратило на макарата и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

OUO6075,0004378-A8-26JAN17

Погонски ланец за системот за остатоци на плева—Прилагодување (стил B)



H105438—UN—17MAY12


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) се позиционира меѓу крајот на елементот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,0004379-A8-26JAN17

Погонски ланец за системот за остатоци на плева—Замена (стил B)




H105439—UN—17MAY12

A—Навртки
B—Штитник
C—Штитници

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете ги штитниците (B и C).



H97963—UN—30JUN11

A—Синџир
B—Носач


Направете замена ако целосно затегнат ланец (A) го допира или е помалку од 3 mm (1/8 in) од држачот (B).

Инсталирајте го заменскиот ланец и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Поставете ги претходно отстранетите штитници.

OUO6075,000437A-A8-26JAN17

Носечки ленти и стружни шипки на системот за остатоци на плева—Отстранување и инсталација (стил B)




H97073—UN—13SEP10


A—Навртки

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја ослободете затегнатоста на погонскиот ремен за системот за остатоци на плева.



H97069—UN—13SEP10




H97070—UN—13SEP10

A—Завртки со глава (3 употребени)
B—Спона
C—Раменски винтови (2 употребени)
D—Завртка со глава
E—Шипка
F—Пристапниот капак

Отстранете ги завртките со глава (A) и лентата (B).

Отстранете ги завртките со делумен навој (C), завртката (D), и шипката (E) од пристапниот капак (F).



H97072—UN—13SEP10

A—Завртки со глава и навртки
B—Ленти за носење


Отстранете ги завртките со глава и навртките (A) од лентите за носење.

По потреба, отстранете и заменете ги лентите за носење.

Затегнете ги завртките со глава на лентата за носење според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на лентата за носење—Вртлив момент. . . . . 70 N·m (52 lb·ft)



H97084—UN—23JUN10

A—Завртки со глава и навртки
B—Турпиеста лента

Отстранете ги завртките со глава (A) од турпиестата лента (B).

По потреба, отстранете и заменете ги турпиестите ленти.

Затегнете ги завртките со глава на турпиестата лента со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на турпиестата лента—Вртлив момент. . . . . 37 N·m ± 7 N·m (27 lb ft ± 5 lb ft)

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали заптивката на пристапниот капак останува на место при инсталација на системот за остатоци на плева.


Поставете го пристапниот капак и затегнете го со шипката и завртката со глава.

Поставете ги раменските винтови, порамнете го гуменото парче со отворите и поставете ја лентата и завртките со глава.

Нагодете го затегнувачот на погонскиот ремен на системот за отпад додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

OUO6075,000437B-A8-26JAN17

Носечки ленти и стружни шипки на системот за остатоци на плева—Прилагодување (стил B)




H97073—UN—13SEP10

A—Навртки

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја ослободете затегнатоста на погонскиот ремен за системот за остатоци на плева.




H105439—UN—17MAY12

A—Навртки
B—Штитник
C—Штитници

Олабавете ги навртките (A) и отстранете ги штитниците (B и C).

Отстранете го погонскиот синџир за да овозможите системот за отпад да се врти слободно.



H97094—UN—13SEP10

A—Рачка за нагодување
B—Завртки со глава, M6
C—Завртки со глава и навртки

ЗАБЕЛЕШКА: Поместувањето на рачката за нагодување кон надолу ја намалува положбата помеѓу лентите за носење и турпиестите ленти.

Поместете ја рачката за нагодување (A) кон надолу, како што е прикажано, и поставете ги завртките со глава (B) во постечките отвори.

Олабавете ги завртките со глава и навртките (C).

Бавно нагодувајте ја пристапната врата додека го ротирате битерот, додека не се слушне “чукање”.

Бавно повлекувајте кон назад, додека “чукањето” не прекине, потоа затегнете ги завртките со глава и навртките.


Нагодете го затегнувачот на погонскиот ремен на системот за отпад додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на скалата.

Инсталирајте го ланецот и прилагодете го затегнувачот се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Поставете ги претходно отстранетите штитници.

OUO6075,000437C-A8-26JAN17

Повратен конкавен дел на системот за остатоци на плева—Прилагодување (стил B)



H97103—UN—13SEP10

A—Рачка за избирање култура
B—Положба за мали зрна
C—Положба за големи зрна

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: За да спречите лична повреда или оштетување на машината, не помесутвајте ја рачката за избирање култура додека машината работи.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете го делот со поставки за култура за препорачаните поставки за позиција на конкавните делови кај системот за остатоци на плева.

Положба за мали зрна (B):

Рачката за избирање култура (A) треба да биде во “СПУШТЕНА” положба кога се вржи жнеење на култури со мали зрна.

Положба за големи зрна (C):

Рачката за избор на култура (A) треба да биде во ”ГОРНА” позиција, кога се жнеат големи култури или култури осетливи на оштетување.

OUO6075,000467F-A8-20MAR17

Врата за чистење на сврделот кај системот за остатоци на плева (стил B)



H97095—UN—13SEP10


A—Рачка

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата за чистење на сврделот кај системот за остатоци на плева и според потребното отстранете го материјалот.

OUO6075,000437E-A8-26JAN17

Погонски ремени — лева страна




H107018—UN—25FEB13

Стил A			
A	Стандарден ремен / ремен за висок капацитет на хедерот и на пумпата за намотката	F	Ремен на меѓупреносното вратило, на битерот за празнење и на дробилката
B	Систем на растоварната спирала, #60 синџир за вртење	G	Ремени на дробилката за слама
C	Ремен на системот на растоварната спирала	H	Погонски ремен на доставната комора со фиксна брзина Стандарден погонски ремен / погонски ремен за висок капацитет на доставната комора со променлива брзина
D	Погонски ремен на сепараторот со променлива брзина	I	Моторен ремен за справување со остатоци (конечно ниво 4/фаза V)
E	Ремен на битерот за празнење (машини што не се за ориз) Ремени на битерот за празнење (машини што се за ориз)		
Стил B			
A	Хедер и ремен на ролна со пумпа со стандарден/висок капацитет или CommandTouch™ ремен на повеќе-брзински погон на куќиштето за достава (опција)		
B	Систем на сврдел за истовар, #60 валчест синџир (10 572 L (300 bu) резервоар за жито) Систем на сврдел за истовар, #80 валчест синџир (14 096 L (400 bu) резервоар за жито)		
C	Ремен на системот на растоварната спирала		
D	Погонски ремен на сепараторот со променлива брзина		
E	Ремени на битерот за празнење		
F	Ремен на меѓупреносното вратило, на битерот за празнење и на дробилката		
G	Ремени на дробилката за слама		
H	Погонски ремен на доставната комора со фиксна брзина Стандарден погонски ремен / погонски ремен за висок капацитет на доставна комора со променлива брзина или погонски ремен на CommandTouch™ доставна комора со повеќе брзини (изборно)		
I	Моторен ремен за справување со остатоци (конечно ниво 4/фаза V)		

CommandTouch е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00047E1-A8-13NOV17

Погонски ремени—Десна страна (стил А)




H99322—UN—10DEC10

A—Ремен на елеваторот за чисти зрна
B—Заден десен ремен на вратилото за подигање
C—Ремен на спиралата за отпад и елеваторот
D—Повратна спирала за отпад, синџир #50
E—Ремени на вентилаторот на решетото и спиралите на преносникот
F—Преден десен ремен на вратилото за подигање
G—Променлив ремен на вентилаторот за чистење
H—Ремен на влезниот акцелератор
I—Влезен преносник (синџир), синџир #60
J—Погонски ремен на префрлачка тупалка (ако има во опрема)

OUO6075,0004375-A8-26JAN17

Погонски ремени—Десна страна (стил В)



H96904—UN—16JUN10

A—Ремен на елеваторот за чисти зрна
B—Заден десен ремен на вратилото за подигање
C—Синџир за вртење #60 на елеваторот за зрна/горната спирала
D—Погонски ремен на системот за отпад
E—Преден десен ремен на вратилото за подигање
F—Ремени на вентилаторот на решетото и спиралите на преносникот
G—Ремен на влезниот акцелератор
H—Влезен преносник (синџир), синџир #60
I—Променлив ремен на вентилаторот за чистење
J—Погонски ремен на одбојниот битер (изборно)

OUO6075,0004374-A8-26JAN17

Влезен акцелератор - одзатнување

ЗАБЕЛЕШКА: Употребете ја алатката за откачување на забрзувачот за делот за достава доколку ви е достапна. За повеќе информации, видете го вашиот John Deere трговец.

1. Исклучете го сепараторот.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
3. Префрлете го погонско куќиште на одделувачот во пониска брзина.
4. Отстранете ја затегнатоста на ременот за погонот на забрзувачот за достава со туркање на рачката нагоре и надвор од засекот на држачот.
5. Отворете ја вратата на собирачот на камења и исчистете. Оставете ја отворена вратата на собирачот на камења.
6. Свирнете со сирената, стартувајте го моторот и поставете ги моторните вртежите на средна брзина во лер.
7. Вклучете го одделувачот за да го исфрли надвор материјалот, тупалката за празнење и сецкачот.
8. Исклучете го сепараторот.
9. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
10. Отстранете ги пристапните капаци на влезниот акцелератор и отстранете го материјалот од културата од површината на акцелераторот. Откако ќе го исчистите делот за приклучување, завртете го забрзувачот едно завртување за да бидете сигурни дека се движи слободно.
11. Актииврајте го погонот на забрзувачот за достава со туркање на рачката нагоре и во засекот на држачот.
12. Свирнете со сирената, стартувајте го моторот и поставете ги моторните вртежите на средна брзина во лер.
13. Стартувајте го одделувачот. Ако приклучокот не се исчисти, исклучете го одделувачот и повторете ги чекорите 9—13.
14. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
15. Затворете го собирачот на камења и поставете го растојанието на корпата назад во оригналната поставка. Заменете ги пристапните капаци на влезниот акцелератор.
16. Ако почетно работите со голема брзина, префрлете го погонскиот механизам за одделувачот во брзина и прилагодете ја брзината на одделувачот назад на почетните поставки и продолжете со работата.

OUO6075,00046EC-A8-29MAR17

Сепаратор — одзатнување

Исклучете го сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Забележете ја поставката на корпата и нагодете ја копрата во широко отворена положба.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Префрлете го погонско куќиште на одделувачот во неутрална позиција.

Отстранете ја затегнатоста на ременот за погонот на забрзувачот за достава со туркање на рачката нагоре и надвор од засекот на држачот.

Отворете ја вратата на собирачот на камења и исчистете. Затворете ја вратата за заробување на камчиња.

Свирнете со сирената, стартувајте го моторот и поставете ги моторните вртежите на средна брзина во лер.

Вклучете го сепараторот за да го исчистите материјалот од битерот за празнење.

Нагодете го променливиот ремен на сепараторот на средина од опсегот.

Исклучете го сепараторот.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Префрлете го погонско куќиште на одделувачот во пониска брзина.

Свирнете со сирената, стартувајте го моторот и поставете ги моторните вртежите на средна брзина во лер.

ВАЖНО: За да се спречите оштетување на главното моторно погонско куќиште и потопеното квачило, не го вклучувајте квачилото на одделувачот со запушен одделувач повеќе од три пати во период од 3 минути.

Почекајте 1 минута помеѓу стартувањата кога одделувачот е запушен додека машината работи во празен од.

Вклучете го одделувачот за да го исчистите одделувачот. Ако запушеното не се исчистило, исклучете го одделувачот.

Ако одделувачот не може да се напојува неодзатнат, неопходно е да се отстранат конкавните елементи и решетката и со рака да се отстрани сламата. Откако ќе го исчистите затнувањето, повторно поставете ги корпите и решетките.

Откако одделувачот е исклучен, поставете го проредот на конкавниот дел назад на почетната поставка.

Активирајте го погонот на забрзувачот за достава со туркање на рачката нагоре и во засекот на држачот.

Ако изворно работите со висока брзина, префрлете го погонот на одделувачот во позиција за висока брзина. Нагодете ја брзината на сепараторот назад во оригиналната поставка и продолжете со работата.

OUO6075,0004939-A8-12APR18

Битер за празнење — одзатнување

ЗАБЕЛЕШКА: Употребете ја алатката за откачување на тупалката за празнење доколку ви е достапна. За повеќе информации, видете го вашиот John Deere трговец.


1. Исклучете го хедерот и сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Забележете ја поставката на корпата и нагодете ја копрата во широко отворена положба.

2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
3. Подигнете ја дробилката за слама.
4. Отстранете ги капаците за да пристапите до површината на битерот за празнење и отстранете го посевниот материјал од површината на битерот.
5. Отстранете ја заштитата над погонската макара на тупалката за празнење, така да макарата може да се врти со рака.
6. Откако ќе го исчистите делот за приклучување, завртете ја тупалката едно завртување за да бидете сигурни дека се движи слободно.
7. Префрлете го погонско куќиште на одделувачот во неутрална позиција.
8. Отстранете ја затегнатоста на ременот за погонот на забрзувачот за достава со туркање на рачката нагоре и надвор од засекот на држачот.
9. Свирнете со сирената, стартувајте го моторот и поставете ги моторните вртежите на средна брзина во лер.
10. Вклучете го сепараторот за да го исчистите материјалот од битерот за празнење и дробилката.
11. Исклучете го сепараторот.
12. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
13. Префрлете го погонско куќиште на одделувачот во изворната брзина.
14. Активирајте го погонот на забрзувачот за достава со туркање на рачката нагоре и во засекот на држачот.
15. Поставете ги сите штитници кои биле претходно отстранети.
16. Спштете ја дробилката за слама во работната положба.
17. Свирнете со сирената, стартувајте го моторот и поставете ги моторните вртежите на средна брзина во лер.
18. Стартувајте го одделувачот.
19. Поставете го растојанието на корпата назад во почетната поставка и продолжете со работењето.


OUO6075,00046EE-A8-29MAR17

Опции за постапување со остатокот од материјалот (Среден/делукс остаток)



H125189—UN—15OCT18

Делукс сецкање



H125190—UN—22OCT18


Формирање делукс сламен ред

ЗАБЕЛЕШКА: Полните стрелки претставуваат проток на слама. Стрелките со цртички претставуваат проток на плева.

Сламата и плевелот се налегнуваат заедно долу во сламен ред.


OUO6075,0004A2E-A8-15OCT18

Опции за постапување со остатокот од материјалот (Премиум остаток)



H117674—UN—11MAR16

Премиум сецкање



H118033—UN—05APR16


Формирање премиум сламен ред

ЗАБЕЛЕШКА: Полните стрелки претставуваат проток на слама. Стрелките со цртички претставуваат проток на плева.

Сламата се испушта и плевелот се распространува според можностите.


OUO6075,00049BD-A8-31MAY18

Опции за постапување со остатокот од материјалот (Распространувач на слама)



H117675—UN—11MAR16

Позиција на распространувачот



H118034—UN—05APR16


Позиција за формирање на сламен ред

ЗАБЕЛЕШКА: Полните стрелки претставуваат проток на слама. Стрелките со цртички претставуваат проток на плева.

Материјалот е расфрлен и не е исецкан

OUO6075,00049BE-A8-31MAY18

Општи информации за формирање на сламен ред (средно ниво/делукс остаток)



H124423—UN—30MAY18


Формирање на сламен ред со средно ниво/делукс

ЗАБЕЛЕШКА: Полните стрелки претставуваат проток на слама. Стрелките со цртички претставуваат проток на плева.


- Целосно подигнете ја дробилката. Погледнете во Нагодување на дробилката понатаму во ова поглавје.
- Префрлете го погонот за сецкачот во неутрална позиција. Погледнете во Погонски брзини на дробилка — Променување, понатаму во ова поглавје.

OUO6075,00049B9-A8-18JUN18


Лопатки на пренасочувачот на културата — нагодување



H98165—UN—21SEP10



H98166—UN—21SEP10



H98708—UN—19OCT10

A—Шраф со глава
B—Индикатор
C—Во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот
D—Во насока на движењето на стрелките на часовникот

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Вртењето на завртката со глава (A) го нагодува индикаторот (B) и ги поместува лопатките на пренасочувачот на култура.

- Во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот (C) - ги поместува лопатки кон левата страна од машината.
- Во насока на движењето на стрелките на часовникот (D) - ги поместува лопатки кон десната страна од машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете ги лопатките додека распределбата на материјалот на културите е еднаква долж ширината на телото.

OUO6075,00009CD-A8-17NOV10

Општи информации за формирање на ред (остаток премиум)



H118033—UN—05APR16


Формирање премиум сламен ред

ЗАБЕЛЕШКА: Полните стрелки претставуваат проток на слама. Стрелките со цртички претставуваат проток на плева.

- За формирање на сламен ред и расфрлање на плевата, отворете ја вратата за испуштање на сецканиот материјал (модел од премиум ниво). Видете го делот за помош кај апликациите за управување со остатоците или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации.
- Ако вржите жнеење на култури со ниска слама, спуштете го дефлекторот за кочан во положба за пченка. За понатамошни информации видете “Пренасочувач на култура” во овој дел.

OUO6075,00046FF-A8-05APR17

Гребла за конвергенција на откос




H98368—UN—30SEP10

A—Гребла за конвергенција

Греблата за конвергенција (A) се користат за пренасочување на отсеченият сламен материјал во потесен откос.

OUO6075,0004700-A8-05APR17

Задна врата—прилагодување (остаток делукс)



H98131—UN—20SEP10

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Засеци

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Олабавете ги завртките со глава (A) од двете страни на задната врата.

Прилагодете ја задната врата нагоре или надолу во засеците (B) за контрола на широчината на распостилање на сламата.

Стегнете ги завртките со глава од двете страни на задната врата за да ја заклучите во дадената положба.

SS43267,000060A-A8-04JUN15

Крила на задната врата (мануелно прилагодување)—прилагодување (остаток делукс)



H98133—UN—20SEP10

A—Навртки
B—Крила на задна врата

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.


Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.)

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги крилата на задната врата (B) како што е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (рачно прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

Стегнете ги навртките и повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.

SS43267,000060B-A8-04JUN15

Крила на задната врата (електро мотор) —прилагодување (остаток делукс)



H98134—UN—21SEP10

A—Навртки
B—Крила на задна врата
C—Отвори

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.


Фабричката поставка на перките на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft).

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги перките на задната врата (B) на различните отвори (C) доколку е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

1. Затегнување навртки за крилата на задната врата
2. Олабавете ја навртката еден цел круг кај предниот дел на крилото од задната врата.
3. Олабавете ја навртката 1-1/2 завртување кај задниот дел на крилото од задната врата.
4. Уверете се дека крилото на задната врата лесно се придвижува.
5. Повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.

OUO6075,0004702-A8-05APR17

Крила на задната врата (мануелно прилагодување)—фабрички поставки (остаток делукс)




H100407—UN—23FEB11

Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од горната страна на крилата на задната врата)

A—693 mm (27.3 in.)
B—548 mm (21.6 in.)
C—382 mm (15 in.)
D—262 mm (10.3 in.)
E—133 mm (5.2 in.)
F—48 mm (1.9 in.)

SS43267,000060D-A8-04JUN15

Крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки (остаток делукс)



H100408—UN—23FEB11

Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од долната страна на крилата на задната врата)


A—Лопатка 1
B—Втор отвор
C—Лопатка 2
D—Трет отвор
E—Лопатка 3
F—Шести отвор
G—Лопатка 4
H—Петти отвор
I—Лопатка 5
J—Четврти отвор
K—Лопатка 6
L—Прв отвор

ЗАБЕЛЕШКА: Местото на отворите се од средината на надворешната страна на задната врата кога ги прилагодувате крилата на надворешната врата.

Ако се посакува патека на ширина на ширењето од 7,6 m (25 ft.) контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за понатамошни информации за изборен комплет.

SS43267,000060E-A8-04JUN15

PowerCast™ задна врата—прилагодување (опција)



H98132—UN—20SEP10

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Засеци

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте некој да стои зад задната плоча која се шири додека таа работи. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред да прилагодувате.

За најдобри перформанси, PowerCast™ задната врата секогаш треба да работи на рамно или паралелно со земјата. Во зависност од комбинацијата на гуми, можеби ќе биде потребно да се подигне или спушти задната плоча.

Паркирајте ја машината на рамен терен.


Олабавете ги завртките со глава (A) од двете страни на PowerCast™ задната врата.

Прилагодете ја PowerCast™ задната врата нагоре или надолу во засеците (B) за порамнување на PowerCast™ задната врата.

Стегнете ги завртките од двете страни на PowerCast™ задната врата за да ја заклучите во дадената положба.

OUO6075,0004701-A8-05APR17

Сечила кај PowerCast™ задната врата—замена (опција)




H98170—UN—22SEP10

A—Сигурносна навртка
B—Завртка со глава
C—Склопови на дискот на распрскувачот

ВНИМАНИЕ: Склоповите на дискот тежат приближно 13 kg (29 lb).

ВАЖНО: Склоповите на дискот се леви и десни. Означете ги положбите на склопот на дискот пред да го отстранувате.

Одвртете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B) од склоповите на дискот на распрскувачот (C).



H98171—UN—22SEP10

PowerCast е заштитен знак на Deere & Company

ВАЖНО: Кога заменувате изабени или оштетени сечила, осигурајте се истовремено да ги замените сечилата од спротивните страни на дискот за да се одржува избалансираноста на дискот при ротирање.

Сечилата се ориентирани во наизменични патеки на отвори за да се добие оптимална ширина за материјалот. Осигурете дека резервните сечила се поставени назад во истите отвори како и претходно отстранетите сечила.


Поставете ги резервните сечила по потреба и затегнете ги машинските делови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Машински делови на сечило—Вртлив момент	22 N·m (16 lb·ft)

OUO6075,0004706-A8-05APR17

Задни прекривки на PowerCast™ задната врата (опција)



H98180—UN—22SEP10

A—Хардвер (8 користи)
B—Задни обвивки


ЗАБЕЛЕШКА: Прекривките може да бидат извадени за материјалот да се расфрла повеќе во средината на машината кога жнеете во тешки услови или тешка слама.

Предните и задните обвивки треба секогаш да бидат поставени за да се овозможи оптимално распоредување при жнеење пченка.

Положба за теренска работа

Прекривките се користат за управување со ширината на дистрибуирање при расфрлање на остатокот за поширoки платформи.

Инсталирајте ги задните прекривки (B) позади завареният појас како што е прикажано и прицврстете со хардверот (A).



H98181—UN—22SEP10

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник
C—Задни обвивки
D—Крилеста навртка

Положба за складирање


Отстранете и задржете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

Инсталирајте ги задните прекривки (C) на завареният клин како што е прикажано и прицврстете со крилестата навртка (D).


Поставете го претходно отстранетиот штитник и клиновите за брзо заклучување.

OUO6075,0004707-A8-05APR17

Пренасочувач на култура



H114990—UN—08JUL15



H99171—UN—23NOV10

A—Клин за блокирање
B—Рачка за пренасочувачот на култура
C—Положба за мали зрна
D—Положба за големи зрна

ВАЖНО: За да спречите лична повреда или оштетување на машината, не поместувајте ја рачката за пренасочувачот на култура додека машината работи.

Положба за мали зрна (C):

Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја рачката за пренасочувачот на култура (B) во "ГОРНА" положба. Рачката за пренасочувачот на култура треба да биде поставена во "ГОРНА" положба кога се сервисира чистачот на зрна.


Положба за големи зрна (D):

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се врши жнеење на пченка или сончоглед, рачката за пренасочувачот на култура треба да биде во "ГОРНА" положба.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја рачката за пренасочувачот на култура (B) во "ДОЛНА" положба. Пренасочувачот на култура го заштитува чистачот на зрна од оштетување преку спречување материјалот да не биде фрлан кон напред.

SS43267,000067D-A8-08JUL15

Воздушни канали




H115835—UN—08SEP15

A—Воздушен канал

Воздушниот олук (A) од двете лимени страни на одделувачот му овозможуваат на прочистувачкиот чевел да диши по слободно особено кога работи на ниски брзини. Во зависност од условите на жнеењето, квалитетот на резервоарот за зрна може да се подобри и да се намали прашината во доставната комора.

OUO6075,000417A-A8-11APR16

Под на префрлачката тупалка (ако има во опрема)—Отстранување (премиум остаток)



H115544—UN—20AUG15


A—Држач
B—Заклучување
C—Пристапна врата на чистачот на зрна

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ЗАБЕЛЕШКА: За повеќе информации околу подот на префрлачката тупалка, обратете се кај вашиот John Deere дистрибутер.

Подот на одбојниот битер мора да биде поставен за пченка/големи зрна и да биде отстранет за мали зрна.

1. Отворете го елементот за закачување (A) и завртете ја блокадата (B) за да ја отворите пристапната врата на прочистувачкиот чевел (C).



H113090—UN—03MAR15


A—Под на одбојниот битер
B—Завртка со глава и навртка (употребени се 2)

ЗАБЕЛЕШКА: Потребни се две лица за да се извади подот на префрлачката тупалка. Едното лице го држи подот на префрлачката тупалка, додека другото лице ги отстранува завртките и навртките.

2. Држете го подот на префрлачката тупалка (A) и отстранете ги завртките и навртките (B) на двете страни на машината.
3. Затворете ја пристапната врата и прицврстете со блокадата и елементот за закачување.

OUO6075,0004E91-A8-23JUN20

Контролна шипка на дробилката (изборно)




H98138—UN—21SEP10

A—Машински делови
B—Контролна шипка

ВАЖНО: Контролната шипка мора да биде отстранета и поставена во складирана положба кога се врши жнеење на пченка. Неуспешноста да се отстрани контролната шипка може да резултира во оштетување на елементот на отстранувачот на плева.

Контролната шипка го подобрува квалитетот на отсечувањето, распределбата и ширината на ширењето во услови на груба слама. За повеќе информации, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

Отстранете ги машинските делови (A) и контролната шипка (B) од долната страна на дробилката.




H98139—UN—21SEP10

A—Контролна шипка
B—Машински делови

Целосно подигнете ја дробилката за да ја поставите контролната шипка (A) од внатрешната страна на дробилката, како што е прикажано, и затегнете ја со машинските делови (B).

OUO6075,00009BF-A8-21SEP10

Стационарен блок ножеви на сецкач (без електричен придвижувач) — прилагодување



H98137—UN—20SEP10

Позиција на активиран блок ножеви

A—Крилеста навртка
B—Рачка

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ВАЖНО: Блокот со ножеви мора целосно да биде исклучен за пченка.

ЗАБЕЛЕШКА: Сецкачот може да работи со исклучени ножеви. Но, така се намалува квалитетот на отсечувањето.

Употребете ја средишната положба, помеѓу активираните и неактивираните позиции за да ја оптимизирате потрошувачката на моќноста и да достигнете задоволителна должина на отсечување.

Ножевите можат да бидат нагодени во која било положба. Положбата на ножевите ја одредува должината на отсечувањето на материјалот.

Позиција на активиран блок ножеви:


1. Олабавете ја крилестата навртка (A) на дробилката.
2. Поместете ја рачката за нагодување (B) надолу додека блокот ножеви не биде на врвот од отворот за нагодување.
3. Затегнете ја крилестата навртка за да го заклучите блокот ножеви во таа положба.

Позиција на неактивиран блок ножеви:

1. Олабавете ја крилестата навртка (A) на дробилката.
2. Поместете ја рачката за нагодување (B) нагоре додека блокот ножеви не биде на дното на отворот за нагодување.
3. Затегнете ја крилестата навртка за да го заклучите блокот ножеви во таа положба.

OUO6075,0004BAF-A8-30MAY19

Стационарен блок ножеви на сецкач (електричен придвижувач) — вадење (ако има во опрема)




H125256—UN—24OCT18

A—Електричен приклучок
B—Завртка (употребени се 2)
C—Носач
D—Подлошка (2 употребени)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.


1. Откачете го електричниот конектор (A).
2. Отстранете ги завртките (B), држачот (C) и подлошките (D).



H125257—UN—24OCT18

A—Клин со пружина
B—Актуатор
C—Клин
D—Подлошка


3. Отстранете ја штифната (A).
4. Држејќи го придвижувачот (B), извадете го клинот (C) и подлошката (D).
5. Извадете го придвижувачот од сецкачот.



H125258—UN—24OCT18

A—Навртка (2 употребени)
B—Граничник (2 се употребени)
C—Завртка (употребени се 2)


6. Извадете ја навртката (A), разделникот (B) и завртката (C) од двете страни на машината.



H125261—UN—24OCT18

A—Склад со сечила
B—Отвор (100% вклучен)
C—Отвор (50% вклучен)
D—Отвор (0% вклучен)

7. Порамнете го блокот ножеви (A) со саканите отвори (B - D) во страничниот лим на двете страни на машината.
   - Отвор (B) - блок ножеви 100% вклучен.
   - Отвор (C) - блок ножеви 50% вклучен.
   - Отвор (D) - блок ножеви 0% вклучен.



H125260—UN—24OCT18


A—Граничник (2 се употребени)
B—Склад со сечила
C—Страничен лим
D—Завртка (употребени се 2)
E—Навртка (2 употребени)

8. Поставете го претходно изваденият разделник (B) помеѓу блокот ножеви (B) и страничниот лим (C) на двете страни на машината.

9. Поставете ги претходно извадените завртка (D) и навртка (E) на двете страни на машината.

OUO6075,0004BAE-A8-30MAY19

Стационарен блок ножеви на сецкач (електричен придвижувач) — поставување (ако има во опрема)




H125262—UN—24OCT18

A—Навртка
B—Завртка со глава
C—Граничник

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.


1. Извадете ја навртката (A), разделникот (B) и завртката (C) од двете страни на машината.



H125263—UN—24OCT18

A—Завртка (употребени се 2)
B—Граничник (2 се употребени)
C—Навртка (2 употребени)

2. Поставете ја завртката (A), разделникот (B) и навртката (C) во отворот за складирање, на двете страни на машината.



H125264—UN—24OCT18


A—Актуатор
B—Подлошка (2 употребени)
C—Носач
D—Завртка (употребени се 2)
E—Електричен приклучок

3. Ставете го придвижувачот (A) како што е прикажано.
4. Поставете ги подлошките (B) помеѓу придвижувачот и држачот (C) и прицврстете ги со завртките (D).
5. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент	40 N·m (30 lb·ft)

6. Поврзете го електричниот конектор (E) во кабелскиот склоп на машината.




H125265—UN—24OCT18

A—Актуатор
B—Подлошка
C—Клин
D—Клин со пружина

7. Подигнете го блокот ножеви додека придвижувачот (A) не се порамни со отворот во држачот.
8. Поставете ја подлошката (B) помеѓу придвижувачот и држачот и прицврстете ја со клин (C) и со еластична штифна (D), како што е прикажано.

OUO6075,0004BB0-A8-30MAY19

Стационарни ножеви на сецкач (без електричен придвижувач) — замена



H98140—UN—21SEP10


A—Крилеста навртка
B—Шипка за затегнување

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч. Сечилата на ножот се остри.

1. Олабавете ја крилестата навртка (A) на дробилката.
2. Поместете ја рачката за прилагодување нагоре додека блокот ножеви не биде на дното на отворот за прилагодување.

ЗАБЕЛЕШКА: Зацврстете ги чаурите кај надворешните краеви на блокот ножеви за подоцнежно склопување.

3. Потпрете го блокот ножеви и извадете ја шипката за прицврстување (B) од десната страна на машината.



H126355—UN—21MAY19

A—Клин
B—Потпорна шипка
C—Сигурносна навртка

4. Отстранете го клинот (A) од потпорната шипка (B).
5. Олабавете ги сигурносните навртки (C) на држачите кои ја држат потпорната шипка.
6. Лизгајте ја шипката за прицврстување додека не излезе од ножевите кои треба да бидат заменети.
7. Обрнете ги ножевите за дополнителна употреба или заменете ги ножевите ако се изабени од двете страни.
8. Порамнете ја потпорната шипка со ножевите.
9. Затегнете ги сигурносните навртки на држачите и поставете го клинот.

ЗАБЕЛЕШКА: Вратете ги чаурите кај надворешните краеви на блокот ножеви.


10. Поставете го блокот ножеви и лизгајте ја шипката за прицврстување од десната страна на машината.
11. Поставете ја крилестата навртка и нагодете го блокот ножеви во посакуваната позиција.

ВАЖНО: Блокот со ножеви мора целосно да биде исклучен за пченка.

12. Затегнете ја крилестата навртка за да го заклучите блокот ножеви во таа положба.

OUO6075,0004BAD-A8-21MAY19

Стационарни ножеви на сецкач (електричен придвижувач) — замена




H125266—UN—24OCT18

A—Навртка
B—Подлошка

⚠ ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч. Сечилата на ножот се остри.

1. Извадете ја навртката (A) и подлошката (B) од левата страна на блокот ножеви.




H125267—UN—24OCT18

A—Склад со сечила
B—Шипка за затегнување

ЗАБЕЛЕШКА: Зацврстете ги чаурите кај надворешните краеви на блокот ножеви за подоцнежно склопување.


2. Држејќи го блокот ножеви (A), извадете ја шипката за затегнување (B) од десната страна на машината.



H130611—UN—24JUN20

A—Завртка со глава
B—Шраф со глава и сигурносна навртка
C—Потпорна шипка

3. Олабавете ги завртките (A) колку што е потребно.
4. Олабавете ги завртките и блокирачките навртки (B) колку што е потребно.
5. Лизгајте ја шипката за прицврстување (C) додека не излезе од ножевите кои треба да бидат заменети.
6. Обрнете ги ножевите за дополнителна употреба или заменете ги ножевите ако се изабени од двете страни.
7. Порамнете ја потпорната шипка со ножевите.
8. Затегнете ги претходно олабавените завртки и блокирачки навртки (B) колку што е потребно.
9. Затегнете ги претходно олабавените завртки (A) колку што е потребно.



H125269—UN—24OCT18

A—Склад со сечила
B—Рачка за прилагодување
C—Шипка за затегнување

10. Поставете го блокот ножеви (A) и порамнете го отворот во рачката за порамнување (B) со блокот ножеви.

ЗАБЕЛЕШКА: Вратете ги чаурите кај надворешните краеви на блокот ножеви.


11. Лизгајте ја шипката за прицврстување (C) од десната страна на машината.

ВАЖНО: Блокот со ножеви мора целосно да биде исклучен за пченка.


12. На левата страна на машината, поставете ја претходно изваденатa подлошка и затегнете ја со претходно изваденатa навртка.

OUO6075,0004E9D-A8-08JUL20

Пристапна врата на дробилката



H113088—UN—03MAR15



H113086—UN—02MAR15


A—Завртка (употребени се 3)
B—Пристапна врата

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

1. Отстранете ги завртките со глава (A) од двете страни на дробилката за да ја отстраните пристапната врата (B).
2. Инсталирајте ја пристапната врата пред да работите со машината.

OUO6075,0004E90-A8-17JUN20

Сечила на дробилката со прецизно режење — заменување и конфигурација



H87281—UN—01AUG07

A—Сигурносна навртка
B—Завртка со глава
C—Подлошки
D—Чаури

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаниот ротор прикажува примери за заменување на сечилата за сечила на лопатката и сечила на веслата. Секогаш одржувајте ја оригиналната патека на сечилата која е доставена од фабриката.

Надворешни сечила

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Инсталирајте ги новите завртки и блокирачките навртки во иста насока како што било пред отстранувањето, при инсталирањето или замената на сечилата.


Отстранете ја сигурносната навртка (A), завртката со глава (B), подлошките (C) и чаурите (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите ако се изабени. Заменете ги блокирачките навртки и завртки со нови.

Заменете ги сечилата и чаурите. Инсталирајте ја завртката, подлошките и блокирачката навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент	65 N·m (48 lb·ft)




H107307—UN—22MAR13

A—D—Сечило на лопатката

Конфигурација на сечило

ВАЖНО: Рамнотежата на дробилката МОРА да се одржува. Заменете ги И ДВЕТЕ сечила на единичниот носач како И ДВЕТЕ сечила на спротивниот носач (180 степени). За заменување на едно искршено сечило, МОРА да се постават четири сечила, или пак во исто време може да бидат заменети сите сечила. Ова МОРА да биде направено за да се одржи рамнотежата.

Ако сечилот (A) е скршено, заменете ги сечилата (A —D).



H98142—UN—21SEP10

A—Сигурносна навртка
B—Завртка со глава
C—Чаури
D—Чаури

Внатрешни сечила

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Инсталирајте ги новите завртки и блокирачките навртки во иста насока како што било пред отстранувањето, при инсталирањето или замената на сечилата.

Отстранете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B).

Отстранете и проверете ги чаурите (C и D).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите ако се изабени. Заменете ги блокирачките навртки и завртки со нови.


Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете ги завртките со глава и сигурносната навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент	65 N·m (48 lb·ft)

OUO6075,0004928-A8-29MAR18

Сечила на дробилката со екстра прецизно режење — заменување и конфигурација



H99000—UN—12NOV10

A—Сигурносна навртка
B—Завртка со глава
C—Чаура
D—Чаура
E—Чаура
F—Чаура

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаниот ротор прикажува примери за заменување на сечилата за сечила на лопатката и правите сечила. Секогаш одржувајте ја оригиналната патека на сечилата која е доставена од фабриката.

Надворешни сечила

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Инсталирајте ги новите завртки и блокирачките навртки во иста насока како што било пред отстранувањето, при инсталирањето или замената на сечилата.


Отстранете ја сигурносната навртка (A), завртката со глава (B) и чаурите (C, D, E, F).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите ако се изабени. Заменете ги блокирачките навртки и завртки со нови.

Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете ја завртката со глава, подлошката, чаурите и сигурносната навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент	65 N·m (48 lb·ft)



H107308—UN—22MAR13


A—D—Сечило на лопатката

Конфигурација на сечило

ВАЖНО: Рамнотежата на дробилката МОРА да се одржува. Заменете ги И ДВЕТЕ сечила на единичниот носач како И ДВЕТЕ сечила на спротивниот носач (180 степени). За заменување на едно искршено сечило, МОРА да се постават четири сечила, или пак во исто време може да бидат заменети сите сечила. Ова МОРА да биде направено за да се одржи рамнотежата.

Ако сечилот (A) е скршено, заменете ги сечилата (A —D).

ВАЖНО: Потврдете го растојанието помеѓу сечилата на роторот и стационарните ножеви со рачно вртење на роторот, пред да работите со дробилката.



H99002—UN—12NOV10

A—Сигурносна навртка
B—Завртка со глава
C—Чаури
D—Чаури

Внатрешни сечила

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Инсталирајте ги новите завртки и блокирачките навртки во иста насока како што било пред отстранувањето, при инсталирањето или замената на сечилата.

Отстранете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B).

Отстранете и проверете ги чаурите (C и D).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите ако се изабени. Заменете ги блокирачките навртки и завртки со нови.


Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете ги завртките со глава и сигурносната навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент	65 N·m (48 lb·ft)

OUO6075,0004929-A8-29MAR18

Нож на среден разделник—замена (напредна PowerCast™ задна врата)



H98691—UN—19OCT10



H98692—UN—19OCT10

A—Хардвер
B—Среден поделувачки нож

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Сечилото на ножот е остро.


Отстранете ги машинските делови (A) и фрлете го средниот поделувачки нож (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Ножот мора да биде сместен наспроти средниот разделник така да нема празен простор.

Заменете го средниот поделувачки нож и поставете ги претходно отстранетите машински делови.

OUO6075,00046FE-A8-05APR17

Сечила на дробилката — центрирање




H98146—UN—21SEP10

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Целосно подигнете ја дробилката и отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).




H98147—UN—21SEP10

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Штитник
C—Прстен за заклучување

Отстранете ги шрафовите со глава (A) и штитникот (B).

Олабавете ја завртката за нагодување и прстенот за заклучување (C) на левата страна.




H98148—UN—21SEP10

A—Завртки со глава (2 употребени)
B—Капак на лежиштето
C—Прстен за заклучување

Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот на лежиштето (B).

Олабавете ја завртката за нагодување (C) на десната страна.



H87317—UN—30JAN07

A—Ротор на дробилката
B—Сечила на роторот
C—Стационарни ножеви


Поставете го роторот на дробилката (A) лево или десно за да осигурете дека сите сечила на роторот (B) ги чистат стационарните ножеви (C).

Затегнете ги прстените за заклучување на двете страни во насока на ротирањето и затегнете ги со завртките за нагодување.

Поставете го капакот на лежиштето на десната страна и штитниците на дробилката на левата страна.

OUO6075,00009C4-A8-21SEP10

Прекинувач за нагодување на дробилката



H97565—UN—14SEP10


A—Прекинувач за дробилката

Прекинувачот за нагодување на дробилката (A) се наоѓа на левата страна од машината.

Прекинувачот за нагодување на дробилката му овозможува на возачот да ја подигнува или спушта дробилката во различни положби.

OUO6075,00009C6-A8-21SEP10

Погонски брзини на дробилка — променување



H105440—UN—18MAY12


A—Брава
B—Штитник
C—Зглоб

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Ослободете ја бравата (A) и ротирајте го заштитниот елемент (B) околу зглобот (C).

Положба на бавна брзина:

ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно малку да ја ротирате ременицата додека ја движите рачката на менувачот.



H105441—UN—18MAY12

A—Рачка на менувачот
B—Положба на бавна брзина

C—Неутрална положба
D—Положба на висока брзина

Поместете ја рачката на менувачот (A) во положба (B).

- Пченка

Неутрална положба:

- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Содржина на сулфур за други мотори

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 5000 mg/kg (5000 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm) ги НАМАЛУВА интервалите на промена на маслото и на филтерот.

ВАЖНО: Не мешајте користено масло за дизел мотори или било кој друг тип подмачкувач со дизел гориво.

Несоодветно користење на адитиви за гориво може да предизвика оштетување на опремата за вбризгување на гориво кај дизел мотори.

DX,FUEL1-A8-13JUL20

Биодизел гориво

Биодизел горивото се состои од моноалкилни естери на долго ланчести масни киселини добиени од растителни масла или животински масти. Биодизел

[1] *Погледнете DX,ENOIL12,OEM, DX,ENOIL12,T2,STD, или DX, ENOIL12,T2,EXT за повеќе информации околу сервисните интервали на моторното масло и филтерот.*

мешавините се мешавина на биодизел со дизел гориво од нафта на волуменска основа.

Пред користење на гориво што содржи биодизел, прегледајте ги барањата и препораките за користење биодизел во прирачникот за работа.

Законите за заштита на околината можат да го поттикнуваат или забрануваат користењето на биодизелот. Пред да ги користат биогоривата, возачите треба да се консултираат со соодветните државни органи.

John Deere мотори од фаза V кои работат во европската унија

Кога моторот ќе се користи за работа во рамките на унијата, за дизел или црвена нафта, се употребува гориво со содржина на FAME не поголема од 8% волумен/волумен (B8).

John Deere мотори со издувен филтер освен моторите на John Deere од фаза V кои работат во европската унија

Мешавината на биодизелот до B20 може да се користи САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги исполнува прописите ASTM D6751, EN 14214 или еквивалентната спецификација. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Концентрациите на биодизелот над B20 можат да им наштетат на системите за контрола на емисијата на издувните гасови на моторот и не треба да се користат. Вклучени ризици, но не се ограничуваат само на нив, се почесто стационарно регенерирање, акумулација на саѓи и зголемени интервали за отстранување на пепел.

Одобрените уреди за гориво од John Deere или еквивалентните, што содржат детергент и дисперзанти адитиви, се потребни при употреба на BioDiesel мешавини од B10 до B20, и се препорачани кога се користат помали мешавини на биодизел.

John Deere мотори без John Deere издувен филтер

Мешавината на биодизелот до B20 може да се користи САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги исполнува прописите ASTM D6751, EN 14214 или еквивалентната спецификација. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Овие John Deere мотори може да работат на биодизел мешавина над B20 (па до 100% биодизел). Работи на нивоа кои се над B20, САМО ако биодизелот е дозволен со законот и ги исполнува спецификациите EN 14214 (првенствено достапни во Европа). Моторите што работат на биодизел мешавини кои се над B20 можеби не се целосно усогласени или не се дозволени со сите важечки прописи за емисија издувни гасови. Очекувајте до 12% намалена моќност и 18% намалена економичноста за потрошувачката на гориво кога користите биодизел од 100%.

Одобрените уреди за гориво од John Deere или еквивалентните, што содржат детергент и дисперзанти адитиви, се потребни при употреба на BioDiesel мешавини од B10 до B100, и се препорачани кога се користат помали мешавини на биодизел.

Препораки и барања за користење на биодизел

Делот на дизел од нафтата за сите мешавини на биодизелот мора да ги исполнува барањата на комерцијалните стандарди ASTM D975 (САД) или EN 590 (ЕУ).

Корисниците на биодизелот во САД силно се охрабруваат да купуваат мешавини на биодизел од трговец сертифициран со BQ-9000 и кои потекнуваат од акредитирани производители на BQ-9000 (како што е потврдено од националниот одбор за биодизел). Сертифицираните трговци и акредитираните произведувачи можат да се најдат на следната интернет страница: http://www.bq9000.org.

Биодизелот содржи остаток на пепел. Нивоата на пепел кои го надминуваат дозволениот максимум според ASTM D6751 или EN14214 можат да резултираат со побрзо натрупување на пепелот и бараат почесто чистење на филтерот за издувни гасови (ако постои).

Филтерот за гориво може да бара почеста замена при користење на биодизел горивото, особено ако се префрлува од дизел. Проверете го нивото на масло на моторот дневно пред стартување на моторот. Зголеменото ниво на масло може да предизвика растворање на горивото или на маслото на моторот. Биодизел мешавината до B20 мора да биде употребена во рок од 90 дена од датумот на производството на биодизелот. Биодизел мешавината што е над B20 мора да биде употребена во рок од 45 дена од датумот на производството на биодизелот.

Кога користите биодизелски мешавини до B20, мора да се земе во следното:

- Ладното време ја поттикнува деградацијата
- Прашања во врска со стабилноста и складирањето (апсорпција на влага, раст на микроби)
- Биодизел мешавината што е над B20 мора да биде употребена во рок од 45 дена од датумот на производството на биодизелот.
- Можно истекување на горивото низ отворите и цревата (првенствено проблем кај постарите мотори)

- Можно намалување на сервисниот век на траење на деловите на моторот

Побарајте сертификат за анализата од Вашиот дистрибутер на гориво за да проверите дали горивото е во согласност со карактеристиките наведени во овој Прирачник за користење.

Консултирајте го вашиот John Deere трговец за производите за гориво на John Deere за да го подобрите складирањето и перформансите на биодизел горивата.

Исто така мора да се разгледа и следново ако се користат биодизел мешавини над B20:

- Можно создавање на кокс или блокирање млазници на вбризгувачите, што резултира со загуба во моќноста и трокирање на моторот ако не се користат адитиви и други препарати на John Deere или еквивалент што содржи детергент/ дисперзанти
- Можно растворање на маслото во картерот (што бара почести промени на маслото)
- Можно затнување или блокирање на внатрешните компоненти
- Можно создавање на талог и седименти
- Можна термичка оксидација на горивото при повисоки температури
- Можни проблеми со компатибилноста со други материјали (вклучувајќи бакар, олово, цинк, калај, месинг и бронза) кои се користат во опремата за ракување со, дистрибуција и складирање на гориво
- Можно намалување на ефикасноста на одвојувачот на вода
- Можно оштетување на бојата при изложеност на биодизел
- Можна корозија во опремата за вбризгување на гориво
- Можна деградација на еластомерниот капак и на материјалот на дихтунгот (првенствено проблем кај постарите мотори)
- Потенцијални високи нивоа на киселина во рамките на системот на горивото
- Бидејќи мешавините на биодизелот над B20 содржат повеќе пепел, користењето на мешавината над B20 може да резултира со побрзо полнење со пепел и да бара почесто чистење на издувниот филтер (доколку има присутно)

ВАЖНО: Грубо обработени растителни масла НЕ се прифатливи да се користат како гориво во било каква концентрација кај John Deere мотори. Нивната употреба може да предизвика оштетување на моторот.

DX,FUEL7-A8-13JAN18

Способност за подмачкување на дизел горива

Повеќето дизел горива произведени во Соединетите Држави, Канада и Европската Унија имаат соодветна способност да подмачкуваат за да осигураат правилно работење и трајност на компонентите од системот за вбризгување на гориво. Меѓутоа, дизел горивата произведени во некои други делови од светот можеби ја немаат соодветната способност да подмачкуваат.

ВАЖНО: Осигурете се дека дизел горивата во вашата машина прикажуваат карактеристики на добра способност за подмачкување.

Лизгавоста на горивото треба да го помине максималниот дијаметар на трага од 0,52 mm според спецификациите ASTM D6079 или ISO 12156-1. Се препорачува максималниот дијаметар на трага од 0.45 mm.

Ако се користи гориво со ниска или непозната способност за подмачкување, додадете John Deere Fuel-Protect Diesel Fuel Conditioner (или негов еквивалент) во наведената концентрација.

Способност на биодизел горивото да подмачкува

Способноста на горивото да подмачкува може значително да се подобри со биодизелски мешавини до B20 (20% биодизел). Понатамошното зголемување на способноста за подмачкување е ограничена за биодизелски мешавини поголеми од B20.

DX,FUEL5-A8-07FEB14

Дополнителни адитиви за дизел горива

Дизел горивото може да биде извор на проблеми во работењето, или со перформансите поради много причини. Некои можат да предизвикаат слабо подмачкување, загадувачи, низок центански број и различни својства кои што можат да предизвикаат таложење на отпадоци во системот за гориво. Тие и други причини се опишани во останатите поглавја во Прирачникот за користење.

За оптимални перформанси и сигурност на моторот, детално придржувајте се кон препораките за квалитетот на горивото, складирањето и ракувањето кои што можат да се пронајдат во овој Прирачник за користење.

За понатамошна помош во одржувањето на перформансите и сигурноста на системот за гориво на моторот, John Deere разви цела низа на производи на додатоци за гориво за најширокиот пазар. Примарните производи ги вклучуваат Fuel-Protect Diesel Fuel Conditioner - кондиционер за заштита на дизел гориво (кондиционер со целосна

функција со зимска и летна формула) и Fuel-Protect Keep Clean - средство кое што го одржува горивото чисто (за отстранување и спречување на таложење на отпадоци на вбризгувачот за гориво). Достапноста на истите и на другите производи се разликува од пазар до пазар. Контактирајте го вашиот трговец со John Deere опрема за достапноста и за дополнителни информации за додатоците за горива кои што се соодветни на вашите потреби.

DX,FUEL13-A8-07FEB14

Тестирање на дизел гориво

Програмата за анализа на горивото може да помогне во следењето на квалитетот на дизел горивото. Анализата на горивото може да обезбеди критични податоци како што се пресметаниот цетан индекс, типот на горивото, содржината на сулфур, содржината на вода, изгледот, погодноста за работа при ладно време, бактерии, точка на заматување, број на киселина, контаминација со честички и дали горивото ги исполнува прописите ASTM D975 или некоја еквивалентна спецификација.

За повеќе информации за анализа на дизел гориво, контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,FUEL6-A8-13JAN18

Намалување на ефектот од ладните временски услови брз дизел моторите

John Deere дизел моторите се дизајнирани да оперираат ефикасно на ладни временски услови.

Но, за ефикасно стартување и работење во ладни временски услови, потребна е мала дополните грижа. Следните информации ги наведуваат чекорите кои можат да го намалат ефектот што лошите временски услови можат да го имаат врз стартувањето и работењето на вашиот мотор. Обратете му се на вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации и локална достапност на средства за работа во ладни временски услови.

Користете гориво од зимска класа

Кога температурата паѓа под 0°C (32°F), дизел горивото од зимска класа (бр. 1-D во Северна Америка) е најпогодно за работа во студени временски услови. Дизел горивото од зимската класа има пониска точка на заматување и температура на течливост.

Точката на заматување е температурата на која почнува да се формира восок во горивото. Тој восок може да предизвика затнување на филтрите за гориво. **Точка на течливост** е најниската температура на која е овозможен проток на горивото.

ЗАБЕЛЕШКА: Просечно, дизел гориво од зимска класа има понизок степен на Btu (топлинска содржина). Користење на дизел гориво од зимска класа може да ја намали силата на моторот и ефикасноста на горивото, но не би требало да предизвика други намалувања на перформансите на моторот. Проверете го квалитетот на горивото кое се користи пред да решавате проблеми со ниска сила на моторот во ладни временски услови.

Грејач на влезот на воздух

Грејач на влезот на воздух е достапна опција за некои мотори за помош при стартување во ладни временски услови.

Етер

Отворот за етер на влезот е достапен за да ви помогне при стартувањето во ладни временски услови.

ВНИМАНИЕ: Етерот е лесно запалив. Не користете етер кога го стартувате моторот опремен со грејачи или грејач на влезниот воздух.

Грејач на разладното средство

Грејач на блокот на моторот (грејач на разладното средство) е достапна опција за помош при стартување во ладни временски услови.

Вискозитет на сезонско масло и соодветна концентрација на разладното средство

Се препорачува користење на вискозитет на сезонското масло базирана на очекуваниот опсег на температура помеѓу промената на масла и соодветна концентрација на силикатен антифриз. (Видете ги барањата за МАСЛО ЗА ДИЗЕЛ МОТОРИ и РАЗЛАДНА ТЕЧНОСТ ЗА МОТОРИ во ова поглавје.)

Адитив за проток на дизел гориво при ладно

Користете кондиционер за заштита на дизел горивото John Deere Fuel-Protect Diesel (зимска формула) кој содржи хемиски анти-гел или негов еквивалент, за третирање на гориво кое не е од зимска класа (бр. 2-D во Северна Америка) за време на студените зимски периоди. Со ова генерално се проширув аоперативноста за околу 10°C (18°F) под точката на заматување на горивото. За работа при пониски температури, користете гориво од зимска класа.

ВАЖНО: Третирајте го горивото кога надворешната температура паѓа под 0°C (32° F). За најдобри резултати, употребувајте нетретирано гориво. Следете ги сите препорачани инструкции на етикетата.

Биодизел

Кога работите со биодизел мешавини, формирањето на восок може да се случи на потопли температури. Започнете со користење на John Deere препаратот за заштита на горивото (зимска формула) или еквивалент за на 5°C (41°F) за третирање на биодизел горивата во текот на сезоната на ладни временски услови. Користете B5 или пониски мешавини при температури под 0°C (32°F). Користете само нафтеното дизел гориво од зимска класа при температури под -10°C (14°F).

Зимски штитници

Користење на ткаенина, картон или цврсти зимски штитници не е препорачливо за било кој John Deere мотор. Нивната употреба може да предизвика зголемена температура кај разладното средство, маслото и вовлечениот воздух. Ова може да доведе до намален век на моторот, загуба на силата на моторот и слаба економичност на потрошувачката на гориво. Зимските штитници можат да предизвикаат и невообичаено оптоварување на вентилаторот или составните делови на системот на вентилација, предизвикувајќи прерано откажување.

Ако се користат зимски штитници, тие никогаш не треба целосно да го затвораат просторот на предната решетка. Приближно 25% од површината во центарот на решетката треба постојано да биде отворен. Во никој случај не треба да се поставува блокада директно на уредот за влез на воздух во јадрото на радијаторот.

Капаци на радијаторот

Ако постои систем за термостатичка контрола на капацитетот на радијаторот, истиот треба да биде регулиран на таков начин што капаците се целосно отворени до моментот кога разладното средство достигне 93°C (200°F) со цел да се спречи прекумерна температура во влезот за воздух. Рачно контролирани системи не се препорачливи.

Ако се користи меѓуладење воздух-воздух, капаците мора да бидат целосно отворени до моментот кога температурата во влезот на воздухот ја достигне максимална дозволена температура на вовлечениот воздух.

За повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,FUEL10-A8-13JAN18

Течноста за издувни гасови од дизел мотори (DEF) — Да се користи во мотори опремени со селективна каталитичка редукција (SCR)

Со цел да се задржи ефикасноста на емисијата на моторот, неопходно е да се користи и пополни DEF во согласност со спецификацијата.

Течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF) е течност со висок степен на чистота која се инјектира во издувниот систем на мотори опремени со системи за селективна каталитичка редукција (SCR). Одржувањето на чистотата на DEF е важно за да се избегнат дефекти во системот на SCR. Моторите кои бараат DEF треба да користат производ кој ги задоволува барањата за водени раствори на уреа 32 (AUS 32) во согласност со нормата ISO 22241-1.

Се препорачува употреба на John Deere течност за издувни гасови од дизел мотори. John Deere течноста за издувни гасови од дизел мотори е достапна кај Вашиот трговец со John Deere опрема во различни величини на пакување кои одговараат на Вашите работни потреби.

Ако John Deere течноста за издувни гасови од дизел мотори не е достапна, употребите DEF сертифициран од Американскиот институт за нафта (American Petroleum Institute - API) преку сертификацискатa програма за течности за издувни гасови од дизел мотори или од AdBlue™ сертификацискатa програма за течности за издувни гасови од дизел мотори. На садот побарајте го сертификацискиот симбол на API или називот AdBlue™.



RG30211—UN—08MAR18

Во некои случаи DEF е наведен под еден или повеќе од овие називи:

- Urea (Уреа)
- Решението за водени раствори на уреа 32
- AUS 32
- AdBlue™
- NOx Reduction Agent (Адитив за намалување на NOx)
- Catalyst Solution (Раствор на катализатор)

DX,DEF-A8-13JAN18

AdBlue е трговски назив од VDA, Германско здружение на автомобилската индустрија.

Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF)

ВАЖНО: Користењето на DEF со правилна концентрација е од клучно значење за моторот и за дополнителната обработка на перформансите на системот. Долготрајното складирање и други услови можат негативно да ја сменат концентрација на DEF.

Ако квалитетот на DEF е дискутабилен, извадете примерок од DEF од резервоарот или од садот за чување во чист сад. Течноста за DEF треба да биде кристално бистра со благ мирис на амонијак. Ако течноста за DEF се замати, има обоена нијанса или силен мирис на амонијак, најверојатно не е во рамките на техничките спецификации. Течноста за DEF во ваква состојба не смее да се користи. Во тој случај, испразнете го резервоарот, измијте го со дестилирана вода и повторно наполнете го со нова и исправна течност за DEF. По повторното полнење на резервоарот, проверете ја концентрацијата на DEF.

Ако DEF го помине визуелниот и тестот за мирис, проверете ја концентрација на DEF со рачен рефрактометар калибриран за мерење на DEF.

Концентрацијата на DEF треба да се проверува по подолго складирање на моторот, или ако постои сомнеж дека моторот или пакувањето на течноста за DEF се контаминирани со вода.

Две одобрени алатки се достапни преку Вашиот трговец со John Deere опрема:

- JDG11594 Digital DEF Refractometer - Дигитална алатка која обезбедува лесно читање на измерената концентрацијата
- JDG11684 DEF Refractometer - Алтернатива алатка со ниска цена која обезбедува аналогно читање

Следете ги инструкциите добиени со мерењето на било која од алатките.

Точната концентрација на течноста за DEF изнесува 31,8% - 33,2%. Ако концентрација на течноста за DEF не е во рамките на спецификацијата, испразнете го резервоарот за DEF, измијте го со дестилирана вода и повторно наполнете го со нова и исправна течност за DEF. Ако пакувањето на DEF не е во рамките на спецификациите, отстранете го и заменете го со ново или исправно пакување.

DX,DEF,TEST-A8-13JUN13

Складирање на течност за издув на дизел мотор (DEF)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

Течноста за издувните гасови од дизел моторите не смее да се голта. Во случај ако ја голтнете, веднаш јавете се кај лекар. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Отстранувањето на компоненти или промена на системот за дополнителна обработка е нелегално. Не користете DEF кои не ги задоволуваат потребните спецификации и не работете со моторот без DEF.

Никогаш не се обидувајте да направите DEF мешајќи земјоделска уреа со вода. Земјоделската уреа не ги задоволува потребните спецификации и може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Не додавајте никакви хемикалии или адитиви во DEF во обид да го спречите смрзнувањето. Било која хемикалии или адитиви додадена во DEF може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Никога не ставајте вода или некоја друга течност наместо или како додаток во DEF. Работењето со модифицирана DEF или користењето на несоодветна DEF може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Информациите за чување наведени подолу служат за ваше подетално информирање и треба да се користатат единствено како упатства.

Се препорачува DEF да не се чува на екстремни температури. Течност за издув на дизел мотор (DEF) замрзнува на –11°C (12°F). Изложеноста на температура поголеми од 30°C (86°F) може, со текот на време, да го намали квалитетот на течноста за издув на дизел мотор (DEF). Не чувајте ја течност за издув на дизел мотор (DEF) на директна сончева светлина.

Контејнерите за складирање на DEF треба да бидат запечатени кога не се употребуваат за да се спречи испарување и загадување. За чување и транспорт на течноста за издув на дизел мотор (DEF) се препорачува да се користат садови направени од

полиетилен, полипропилен или од нерѓосувачки челик.

Идеални услови за складирање на DEF се:

- Чувајте ја на температури од -5°C до 30°C (23°F и 86°F).
- Чувајте ја во специјално наменети запечатени садови за да избегнете нејзино загадување и испарување

Ако се чува под овие услови, се очекува DEF да остане употреблив најмалку 18 месеци. Чувањето на течност за издув на дизел мотор (DEF) на повисоки температури може да го намали векот на траење од околу 6 месеци за секои 5 ° C (9 ° F) температура над 30 ° C (86 ° F).

Ако не сте сигурни колку долго и под кои услови DEF беше складирана, тогаш тестирајте ја. Погледнете го делот Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF).

Не се препорачува долгорочно чување (над 12 месеци) на течноста за издув на дизел мотор (DEF). Доколку е неопходно долгорочно чување, проверете ја течноста за издув на дизел мотор (DEF) пред да го стартувате моторот. Погледнете го делот Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF).

Препорачливо е DEF да се купува во количина која што ќе биде потрошени во рок 12 месеци.

DX,DEF,STORE-A8-15JUL20

Повторно полнење на резервоарот за течноста за издувни гасови од дизел мотори (DEF)



TS1731—UN—23AUG13

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

Течноста за издувните гасови од дизел моторите не смее да се голта. Во случај ако ја голтнете, веднаш јавете се кај лекар. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Користите само дестилирана вода за да ги измиете компонентите кои се користат за испорака на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF). Водоводната вода може да ја загади DEF. Ако дестилирана вода не е на располагање, исплакнете со чиста водоводна вода, а потоа темелно исплакнете со обилна количина на DEF.

Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Ако DEF е наполнета во резервоар за моторно гориво или во други резервоари за течности, не го вклучувајте моторот додека системот не е правилно исчистен од DEF. Веднаш контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за да утврдите како да го испразните и исчистите системот.

Бидете внимателни при повторното полнење на резервоарот за DEF. Погрижете се просторот околу поклопката на резервоарот за DEF да биде без било какви остатоци пред неговото отворање. Затворете ги цврсто резервоарите за DEF помеѓу користењата, заради спречување на загадување и испарување.

Избегнувајте прскање на DEF и не дозволувајте DEF да дојде во контакт со кожата, очите или устата.

DEF не е штетна за ракување, но може да биде корозивна за материјали како челик, железо, цинк, никел, бакар, алуминиум и магнезиум. Користете соодветни резервоари за транспорт и складирање на DEF. Се препорачуваат контејнери од полиетилен, полипропилен или од челик што не `рѓосува.

Избегнувајте продолжен контакт со кожата. Во случај на случаен контакт, веднаш измијте ја кожата со сапун и вода.

Предметите што се користат за складирање или прелевање на DEF треба да бидат чисти, без нечистотии и прашина. Темелно измијте ги и исплакнете ги резервоарите или инките со дестилирана вода за да ги отстраните загадувачите.

Ако неодобрена течност, како дизелско гориво или разладно средство се додаде во резервоар за DEF, веднаш контактирајте го Вашиот трговец со John

Deere опрема за да утврдите како да го испразните и исчистите системот.

Ако во резервоарот за DEF била додадена вода, потребно е чистење на резервоарот. Погледнете го делот Чистење на резервоарот за DEF во овој прирачник. По повторното полнење на резервоарот, проверете ја концентрацијата на DEF. Погледнете го делот Тестирање на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF).

Возачот мора секогаш да одржува соодветни нивоа на DEF. Секојдневно проверувајте го нивото на DEF и дополнувајте го резервоарот по потреба. Отворот за полнење се препознава по синото капаче на кое е изгравиран следниов симбол за DEF.

DX,DEF,REFILL-A8-15JUL20

Отстранување на течноста за издувните гасови од дизел моторите (DEF)

Додека ситните истекувања на DEF на земјата се мал проблем, големите истечени количини на DEF треба да се собираат. Ако се случат големи истекувања, тогаш контактирајте ги локалните органи за животна средина за да Ви помогнат околу чистењето.

Ако значителна количина на DEF не е во рамките на спецификациите, јавете му се на трговецот со DEF за помош со отстранувањето. Не исфрлајте значителни количини на DEF врз земјата или преку пречистителните капацитети.

DX,DEF,DISPOSE-A8-13JUN13

Разладно средство за дизел мотори (мотор со влажни обвивки на цилиндрите)

Неуспехот да се следат применливите стандарди за течноста за ладење и интервалите за одвод може да резултираат со сериозно оштетување на моторот што не може да биде покриено со гаранција. Гаранциите, вклучувајќи ја и гаранцијата за емисии, не се условени од употребата на разладни средства, делови или услуги на John Deere.

Препорачани разладни средства

Се препорачуваат следните подготвени мешавини на разладни средства за мотори:

- **John Deere COOL-GARD™II**
- **John Deere COOL-GARD II PG**

Претходно разреденото разладно средство COOL-GARD II е достапно во неколку концентрации со различни граници на заштита од замрзнување, како што е прикажано во следната табела.

COOL-GARD II Pre-Mix	Граница на заштита од замрзнување
COOL-GARD II 20/80	-9°C (16°F)
COOL-GARD II 30/70	-16°C (3°F)
COOL-GARD II 50/50	-37°C (-34°F)
COOL-GARD II 55/45	-45°C (-49°F)
COOL-GARD II PG 60/40	-49°C (-56°F)
COOL-GARD II 60/40	-52°C (-62°F)

Не се сите претходно разредени производи COOL-GARD II достапни во сите земји.

Употребете COOL-GARD II PG кога е потребна нетоксична формулација на разладното средство.

Додатни препорачани разладни средства

Следниве разладни средства исто така се препорачани:

- John Deere COOL-GARD II Concentrate во 40—60% мешавина од концентрат со квалитетна вода.

ВАЖНО: Кога мешате концентрат на разладно средство со вода, не користете помал концентрат на разладно средство од 40% или поголем од 60%. Помалку од 40% дава несоодветни адитиви за заштита од корозија. Повеќе од 60% може да резултира со желатинозност на разладното средство и со проблеми во системот за разладување.

Други разладни средства

Други разладни средства на база на етилен гликол или пропилен гликол можат да се користат ако ги задоволуваат следните спецификации:

- Подготвена смеса на разладно средство кое ги задоволува барањата ASTM D6210
- Формулирано е со пакет на адитиви без додаток на 2-етилхексанонска киселина (2-EHA)
- Концентрат на разладно средство кое ги задоволува барањата ASTM D6210 во 40—60%-тна мешавина на концентрат со квалитетна вода

Ако не е достапно разладно средство кое е во согласност со една од наведените спецификации, користете концентрат на разладно средство или подготвена смеса на разладно средство кое ги има минимално следните хемиски и физички својства:

- Обезбедува заштита на внатрешната обвивка на цилиндарот во согласност со методата на John Deere за испитување на кавитацијата или со проучувањето извршено при капацитет на оптоварување од 60% или поголем

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- Формулирано е со пакет на адитиви без додаток на нитрит
- Формулирано е со пакет на адитиви без додаток на 2-етилхексанонска киселина (2-EHA)
- Ги штити од корозија металите на системот за разладување (леано железо, алуминиумски легури и бакарни легури, како што е месинг)

Квалитет на водата

Квалитетот на водата е важен за работата на системот за разладување. Се препорачува дејонизирана или деминерализирана вода за мешање со концентрат на разладно средство на база на етилен гликол и пропилен гликол.

Интервали на празнење на разладното средство

Испуштете и исперете го системот за разладување и повторно наполнете го со свежо разладно средство на означениот интервал, кој зависи од употребеното разладно средство.

Кога се користи COOL-GARD II или COOL-GARD II PG, интервалот на празнење е 6 години или 6000 работни часови.

Ако се употребува друго разладно средство освен COOL-GARD II или COOL-GARD II PG, намалете го интервалот на испуштање на 2 години или 2000 работни часови.[2]

ВАЖНО: Не користете залеани адитиви на разладното средство или антифриз кој содржи залеани адитиви.

Не мешајте разладни средства базирани на етилен гликол и пропилен гликол.

Не користите разладни средства што содржат нитрати.

DX,COOL3-A8-25AUG20

John Deere COOL-GARD™ II Coolant Extender

Некои адитиви на разладните средства постепено се трошат во текот на работата на моторот. При користење на COOL-GARD™ II pre-mix и COOL-GARD II Concentrate, обновете ги адитивите на разладното средство помеѓу интервалите на испуштање со додавање на COOL-GARD II Coolant Extender.

COOL-GARD II Coolant Extender не треба да се додава освен ако тоа не е наведено од лентите за тестирање COOL-GARD II. Овие ленти за тестирање овозможуваат едноставна, ефикасна метода за проверка на точката на замрзнување, нивоата на адитивите и pH на вашето разладно средство за мотори.

Тестирајте го растворот на разладното средство на интервали од 12 месеци и секогаш кога се губи голема количина на разладното средство поради протекување или прегревање.

ВАЖНО: Не користите ленти за тестирање COOL-GARD II со COOL-GARD II PG.

COOL-GARD II Coolant Extender е хемиски усогласен систем на адитиви за употреба со сите разладни средства COOL-GARD II. COOL-GARD II Coolant Extender не е наменет за употреба со разладни средства кои содржат нитрити.

ВАЖНО: Не додавајте дополнителни адитиви на разладното средство при испуштање и повторно полнење на системот за разладување со нешто од следното:

- **John Deere COOL-GARD II**
- **John Deere COOL-GARD II PG**

Употребата на дополнителни адитиви на разладното средство кои не се препорачани може да предизвика истекување на адитивот, стврднување на разладното средство или корозија на компонентите на системот за разладување.

Додадете ја препорачаната концентрација на COOL-GARD II Coolant Extender. НЕ додавајте повеќе од препорачаната количина.

DX,COOL16-A8-15MAY13

Работа во топли временски услови

Моторите John Deere се дизајнирани за работа со користење на препорачаните разладни средства за мотор.

Секогаш користете препорачано разладно средство за мотор, дури и кога работите во географски предели каде не е потребна заштита од замрзнување.

ВАЖНО: Водата може да се користи како разладно средство *само во случај на опасност.*

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

[2] Анализата на разладното средство може да го продолжи сервисниот интервали на другите "Разладни средства" до максимален интервал кој не го надминува интервалот за разладните средства Cool-Gard II. Анализата на разладното средство значи земање серии на примероци од разладното средство на секои 1000 часови после поминатиот редовен сервисен интервал сè додека податоците не покажат крај на векот на користење на разладно средство или е достигнат максималниот сервисен интервал на Cool-Gard II.

Создавање на пена, корозија на жешки алуминиумски и железни делови, градација и појавување на шуплини настанува кога се користи вода како разладно средство, дури и кога се додадени и други кондиционери на разладното средство.

Испуштете го системот за разладување и наполнете го со препорачано разладно средство за мотор колку што е можно побргу.

DX,COOL6-A8-15MAY13

Квалитет на водата која се меша со концентратот на разладното средство

Разладните средства за мотори се комбинација од три хемиски компоненти: антифриз на база на етилен гликол (EG) или пропилен гликол (PG), инхибиторни адитиви на разладни средства и квалитетна вода.

Квалитетот на водата е важен за работата на системот за разладување. Се препорачува дејонизирана или деминерализирана вода за мешање со концентрат на разладно средство на база на етилен гликол и пропилен гликол.

Секоја вода која се користи во системот за разладување мора да ги задоволува следните спецификации за квалитет:

Хлориди	<40 mg/L
Сулфати	<100 mg/L
Вкупно тврди честички	<340 mg/L
Вкупно растворена I тврдост	<170 mg/L
pH	5,5—9,0

ВАЖНО: Не користете пакувана вода за пиење поради тоа што често содржи повисоки концентрации на вкупно растворени цврсти честички.

Заштита од замрзнување

Релативните концентрации од гликол и вода во разладното средство на моторот ја одредуваат границата на заштита од замрзнување.

Етилен гликол	Граница на заштита од замрзнување
40%	-24°C (-12°F)
50%	-37°C (-34°F)
60%	-52°C (-62°F)
Пропилен гликол	**Граница на заштита од замрзнување**
40%	-21°C (-6°F)
50%	-33°C (-27°F)
60%	-49°C (-56°F)

НЕ употребувајте мешавина на вода со разладно средство во која има повеќе од 60% етилен гликол или 60% пропилен гликол.


DX,COOL19-A8-13JAN18

Испитување на точката на замрзнување на разладното средство



TS1732—UN—04SEP13

SERVICEGARD™ дел број 75240



TS1733—UN—04SEP13

Слика со капка на разладно средство 50/50 поставена на стакло на рефрактометар

Користењето на рачен рефрактометар за разладни средства е најбрзата, најлесната и најточната метода за утврдување на точката на замрзнување на разладното средство. Оваа метода е поточна од користењето на ленти за тестирање или ареометар од пловен тип, што може да даде лоши резултати.

Рефрактометар за разладни средства е достапен преку Вашиот трговец со John Deere опрема во

состав на програмата на алати SERVICEGARD™. Делот број 75240 обезбедува економично решение за точно одредување на точката на замрзнување при работа на поле.

За користење на овој алат:

1. Оставете го системот за разладување да се олади на температурата на околината.
2. Отворете го капакот на радијаторот за да пристапите до разладното средство.
3. Со приложената капалка, земете мал примерок на разладното средство.
4. Отворете го капачето на рефрактометарот, ставете една капка од разладното средство на стаклото и затворете го капачето.
5. Погледнете низ окуларот и фокусирајте ако е потребно.
6. Запишете ја наведената точка на замрзнување за видот на разладното средство (разладно средство на база на етилен гликол или пропилен гликол) кое се испитува.

DX,COOL,TEST-A8-13JUN13

Масло за разработување на дизел мотори — сертифицирано без емисии и сертифицирано Tier 1, Tier 2, Tier 3, степен I, степен II и степен III

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In™ или со John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додадете моторно масло John Deere Break-In™ или Break-In Plus™, соодветно, колку што е потребно за да се задржи препорачаното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Ако моторното масло John Deere Break-In™ се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот по најмногу 100 часови.

Ако се користи моторно масло John Deere Break-In Plus™, променете го маслото и филтерот по најмалку 100 часови и најмногу часови кои се еднакви со интервалот специфициран за маслото John Deere Plus-50™ II или Plus-50™.

По ремонт на моторот, наполнете го моторот со моторно масло John Deere Break-In™ или Break-In Plus™.

Ако моторното масло John Deere Break-In™ или Break-In Plus™ не е достапно, употребете масло за дизел мотор со степен на вискозност SAE 10W-30 кое задоволува едно од наведеното и променете го маслото и филтерот по најмногу 100 работни часови:

- API сервисна класификација CE
- API сервисна класификација CD
- API сервисна класификација CC
- ACEA редослед на маслото E2
- ACEA редослед на маслото E1

ВАЖНО: Не користете Plus-50™ II, Plus-50™ или моторни масла кои задоволуваат нешто од наведеното при почетното разработување на нов или ремонтиран мотор:

API CK-4	**ACEA E9**
API CJ-4	**ACEA E7**
API CI-4 PLUS	**ACEA E6**
API CI-4	**ACEA E5**
API CH-4	**ACEA E4**
API CG-4	**ACEA E3**
API CF-4	
API CF-2	
API CF	

Тие масла не му дозволуваат на моторот да се разработи соодветно.

Моторното масло John Deere Break-In Plus™ може да се користи за сите дизел мотори John Deere на сите сертификациски нивоа за емисии.

По периодот на разработување, користете го маслото John Deere Plus-50™ II, John Deere Plus-50™ или друго масло за дизел мотори како што е препорачано во овој прирачник.

DX,ENOIL4-A8-02NOV16

Моторно масло John Deere Break-In Plus™ — Привремено ниво 4, Конечно ниво 4, Фаза IIIB, Фаза IV и Фаза V

Новите мотори се наполнети во фабриката со John Deere Break-In Plus™ масло за мотор. За време на периодот на разработување, додадете моторно масло John Deere Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

SERVICEGARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Break-In е регистриран заштитен знак на Deere & Company.
Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company.

За време на почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот помеѓу најмалку 100 работни часови и најмногу работни часови еднакви на интервалот наведен за маслото John Deere Plus-50™ II.

По ремонт на моторот, наполнете го моторот со моторно масло John Deere Break-In Plus™.

Ако моторното масло John Deere Break-In Plus™ не е достапно, употребете масло за дизел мотори со степен на вискозност SAE 10W-30 кое задоволува едно од наведеното:

- API сервисна класификација CK-4
- API сервисна класификација CJ-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E6

Ако едно од овие масла се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот помеѓу најмалку 100 часови и најмногу 250 часови.


ВАЖНО: Не употребувајте други масла за мотор за време на почентното разработување на нов или ремонтиран мотор.

Моторното масло John Deere Break-In Plus™ може да се користи за сите дизел мотори John Deere на сите сертификациски нивоа за емисии.

По периодот на разработување, користете масло John Deere Plus-50™ II или други масла за дизел мотори кои се препорачани во овој прирачник.

DX,ENOIL16-A8-13JAN18

Дизел моторни масла — Tier 2 и Stage II



TS1743—UN—25APR19

Степен на вискозитет на маслото во однос на температурата на воздухот

Неуспехот да се следат применливите стандарди за масло и интервалите за одвод може да резултираат со сериозно оштетување на моторот што не може да биде покриено со гаранција. Гаранциите, вклучувајќи ја и гаранцијата за емисии, не се условени од употребата на масла, делови или услуги на John Deere.

Изберете вискозитет на маслото приспособен кон очекуваната надворешна температура на воздухот во периодот до следната промена на маслото.

Се препорачува користење на John Deere Plus-50™ II.

Исто така, се препорачува John Deere Plus-50™.

John Deere Torq-Gard™ исто така е дозволено.

Другите масла можат да се користат ако задоволуваат еден или повеќе услови од следниве стандарди:

- API сервисна класификација CK-4
- API сервисна класификација CJ-4
- API сервисна класификација CJ-4 PLUS
- API сервисна класификација CI-4
- API сервисна класификација CH-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E7
- ACEA редослед на маслото E6
- ACEA редослед на маслото E5
- ACEA редослед на маслото E4

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company.

Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company


Се препорачуваат мулти-вискозитетни масла за дизел мотори.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур во горивото мора да се во согласност со постоечките прописи за издувни гасови во пределот каде работи машината.

НЕ користете дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 10 000 mg/kg (10 000 ppm).

DX,ENOIL7-A8-23APR19

Масло за дизел мотор — Привремено ниво 4, Конечно ниво 4, Фаза IIIB, Фаза IV, и Фаза V



TS1743—UN—25APR19

Степен на вискозитет на маслото во однос на температурата на воздухот

Неуспехот да се следат применливите стандарди за масло и интервалите за одвод може да резултираат со сериозно оштетување на моторот што не може да биде покриено со гаранција. Гаранциите, вклучувајќи ја и гаранцијата за емисии, не се условени од употребата на масла, делови или услуги на John Deere.

Изберете вискозитет на маслото приспособен кон очекуваната надворешна температура на воздухот во периодот до следната промена на маслото.

John Deere Plus-50™ II е препорачаното масло за мотор.

Можат да се применат продолжени интервали на сервисирање кога се користат масла за мотор John Deere Plus-50 II. За повеќе информации, погледнете ја табелата за интервал на испуштање на маслото во моторот и консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема.

Ако John Deere Plus-50 II масло за мотор не е достапно, може да се употреби масло за мотор кое исполнува еден или повеќе од наведените услови:

- API сервисна класификација CK-4
- API сервисна класификација CJ-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E6

НЕ употребувајте масло за мотор кое содржи повеќе од 1,0% сулфатен пепел, 0,12% фосфор, или 0,4% сулфур.

Се препорачуваат мулти-вискозитетни масла за дизел мотори.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур во горивото мора да се во согласност со постоечките прописи за издувни гасови во пределот каде работи машината.

ВАЖНО: Користете само дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

DX,ENOIL14-A8-23APR19

Сервисни интервали за масло на дизел мотор за работа на големи надморски височини

За да се избегне прекумерна деградација на маслото и потенцијално оштетување на моторот, намалете го сервисниот интервал за промена на масло и филтер на 50% од оригинално препорачаните вредности, кога се работи со моторот на надморска височина над **1675 m (5500 ft)**.

Анализата на маслото може да дозволи подолги интервали на сервисирање.

Употребувајте само одобрени типови на масло.

Пример на оригинални часа	Соодветни часови на големи надморски височини
125	60
150	75
175	85
200	100
250	125
275	135
300	150
350	175
375	185
400	200

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

Пример на оригинални часа	Соодветни часови на големи надморски височини
500	250

DX,ENOIL,SERV,HIALT-A8-11NOV14

Интервали на сервисирање на моторното масло и на филтерот — мотори Tier 2 и Stage II

Препорачаните интервали за сервисирање на моторното масло и на филтерот се темелат на комбинација од капацитетот на садот за масло (картерот), типот на употребеното мотороно масло и филтер, како и содржината на сулфур на дизел горивото. Реалните интервали на сервисирање исто така зависат и од работните операции и одржувања.

Користете анализа на гориво за да ја проценете состојбата на маслото и како помош во изборот на соодветниот интервал на сервисирање на маслото и филтерот. За повеќе информации за анализа на моторното масло, контактирајте го вашиот John Deere трговец или друг квалификуван оператор.

Променете го маслото и филтерот за масло еднаш на секои 12 месеци, дури и ако работните часови се помалку отколку препорачаниот интервал на сервисирање.

Содржината на сулфур во дизел горивото влијае врз интервалите на сервисирање на моторното масло и на филтерот.

- СЕ ПРЕПОРАЧУВА употреба на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 2000 mg/kg (2000 ppm)
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 2000—5000 mg/kg (2000—5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и на филтерот
- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го вашиот трговец со John Deere опрема или квалификуван сервисер

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на моторот:

- **Намалете го интервалот на сервисирање на маслото и филтерот за 50% кога користите биодизелски мешавини поголеми од B20. Анализата на маслото може да дозволи подолги интервали на сервисирање**
- **Употребувајте само одобрени типови на масло**

Одобрени типови на масло:

- “Plus-50 Oils” вклучува John Deere Plus-50™ II и John Deere Plus-50™
- “Други масла” вклучува John Deere Torq-Gard™, API CK-4, API CJ-4, API CI-4 PLUS, API CI-4, API CH-4, ACEA E9, ACEA E7, ACEA E6, ACEA E5, и ACEA E4

Интервали на сервисирање за маслото на мотор и филтер	
Сулфур во горивото	Помалку од 2000 mg/kg (2000 ppm)
Масла Plus-50	375 работни часови
Други масла	250 работни часови
Сулфур во горивото	2000—5000 mg/kg (2000—5000 ppm)
Масла Plus-50	275 работни часови
Други масла	150 работни часови
Сулфур во горивото	5000—10 000 mg/kg (5000—10 000 ppm)
Масла Plus-50	187 работни часови (посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема)
Други масла	125 работни часови (посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема)
Анализата на масло може да го продолжи интервалот на сервисирање за “Други масла” до максимален интервал кој не го надминува интервалот за масла Plus 50. Анализа на масло подразбира земање на примероци во серија на 50-часовни интервали после поминат редовен сервисен интервал се додека или податоците покажат дека е изминат работниот век на маслото или е достигнат максималниот сервисен интервал на John Deere Plus-50 маслата.	

DX,ENOIL12,T2,STD-A8-13JAN18

Интервали на сервисирање на моторно масло и филтер — Привремено ниво 4, Конечно Ниво 4, Фаза IIIB, Фаза IV и Фаза V мотори

Неуспехот да се следат применливите стандарди за масло и интервалите за одвод може да резултираат со сериозно оштетување на моторот што не може да биде покриено со гаранција. Гаранциите, вклучувајќи ја и гаранцијата за емисии, не се условени од употребата на масла, делови или услуги на John Deere.

Препорачаните интервали за сервисирање на моторното масло и на филтерот се темелат на комбинација од капацитетот на садот за масло (картерот), типот на употребеното мотороно масло и филтер, како и содржината на сулфур на дизел горивото. Реалните интервали на сервисирање исто така зависат и од работните операции и одржувања.

Одобрени типови на масло

- John Deere Plus-50™ II

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company
Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- “Други масла” вклучува API CK-4, API CJ-4, ACEA E9, и ACEA E6

Користете анализа на гориво за да ја проценете состојбата на маслото и како помош во изборот на соодветниот интервал на сервисирање на маслото и филтерот. За повеќе информации за анализа на моторното масло, контактирајте го вашиот John Deere трговец или друг квалификуван оператор.

Променете го маслото и филтерот за масло еднаш на секои 12 месеци, дури и ако работните часови се помалку отколку препорачаниот интервал на сервисирање.

Содржината на сулфур во дизел горивото влијае врз интервалите на сервисирање на моторното масло и на филтерот. Повисоките нивоа на сулфур ги намалуваат интервалите на сервисирање на масло и филтер.

Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 15 mg/kg (15 ppm) е ЗАДОЛЖИТЕЛНА.

Интервали на сервисирање за маслото на мотор и филтер	
John Deere Plus-50™ II	400 работни часови
Други масла	250 работни часови
Анализата на масло може да го продолжи интервалот на сервисирање за “Други масла” до максимален интервал кој не го надминува интервалот за маслата Plus-50™ II. Анализа на масло подразбира земање на примероци во серија на 50-часовни интервали после поминат редовен сервисен интервал се додека или податоците покажат дека е изминат работниот век на маслото или е достигнат максималниот сервисен интервал на John Deere Plus-50 II маслата.	


Работата на моторот на голема надморска височина ги намалува интервалите на промена на маслото. За дополнителни информации видете сервисни интервали за масло на дизел мотор за работа на големи надморски височини.

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на моторот:


- **Намалете го интервалот на сервисирање на маслото и филтерот за 50% кога користите биодизелски мешавини поголеми од B20. Анализата на маслото може да дозволи подолги интервали на сервисирање**
- **Употребувајте само одобрени типови на масло**

OUO6075,0004926-A8-22MAR18

Oilscan™ и CoolScan™



T6828AB—UN—15JUN89



T6829AB—UN—26AUG11

Oilscan™ и CoolScan™ се програми на John Deere за земање примерок кои Ви помагаат во набљудувањето на перформансите на Вашата машина и во идентификувањето на можни проблеми пред тие да предизвикаат сериозни оштетувања.

